СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
*Основана 1922*
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA
*Founded 1922*

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО 2013 ГОДИНА




***Јануари 2014 година***
***С к о п ј е***

# СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Осумнаесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**24.01.2013 година**
• Предлог за донесување Закон за утврдување на роковите за исполнување на паричните обврски

**Деветнаесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**14.3.2013 година**
• Нови предлози за концепирањето на предлозите за донесување на: Закон за утврдување на роковите за паричните трансакции и Законот за поттикнување на инвестициите;
• Извештај на активностите на Стопанска комора на Македонија за 2012 година.

**Дваесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**11.4.2013 година**
• Насоки во врска со концепирањето предлози за подобрување на бизнис-климата и заживување на економските активности во втората половина на 2013 година;
• Финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2012 година;
• Информација за прописи од значење за бизнисот;
• Предлог-одлуки кои ги донесува Собранието на Стопанската комора на Македонија.

**Дваесет и прва седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**16.5.2013 година**
• Информација за краткорочните потреби на стопанството во долгорочните цели на енергетската политика;
• Дополнување на Насоките во врска со концепирањето на предлозите за подобрување на бизнис-климата;
• Информација за прописи од значење за бизнисот.

**Дваесет и втора седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**26.6.2013 година**
• Новите пазари - предуслов за пораст на извозот на македонското стопанство;
• Претстечајно порамнување - прв чекор кон зајакнување на финансиската дисциплина;
• Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на листите на арбитри на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија;
• Информација за прописи од значење за бизнисот.

**Дваесет и трета седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**24.9.2013 година**
• Предстечајно порамнување - прв чекор кон зајакнување на финансиската диспиплина;
• Извештај за реализирани и нереализирани барања на Стопанската комора на Македонија доставени до надлежните институции во првото полугодие од 2013 година;
• Информација за прописи од значење за бизнисот.

**Дваесет и четврта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**29.10.2013 година**
• Предлог-закон за утврдување на рокови за намирување на паричните обврски настанати при деловни трансакции;
• Новини во Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки;
• Информација за прописи од значење за бизнисот.

**Дваесет и петта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**28.11.2013 година**
• Предлог-правилник за организацијата и работењето на Стручната служба на Стопанската комора на Македонија;
• Предлог-програмски насоки за активностите на Стопанската комора на Македонија за 2014 година;
• Предлог- финансиски план на Стопанската комора на македонија за 2014 година;
• Предлог-одлуки кои ги донесува Собранието на Стопанската комора на Македонија;
• Парафискални давачки - оптоварување на македонските компании;
• Информација за прописи од значење за бизнисот;
• Предлог-закон за финансиска дисциплина - последна верзија.

# СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**11.4.2013 година**
**Деветта седница на Собранието**

- Извештај за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2012 година;
- Финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2012 година;
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на здруженијата според дејности во рамките на Стопанската комора на Македонија;
- Одлука за изменување на Одлуката за распишување избори за избор на претставници на здруженијата според дејности и на регионалните комори во Собранието на Стопанската комора на Македонија;
- Избори и именувања.

**12.12.2013 година**
**Десетта седница на Собранието**

- Излагање на господин Хато Бренер, експерт, AWI International Services GmbH, СР Германија, со поддршка на Партнерскиот проект ЦЕФТА- ДИХК, на тема: Продажба и маркетинг на меѓународни пазари со посебен осврт на СР Германија;
- Програмски насоки за активностите на Стопанската комора на Македонија за 2014 година;
- Финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2014 година;
- Избори и именувања.

# СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**12.02.2013 година**
**Деветта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

Елаборат на Централната пописна комисија за попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2012 година, со извештаите на пописните комисии

**21.3.2013 година**
**Десетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

Предлог-финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2012 година, со Извештај од спроведената ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2012 година

**26.11.2013 година**
**Единаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

1. Предлог-финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2014 година;
2. Предлог-одлука за спроведување на постапка за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2013 година.

# ШТО СОДРЖИ ИЗВЕШТАЈОТ:

1. Одржани 41 редовна прес-конференција и присуство на медиумите на 66 други настани.

2. Конституирана Регионалната комора со седиште во Кавадарци.

3. Новоформирани: 2 групации, 1 комисија и 1 асоцијација:
   - Групација за домување и управување со станбен и деловен простор;
   - Групација за водостопански претпријатија;
   - Комисија за документарно работење во рамките на Здружението на банкарството и
   - Асоцијација на концесионери на земјоделско земјиште во државна сопственост.

4. Одржани 119 состаноци и расправи за компаниите.

5. Над 69 активности на регионалните комори – Во рамките на активностите на регионалните комори посебно треба да се одбележат активностите што се реализираа со Македонска банка за поддршка на развојот во 4 регионални комори, каде што беа презентирани кредитните линии кои ги има МБПР, а се наменети за стопанството. Минатата година, на барање на компаниите, конституирана е Регионалната комора со седиште во Кавадарци. Исто така, некои од регионалните комори реализираа и меѓународни активности преку посети на стопанственици од други странски регионални комори на кои се организираа и бизнис-форуми.

6. Преку 30 меѓународни активности на Комората во рамките на разни програми, проекти и иницијативи.

7. Организирани 34 саемски манифестации и презентации во странство со учество на 219 лица.

8. Организирани 20 бизнис-форуми, 18 во земјата, 2 во странство.

9. Над 10 посети на дипломатско-конзуларни претставници во Комората.

10. Издадени 35 електронски изданија на „Бизнис Инфо“, во просек на околу 40 страници.

11. Објавени 40 електронски „Бизнис огласник“, во просек со по 30 страници.

12. Објавени 10 броја на „Информатор“, во печатено колор-издание, на македонски и на англиски јазик, во просек по 52 страници.

13. Реализирани 72 семинара од страна на Центарот за едукација и развој на човечки ресурси на кои учествуваа 1727 учесници.

14. Вкупно 31 покровител на Стопанската комора на Македонија во 2013 година.

15. Издадени 73 веб-сертификати Sme Excellent – нов документ што го издава Стопанската комора на Македонија од април 2013 година.

16. Издадени документи од Бизнис канцеларија:

   - 1390 сертификати за потекло на производите (Форм А);
   - 10.034 сертификати за потекло на производите (Ориги);
   - 439 АТА-карнети;
   - 20 потврди за ексклузивитет;
   - 1 потврда за слободна продажба;
   - 1 потврда за единствен производител;
   - 26 потврди за производител;
   - 8 потврди за членство во Комората;
   - 167 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
   - 22 мислења за исполнување на економските услови.

# ОДРЖАНИ РЕДОВНИ ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИИ
## *(секој понеделник во 11:00 часот)*

**14 јануари 2013 година**
АСОЦИЈАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИТЕ ЖЕНИ-ПРЕТПРИЕМАЧИ ЖЕНИ БИЗНИС-ЛИДЕРИ

**21 јануари 2013 година**
ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ХАЛАЛ-СИСТЕМОТ, ВО ФУНКЦИЈА НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ ИЗВОЗ

**28 јануари 2013 година**
ИНТЕЛИГЕНТНА ЕНЕРГИЈА - ЦИП 2013 - МОЖНОСТИ ЗА НОВИ ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО

**4 февруари 2013 година**
АКТУЕЛНИ ПРАШАЊА ЗА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА – ТЕМА НА РАСПРАВА ВО ТЕКОТ НА 2013 ГОДИНА

**11 февруари 2013 година**
СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ ВОЗАЧИ И НА УПРАВИТЕЛИ – НОВА УСЛУГА НА КОМОРАТА

**18 февруари 2013 година**
ДОДЕЛУВАЊЕ ПРИЗНАНИЈА НА КОМПАНИИ КОИ ИМААТ ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ ВО УСЛОВИ НА КРИЗА И КОМПАНИИ ОД РМ КОИ ИМААТ ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ ВО СТРАНСТВО - НАСТАН ПО ПОВОД 91-ГОДИШНИНАТА ОД ОСНОВАЊЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**25 февруари 2013 година**
ЦЕНОВНИОТ ДИСПАРИТЕТ МЕЃУ УВОЗНОТО И ДОМАШНОТО БРАШНО - НАЈГОЛЕМ ПРОБЛЕМ ЗА МЕЛНИЧАРИТЕ

**4 март 2013 година**
МОЖНОСТ ЗА КВАЛИФИКАЦИЈА И ПРЕКВАЛИФИКАЦИЈА НА КАДАР ПРЕКУ ВЕРИФИЦИРАНИ ПРОГРАМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ - ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ПРВИТЕ ВЕРИФИЦИРАНИ ПРОГРАМИ И ЛИЦЕНЦИРАНИ ИНСТИТУЦИИ

**11 март 2013 година**
КОНЕКТИВНА ЕВРОПА – ОДГОВОР НА ЦЕФТА-РЕГИОНОТ (ПАНЕВРОПСКИТЕ КОРИДОРИ 8 И 10 - АРТЕРИИ НА ЦЕФТА)

**18 март 2013 година**
ОСИГУРУВАЊЕТО НА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ - КАКО ПОВОЛНОСТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА АГРО-ПРОЕКТИТЕ

**25 март 2013 година**
ПРОЕКТ НА УСАИД ЗА ИНДУСТРИСКИ МЕНАЏМЕНТ - СИСТЕМ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА И ТРОШОЦИТЕ ЗА ЕНЕРГИЈА (ISO СТАНДАРД МКС EN ISO 50001:2011)

**1 април 2013 година**
КОНДИТОРСКАТА ИНДУСТРИЈА - УСПЕШНА ВО ПАЗАРНАТА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА

**8 април 2013 година**
ПРОИЗВОДСТВОТО НА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ - ЗАВИСНО И ОД ДОПРЕЦИЗИРАЊЕТО НА ЗАКОНИТЕ

**15 април 2013 година**
ЦЕНТАР ЗА ТРЕТИРАЊЕ НА ПОЛИХЛОРИРАНИТЕ БИФЕНИЛИ (ПХБ), ЕДИНСТВЕН ВО РЕГИОНОТ, ИНСТАЛИРАН ВО КОМПАНИЈАТА „РАДЕ КОНЧАР–СЕРВИС“ - СКОПЈЕ

**22 април 2013 година**
МЕЃУНАРОДНА ПРЕПОЗНАТЛИВОСТ И АКТИВНОСТ НА MIFA ПРЕКУ ЕВРОПСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ШПЕДИЦИЈА, ТРАНСПОРТ, ЛОГИСТИКА И ЦАРИНСКИ УСЛУГИ - CLECAT

**29 април 2013 година**
МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВНА ФИТОСАНИТАРНА ЛАБОРАТОРИЈА (ДФЛ) - ПРВА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА СО АКРЕДИТАЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАТИ АНАЛИЗИ

**7 мај 2013 година**
ИТНО ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА НА ЗЕЛЕНИ ПАЗАРИ, КАКО РЕШЕНИЕ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА „СИВАТА“ ЕКОНОМИЈА

**13 мај 2013 година**
НОВИ ЗАНИМАЊА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ ВО ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР (BUILD UP SKILLS MK)

**20 мај 2013 година**
ЗАЕДНИЧКИ ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОД ОД ЗЕМЈИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА НАМЕНЕТ ЗА ТРЕТИ ПАЗАРИ

**27 мај 2013 година**
ЦЕФТА - РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ВО КОНТЕКСТ НА ВЛЕГУВАЊЕТО НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА ВО ЕУ И ЕФЕКТОТ ВРЗ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3 јуни 2013 година**
СОСТОЈБИТЕ ВО МЕЛНИЧКО-ПЕКАРСКАТА ИНДУСТРИЈА ПРЕД ЖЕТВАТА 2013 ГОДИНА

**10 јуни 2013 година**
ПРОИЗВОДНИТЕ И ИЗВОЗНИ АКТИВНОСТИ НА МЕТАЛУРШКИОТ СЕКТОР ПОД ВЛИЈАНИЕ НА ГЛОБАЛНИТЕ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**17 јуни 2013 година**
ПОВИК НА CIP ЗА ЕКО-ИНОВАЦИИ 2013 ГОДИНА

**24 јуни 2013 година**
ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА – ПРАВЕН ОСНОВ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА

**1 јули 2013 година**
НАСТАПОТ НА НОВИ ПАЗАРИ - ПРЕДУСЛОВ ЗА РАСТ НА ИЗВОЗОТ

**8 јули 2013 година**
СТАРТУВА II ФАЗА ОД ПАРТНЕРСКИОТ ПРОЕКТОТ ЦЕФТА – ДИХК 2013-2016 – (ГЕРМАНСКАТА ВЛАДА ПРОДОЛЖУВА ДА ЈА ПОДДРЖУВА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЦЕФТА 2006)

**2 септември 2013 година**
РЕИНДУСТРИЈАЛИЗАЦИЈАТА МОРА ДА ПРОДОЛЖИ

**10 септември 2013 година**
ИНДОНЕЗИЈА –258 МИЛИОНСКИ ПАЗАР ДОСТИЖЕН И ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ

**16 септември 2013 година**
КАЗНИ ЗА НЕСООДВЕТНИОТ ТРЕТМАН НА ОПАСНИОТ ОТПАД (АКУМУЛАТОРИ, БАТЕРИИ, ГУМИ)

**23 септември 2013 година**
ПРАВИЛНИК ЗА БАРАЊАТА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТ НА МЕЛЕНО МЕСО, ПОДГОТОВКИ ОД МЕСО И ПРОИЗВОДИ ОД МЕСО

**30 септември 2013 година**

СОСТОЈБИТЕ ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА СО АКЦЕНТ НА НОВАТА ЛАБОРАТОРИЈА ЗА КВАЛИТЕТ

**7 октомври 2013 година**

КОНЗЕРВНАТА ИНДУСТРИЈА СО ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ПОРАСТ НА ИЗВОЗОТ НА ПРЕРАБОТКИ ОД ЗЕЛЕНЧУК И ОВОШЈЕ

**14 октомври 2013 година**

ПОВЛЕЧЕНИОТ ПРЕДЛОГ-ЗАКОН ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ - АРГУМЕНТ ЗА ПОСТОЈАНОТО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНО-ПРИВАТНИОТ ДИЈАЛОГ

**21 октомври 2013 година**

ИНФОРМАТИЧКО-КОМУНИКАЦИСКИТЕ ТЕХНОЛОГИИ - ЗНАЧАЕН СЕГМЕНТ ВО ИНФРАСТРУКТУРАТА НЕОПХОДНА ЗА РАЗВОЈ НА ЕКОНОМИЈАТА

**28 октомври 2013 година**

ПРВ РЕГИОНАЛЕН ФОРУМ НА ГУВЕРНЕРИ, МИНИСТРИ ЗА ФИНАНСИИ И ЗДРУЖЕНИЈА НА БАНКАРСТВОТО ОД ЗЕМЈИТЕ ВО РЕГИОНОТ И ВТОР БАНКЕКСПО ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА БАНКАРСТВОТО ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**4 ноември 2013 година**

ЗАШТИТАТА НА ЗДРАВЈЕТО И БЕЗБЕДНОСТА НА ВРАБОТЕНИТЕ, ПРИОРИТЕТ НА КОМПАНИИТЕ СОГЛАСНО OHSAS 18001

**11 ноември 2013 година**

СРЕДБА СО М-Р ДИМИТАР БОГОВ, ГУВЕРНЕР НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЧЛЕНКИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА - ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ПРОЕКЦИИТЕ НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НАРЕДНИОТ ПЕРИОД

**18 ноември 2013 година**

НЕРЕШЕНИОТ СТАТУС НА ЗЕМЈИШТЕТО НА ОРАНЖЕРИИТЕ И СКАПИТЕ ЕНЕРГЕНСИ - АКТУЕЛНИ ПРОБЛЕМИ ВО ДОМАШНОТО ОРАНЖЕРИСКО ПРОИЗВОДСТВО

**2 декември 2013 година**

ИНИЦИЈАТИВА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА БАНАРСТВОТО ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА НАШИТЕ ЗАБЕЛЕШКИ ПО ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ПРОЦЕНКА ВО НАСОКА НА ПОДДРШКА НА КРЕДИТИРАЊЕТО ВО РМ ПРЕКУ НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ И ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ

**10 декември 2013 година**

ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИЈА СО РАКОВОДСТВОТО НА СОЛУНСКОТО ПРИСТАНИШТЕ, СО ОБРАЌАЊА НА БРАНКО АЗЕСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА И ЈАНИС БУТАРИС, ГРАДОНАЧАЛНИК НА СОЛУН

**16 декември 2013 година**

ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, СО ЦЕЛ ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА МЕЃУСЕБНАТА СОРАБОТКА ВО НАСОКА НА ОРГАНИЗИРАНО ДЕЛУВАЊЕ И ПРЕЗЕМАЊЕ АКТИВНОСТИ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА АДЕКВАТНА ПОДДРШКА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ И ЛИЦА КОИ СЕ НАОЃААТ ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ИНТЕРЕСИТЕ НА ЧЛЕНКИТЕ

**14.01.2013 година**

**Промовирана новоформираната Асоцијација на македонските жени претприемачи -„Жени бизнис- лидери" во Стопанската комора на Македонија - ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОЗИЦИЈАТА НА ЖЕНАТА ВО БИЗНИС-ХИЕРАРХИЈАТА**

Новата Асоцијација беше промовирана на прес-конференција во Стопанската комора на Македонија (14.01.2013 година). Асоцијацијата е формирана во декември 2012 година со вкупно 45 членки. Снежана Јовановска Трајковска, претседател на Асоцијацијата и првата жена-претприемач, сопственик на туристичката агенција „Орфеј", укажа дека нема поделба на мажи и жени во претприемништвото, туку поделбата е сведена на успешни и неуспешни бизнисмени. Асоцијацијата има за цел да направи добра мрежа меѓу македонските жени бизнис-лидери во секој поглед. - Ова не е уште еден тип на женско здружување, туку на успешни жени-претприемачи чии звучни имиња се преточени во брендови на македонското стопанство, - истакна Снежана Јовановска Трајковска. Мирјана Марковска истакна дека во Македонија има жени-претприемачи и дека идејата преку оваа Асоцијација е да се изградат и зајакнат капацитетите на женското лидерство во Македонија, бидејќи има многу простор за поголема активност на жените-претприемачи во земјава.

**17.01.2013 година**

**Предупредување на Групацијата на мелничко-пекарската индустрија - УВОЗОТ НА СРПСКО БРАШНО ГИ ЗАГРОЗУВА ДОМАШНИТЕ МЕЛНИЧАРИ**




Согласно Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој за периодот 2013-2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр.134 од 31.10.2012 година) еден од владините принципи на програмирање на политиките на поддршка за периодот 2013-2017 година е ориентираност кон постигнување на подобрени резултати на зголемено земјоделско производство и повисок квалитет на производите преку поврзување на висината на директните плаќања по единица производ со квалитетот на производот при откупот. Ова е основа за предлог од страна на членките на Групацијата за 2013 година да се предвидат буџетски средства за откупена пченица од родот 2012 година, наменета за мелничките претпријатија кои извршија откуп на пченица по откупна цена од минимум 15,00 ден/килограм и тоа со следните висини на поддршка во зависност од квалитетот: 5,00 ден/кг со ДДВ за прва класа; - 4,00 ден/кг со ДДВ за втора класа и - 3,00 ден/кг со ДДВ за трета класа.

**18.01.2013 година**

**Здружението на производителите на тутун и производи од тутун - МАКЕДОНИЈА СО СВОЈ ПРЕТСТАВНИК ВО РАБОТНАТА ГРУПА ЗА ЧЛЕН 17 И 18 ОД РАМКОВНАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА КОНТРОЛА НА ТУТУН**

Здружението на производителите на тутун и производи од тутун при Стопанската комора на Македонија на 17.01.2013 година ја одржа својата редовна седница. Излагање имаше претставникот од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Лидија Кастратовиќ, која детално ги информираше присутните за Петтата седница на Конференцијата на земјите потписнички на Рамковната конвенција за контрола на тутун (РККТ) на Светската здраствена организација - СЗО (COP5) која се одржа во Сеул, Република Кореја, од 12 до 17 ноември 2012 година. На предлог од компаниите за избор на претставник од Република Македонија, кој би земал учество во работната група за членовите 17 и 18 за да ги застапува интересите на Здружението на производителита на тутун и производи од тутун, едногласно беше избрана Лидија Кастратовиќ.

**25.01.2013 година**

**Групацијата на производители на заштитни врати - ОТПОЧНА ИСПИТУВАЊЕТО НА ЗАШТИТНИ ВРАТИ ВО АКРЕДИТИРАНА ЛАБОРАТОРИЈА**

На седницата на Групацијата на производители на заштитни врати при Стопанската комора на Македонија одржана на 25.01.2013 година се расправаше за постапките за атестирање на заштитни врати во ново формираната лабораторија, како и за постојната нелојална конкуренција. На состанокот беше констатирано дека Државниот пазарен испекторат отпочна да врши контрола кај производителите на заштитни врати и кај увозниците на истите. Овој чекор следува по иницијативата поднесена од Групацијата на производители на заштитни врати.

**25.01.2013 година**

**Бизнис-средба во Регионалната комора со седиште во Кичево со Трговското аташе на Република Турција во Македонија – ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА СО ТУРЦИЈА, НАЈАВА ЗА ОТВОРАЊЕ ФИЛИЈАЛА НА ХАЛК БАНКА ВО КИЧЕВО**

На 24.01.2013 година Регионалната комора со седиште во Кичево, во соработка со локалната самоуправа од Општина Кичево, оствари бизнис-средба со госпоѓа Шенол Туркилмаз, трговско аташе од Амбасадата на Република Турција во Македонија, како и господин Турхан Адеми, директор на дирекција на Халк банка. Оваа е моја прва покана и посета на Регионалната комора со седиште во Кичево, - изјави госпоѓата Шенол Туркилмаз, изразувајќи голема благодарност за топлиот амбиент кој е многу сличен со Турција. Градоначалникот на Кичево, Благоја Деспотоски, пред Делегацијата ги презентираше ТИРС-индустриските зони, приоритетите на регионот за економски развој, со цел натамошна соработка и развој. Господин Турхан Адеми од Халк Банка, најави отворање на филијала на ХАЛК БАНКА во Кичево, со што се надеваат дека со нивното доаѓање во Кичево ќе се привлечат повеќе инвестиции.




**29.01.2013 година**

**Здружение на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите - ПОДДРЖАНА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА НОРМИРАЊЕ НА ВИШОКОТ НА КАЛО И РАСТУР**

Здружението расправаше по заклучокот на Владата за предлагање на нормативи за кало и растур во градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите, што беше поздравен и поддржан. Со нивно донесување ќе се овозможи регулирање на вишокот растур и крш што се јавува во текот на самото производство, како пред државните органи, посебно пред УЈП, така и пред инвеститорите.

**30.01.2013 година**

**Групацијата за гробишта и погребални услуги со барање - РЕМОНТ НА ЗАКОНОТ ОД 2008 ГОДИНА БИДЕЈЌИ НЕ ФУНКЦИОНИРА!**

Групацијата за гробишта и погребални услуги бара измени и дополнувања на Законот за гробишта и погребални услуги донесен во 2008 година, бидејќи повеќе од 4 години комуналните претпријатија се соочуваат со проблеми во имплементација на истиот.

На седницата беше избрано и ново раководство. За претседател на групацијата е избран Сашо Наќев директор на ЈП „Погребални услуги“ од Свети Николе, а за негов заменик раководителот на секторот на погребални услуги од ЈП „Дервен“ од Велес, Ганчо Цуинов. Беше предложено и едногласно усвоено, Групацијата на гробишта да се преименува во Групација за гробишта и погребални услуги согласно името на новиот закон кој ја дефинира работата на оваа дејност.

**31.01.2013 година**

**Состанок на Здружението на текстилната индустрија и конфекцијата со претставници на Кабинетот на вицепремиерот за економски прашања во Владата на Република Македонија - ИТНИ МЕРКИ ЗА СПАС НА ДЕЈНОСТА**

На барање на текстилни компании-членки на Здружението на текстилната индустрија и конфекцијата при Стопанската комора на Македонија, на 31.01.2013 година, се одржа состанок со претставници на Кабинетот на вицепремиерот за економски прашања во Владата на Република Македонија, на кој се расправаше за состојбата и за тековните движења на текстилната индустрија, како за и проблемите со кои се соочува оваа стопанска гранка. Согласно расправата која се водеше со претставниците од Владата, текстилните компании ги доставија следниве барања и заклучоци: да се обезбедат финансиски средства за субвенционирање при набавка на нова автоматизирана опрема наменета за производство; да се намалат царинските давачки за увоз на репроматеријали од земјите надвор од ЕУ, кои сега се 10% или пак да се изедначат со стапките на ЕУ за увоз на репроматеријали на 7,5%, со што би се зголемила конкурентноста на македонските производи во Унијата, а со тоа и на извозот; преземање на сериозни мерки за спречување на „сивата“ економија и нелојалната конкуренција од увозот на стоки без царина за домашниот пазар по дампинг цени, шверцот на текстилни производи и нивна продажба на зелените пазари од нерегистрирани субјекти.

**4.02.2013 година**

**Одржан семинар за Законот за минерални суровини - ОПСЕРВИРАНИ ПРОМЕНИТЕ ВО ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА**

Во организација на Комората, се одржа еднодневен семинар за најновите законски решенија за Законот за минералните суровини. Во најновите измени, вградени се решенија кои се однесуваат на просторот, периодот на доделување на концесија за детални геолошки истражувања, скратување на самата процедура околу добивањето на концесијата. Надзорот се спроведува од инспекторите од ДИТИ. Предвидените глоби се доста високи, па затоа се препорача компаниите да ги почитуваат законските одредби.

**7.02.2013 година**

**Барање на Здружението на угостителството и туризмот - НАМАЛУВАЊЕ НА ДАНОКОТ НА УСЛУГИТЕ ВО УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ**



Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија на седница, со која раководеше претседателот Снежана Јовановска Трајковска, донесе неколку значајни одлуки за унапредувањето на работата на компаниите од угостителството, ресторантите, туристичките агенции и хотелиерството. Намалувањето на данокот на услугите при подготвувањето на храна и вршењето на услугите во прехраната во угостителските објекти и подготвувањето и послужувањето на безалкохолните пијалаци, вината и пивото во тие објекти, се вистинската поддршка која ја бара Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија

**7.02.2013 година**

**Промоција на новото јавно овластување на Стопанската комора на Македонија - СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ ВОЗАЧИ И УПРАВИТЕЛИ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ**

Стопанската комора на Македонија преку неколку регионалните комори (Штип, Прилеп, Гостивар.) врши презентација на најновото јавно овластување добиено од Министерството за транспорт и врски за стручно оспособување на меѓународни возачи и на управители во патниот сообраќај. - По завршената обука, кандидатите добиваат потврда која им е потребна за пријавување испит за добивање сертификат, односно за продолжување на важноста на веќе добиениот сертификат (за возачите), - изјави Митко Митевски на прес-конференција во Регионалната комора со седиште во Прилеп. Стручното оспособување е наменето за сите возачи што вршат превоз на патници или стоки во меѓународниот патен сообраќај, без разлика на основната дејност, како и за управителите на транспортните фирми или од нив овластени лица одговорни за превоз во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај.



**7.02.2013 година**

**Регионалната комора со седиште во Битола - еден од организаторите на Конференцијата „Како до пари за финансирање на Вашиот бизнис?" - КОНСУЛТАЦИИ И ПОМОШ ВО КОРИСТЕЊЕТО НА ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ**

Во организација на Центарот за развој на пелагонискиот плански регион, со поддршка на УСАИД и во соработка со Бизнис старт ап центарот, Преда плус и Регионалната комора со седиште во Битола, на 6 февруари 2013 година, во Битола се одржа Конференција за можностите за финасирање на претпријатијата: „Како до пари за финансирање на Вашиот бизнис?" Пред присутните се обратија директорката на Центарот за развој на пелагонискоит плански регион, како и директорот на Секторот за економски раст и развој при УСАИД.

**13.02.2013 година**

**Конститутивна седница на Регионалната комора со седиште во Кавадарци при Стопанската комора на Македонија - МОЖНОСТ НА ПОДИРЕКТЕН НАЧИН ДА СЕ УЧЕСТВУВА ВО КРЕИРАЊЕТО НА СТОПАНСКАТА ПОЛИТИКА**

Во градот на грозјето и виното беше одржана конститутивна седница на Регионалната комора со седиште во Кавадарци при Стопанската комора на Македонија (13.02.2013 година). Станува збор за 16-та регионална комора во земјава. На седницата, на којашто присуствуваше и претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески, беше оценето дека Вардарскиот плански регион, во кој се отвора оваа регионална комора е пример кон кој треба да тежнее целата држава, бидејќи 53 отсто од БДП го создаваат производните дејности. - Овој регион во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 22 до 24 отсто, а на страна на увозот само со 6 до 8 отсто. - Во вашиот регион има четири до пет компании кои се гордост на македонскиот извоз и треба да претставуваат пример за сите останати, - им порача Бранко Азески на присутните на конститутивната седница.




За претседател на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Кавадарци едногласно беше избран бизнисменот Митко Јанчев од „Кожувчанка експорт - импорт" - Кавадарци, а за потпретседатели беа избрани Никола Наумов од „Градба промет" - Кавадарци и Славчо Јорданов од „КИМ" ДООЕЛ - Неготино.

**14.02.2013 година**

**Делегација од Регионалната комора со седиште во Прилеп и локалната самоуправа во посета на Истанбул - ТУРСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ПРЕРАБОТКА НА МЕРМЕРИ, ГРАНИТИ И РЕЦИКЛИРАЊЕ НА СЕКУНДАРНИ СУРОВИНИ**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и локалната самоуправа делегација од Прилеп престојуваше во Истанбул на 11 и 12 февруари 2013 година. Делегацијата ја предводеа градоначалникот на Прилеп, Марјан Ристески и извршниот директор на Регионалната комора, Ристо Најдоски. Во организација на Македонско-турскиот деловен совет, во просториите на ДЕИК, пред голем број турски стопанственици и потенцијални инвеститори, беше одржана презентација на поволностите за инвестирање во Прилеп во Технолошко-индустриската развојна зона „Алинци", во индустриските зони Прилеп 1, Прилеп 2 , потоа за инвестирање во градежништвото за изградба на станбената населба „Градина", изградба на приватна болница и високошколска установа и др.

**18.02.2013 година**

**Стопанската комора на Македонија ја одбележа 91-та годишнина од своето постоење - ПОТРЕБНИ СЕ МНОГУ ПОВЕЌЕ ХРАБРИ МЕНАЏЕРИ КОИ ИНВЕСТИРААТ ВО КРИЗНИ ВРЕМИЊА**




Стопанската комора на Македонија ја одбележа 91-та годишнина од своето постоење со пригодна свеченост во Стопанската комора на Македонија. Стопанската комора на Македонија, пред две години токму на овој ден го промовираше новиот модел за економски развој на нашата држава. Централно место во него заземаше определбата за зголемување на производството и извозот, значи, токму она што присутните компании го прават во изминатите години во услови на криза. Денес,

македонската економија егзистира во  услови на три високи диспропорции: производството и потрошувачката,  увозот и извозот и активното и издржуваното население. Ако на тоа се додаде секојдневното зголемување на влезните трошоци, а намалување на продажните цени на стоките и услугите, на секој наш граѓанин ќе му биде совршено јасно каков успех постигнало денешното друштво во Стопанската комора на Македонија, – додаде  Азески. -  Фактот дека констатираните слабости во македонската економија ќе мора да се менуваат во интерес на иднината, го потврдува значењето на изнесените инвестициони зафати, без разлика дали се домашни или странски.

**22.02.2013година**

**Регионалната комора со седиште во Скопје расправаше со претставници на „ЕВН Македонија“ за снабдувањето на компаниите со електрична енергија - ЗАЕДНИЧКИ ВО РЕШАВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИТЕ ПРОБЛЕМИ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА РАЗВОЈНИТЕ ПЛАНОВИ**

На проширена седница на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Скопје, што се одржа на 21.02.2013 година, а со која претседаваше претседателот д-р Горан Рафајловски, се дискутираше за развојните планови на „ЕВН Македонија“ и решавање на актуелните проблеми во снабдувањето со електрична енергија на стопанските субјекти. На состанокот присуствуваа и во дискусијата учествуваа и повеќе претставници на „ЕВН Македонија“. Претставниците на фирмите позитивно ја оценија потребата од одржување на ваков состанок, бидејќи регионот на Скопје доминира во потрошувачката на електрична енергија во Македонија и тие се доста заинтересирани да имааат информации за развојните планови на „ЕВН Македонија“.

**22.02.2013година**

**Регионалната комора со седиште во Битола учесник во обуката за „Политики за развој на малите и средни претпријатија“ во Осака и Токио - ПОТТИК ЗА МАЛИТЕ И СРЕДНИ БИЗНИСИ СПОРЕД ЈАПОНСКИ МОДЕЛ**

Во рамките на техничката соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Јапонија, претставници од Република Македонија зедоа учество во обуката, што се реализира во Јапонија, на тема: „Политики за развој на малите и средни претпријатија“ (Small and Medium Enterprise Development Policies ).

Посетата се оствари во регионите на Осака и Токио во Јапонија, од 20 јануари до 16 февруари 2013 година. Стопанската комора на Македонија како учесник во делегацијата беше претставена од страна на Регионалната комора со седиште во Битола.

Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA) е државна агенција формирана од Владата на Јапонија, која има за цел да придонесе за промоција на меѓународната соработка, како и здравиот развој на јапонската и глобалната економија со поддршка на социо-економскиот развој.

**25.02.2013 година**

**Здружението на угостителството и туризмот на Саемот за туризам во Белград  - договорени заеднички активности во областа на туризмот во земјите од Југоисточна Европа - РЕГИОНОТ СЕ ПРЕТВОРА ВО ЗАЕДНИЧКИ БРЕНД**

Во организација на Здружението на угостителството и туризмот и Enterprise Europe Network при Стопанската комора на Македонија, на 22 февруари 2013 година, се одржаа меѓународни бизнис-средби на компании од областа на туризмот во рамките на Меѓународниот саем за туризам во Белград. Целта на средбите е вмрежување и воспоставување бизнис-соработка меѓу компаниите од туристичката индустрија.

Десет македонски компании ја искористија можноста за воспоставување бесплатни контакти и бизнис-релации со тур-оператори, туристички агенции, организатори, хотели, ресторани, хостели, ски-ресорти, спа-центри и други туристички работници од регионот и од Европа. На бизнис-средбите тие обезбедија директни средби со потенцијални партнери, информации за новитетите и трендовите во туризмот, го промовираа бизнисот и ги споделија искуствата.

**25.02.2013 година**

**Ценовниот диспаритет најголем проблем за мелничарите – ФИНАНСИСКИ КОЛАПС ПОРАДИ НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА ОД ЕВТИНОТО УВОЗНО БРАШНО**




Поради зголемениот увоз на евтино брашно во Македонија, стопираниот откуп на пченица од домашно производство, како и ниските увозни цени на брашното кои сериозно го нарушуваат пазарот на брашното од кое зависи и откупот на домашната пченица и откупната цена, членките на Групацијата предлагаат мерки кои системски се подолгорочни, со поголем опфат на субјектите кои се чинители на пазарот и ќе влијаат позитивно на конкурентноста на мелничката индустрија, а со тоа и на производството и откупот на житните култури: - итна средба со сите надлежни институции со цел изнаоѓање соодветно решение со кое би се заштитила

домашната мелничко-пекарска индустрија; - зајакната контрола при увозот на брашно на граничните премини како контрола на декларираниот производ кој се увезува,  да не се пушта во промет увезеното брашно и пченица се` додека не се извршат сите потребни анализи, а до тогаш истите да бидат под царински надзор; - воведување маркици за брашното кое се става во промет на пазарот; - навремено снабдување на Бирото за стоковни резерви со пченица со количина од 60-80.000 тони кои би биле пуштени во продажба пред крајот од годината по пазарна цена; - согласно Договорот со СТО, предвидената квота за увоз на пченица од 80.000 тони е доволна, но преработувачите предлагаат истиот да започне да се применува по жетвата, односно од средината на месец јули и да трае преку цела година.

**26.02.2013 година**

**Стопанската комора на Македонија во посета на „Џонсон Контролс Македонија“ и „Кемет Електроникс“ – ИМА МЕСТО ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНАТА И БИЗНИС-КЛИМАТА**

Претставници на Стопанската комора на Македонија ја посетија технолошко-индустриската развојна зона „Бунарџик“ (21.02.2013) и дел од компаниите кои градат успешна приказна во неа. „Џонсон Контролс“ е веќе пет години присутен на македонскиот пазар, во делот на производство на делови за автомобилската индустрија. Од разговорот воден со Макрам Гхриби, директор на „Џонсон Контролс Македонија“, произлегува дека оваа компанија се соочува со одредени проблеми во тековното работење, како, на пример, лошата транспортна инфраструктура во Македонија, со што компанијата е оневозможена да обезбеди поедноставен и побрз транспорт на своите производи до државите каде извезува, односно од каде што увезува, па се користат алтернативни патишта преку Бугарија, Романија, Унгарија кон западна и централна Европа. За нив една од пречките се и локалните добавувачи со кои сакаат да соработуваат, но поради превисоките цени кои им се нудат, оваа соработка е оневозможена.

Американската компанија „Кемет електроникс“ официјално го почна своето производство во фабриката во ТИРЗ Скопје, на 1 јули 2012 година. Извршниот директор на „Кемет Електорникс“ - Македонија, Гвидо Галени истакна дека нивните производи (кондензатори за електронски компоненти) кои се користат во авионската, воената, автомобилската и друга индустрија, се целосно наменети за пазарите во Азија и Европа. На состанокот со Гвидо Галени се разговараше за моменталната состојба на компанијата во Македонија во ТИРЗ Скопје 1.

**27.02.2013 година**

**Здружението на металната и електроиндустријата го поддржа Предлогот за донесување закон за поттикнување на инвестициите - ПОТТИК ЗА ДОМАШНИТЕ ИНВЕСТИТОРИ И РАМНОМЕРНИОТ РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ**

На седницата на Здружението на металната и електроиндустријата, одржана на 27.02.2013 година, се расправаше по Предлогот за донесување закон за поттикнување на инвестициите. Притоа, се истакна дека Комората до Владата на Република Македонија ќе го достави споменатиот Предлог за донесување закон со кој треба да се дадат стимулации за поттикнување на инвестициите, што ќе се врши преку царински даночни олеснувања и развојот на целата територија на државата.  Со него, воедно не се прави разлика меѓу домашните и странските инвеститори, со што ќе се поттикнат домашните производни стопански субјекти да ги засилат своите инвестициони активности,  да се овозможи пораст на бруто домашниот производ вкупно и по глава на жител, пораст на производството и извозот, зголемување на вработеноста и регионална рамномерна вработеност и други поволности.

**27.02.2013 година**

**Седници на регионалните комори со седиште во Гевгелија и во Струмица - ПРЕЗЕНТИРАН ПРЕДЛОГОТ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ЗАКОН ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИТЕ**

Во регионалните комори со седиште во Гевгелија и во Струмица, на 26.02.2013 година беше одржана презентација на Предлогот за донесување закон за поттикнување на инвестициите, што го подготвува Стопанската комора на Македонија. Воедно, беше извршен и избор на нови членови на Собранието на Стопанската комора на Македонија од регионалните комори со седиште во Гевгелија и во Струмица.

Со седниците претседаваа претседателите на регионалните комори со седиште во Гевгелија и Струмица, Трајко Гогов и Трајче Заев. Пред присутните стопанственици во регионалните комори, Стојмирка Тасевска, виш советник на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, го презентираше Предлог-законот за поттикнување на инвестициите. Притоа, таа истакна дека Комората ќе и` предложи на Владата на Република Македонија да се дадат стимулации за поттикнување на развојот на територијата на целата држава, преку даночни олеснувања и помош на фирмите кај кои е неопходно усовршување на вработените.

**28.02.2013 година**

**Делегација на Кралево и Валево во посета на општините Битола и Прилеп - ЗАЕДНИЧКИ ПРЕД ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ**

Делегација од општините Кралево и Валево, предводени од градоначалниците и претставници на стопанските комори, на 26 и 27 февруари 2013 година, со своите домаќини одржаа заеднички бизнис-форуми во Битола и во Прилеп.
Стопанствениците од Кралево и од Валево ја посетија и индустриската зона „Жабени“, а на заедничкиот Бизнис-форум ги детализираа перспективите за идна соработка. Првите луѓе на трите општини, заедно со претставници од бизнис-секторот преку посебно институционално тело ќе ги креираат и ќе ги промовираат условите за развој на овој географски регион. Овој Македонско-српски бизнис-форум го организираа четирите општини, а со посредство на македонскиот амбасадор во Србија и македонското Министерство за надворешни работи. Во вториот ден од посетата гостите ја посетија Општина Прилеп.

**5.3.2013 година**

**Македонската енергетска асоцијација одржа воведен семинар за „Примена на правилата за пазар на електрична енергија“ - НАВРЕМЕНИ ПОДГОТОВКИ ЗА ДА НЕМА ОДРАЗ НА ЦЕНАТА**



Поаѓајќи од потребата за успешна практична примена на Законот за енергетика и на подзаконските акти, како и на Правилата за пазар на електрична енергија од страна на сите учесници на пазарот на електрична енергија, Македонската енергетска асоцијација при Стопанската комора на Македонија во соработка со Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, одржа воведен семинар. Темата беше токму „Примена на правилата за пазар на електрична енергија“ (5.3.2013 година). Следниот чекор на либерализацијата на пазарот на електрична енергија, со којшто уште 136 компании се стекнуваат со статусот квалификуван потрошувач, не би требало да предизвика негативен импакт на цената на електричната енергија кај нив. - Но, за тоа е потребна навремена подготовка на сите учесници на пазарот на електрична енергија, - истакна претседателот на Македонската енергетска асоцијација, д-р Кочо Анѓушев. - Токму во таа насока е и воведниот семинар, по којшто ќе следат натамошни активности за подготовка на компаниите за успешно излегување на пазарот на електрична енергија.

**6.3.2013 година**

**Стопанската комора на Македонија преку своите регионални канцеларии со седиште во Битола и Охрид учествуваше на завршната конференција на Проектот ТАКСО - ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ**

Стопанската комора на Македонија преку своите регионални канцеларии во Битола и Охрид учествуваше на завршната конференција на Проектот ТАКСО (TACSO) - Градење на капацитетите на граѓанските организации, што се одржа на 5 март 2013 година во Скопје. Основната цел на Проектот: Техничка помош за граѓанските организации (TACSO) е да го зајакне граѓанското општество во рамките на партиципативната демократија, да поттикне поволно опкружување и култура за граѓанското општество, како и да ги зајакне капацитетите и целокупната одговорност на граѓанските организации во рамките на ИПА-корисниците (Западен Балкан и Турција), за да се гарантира квалитетот на услугите на граѓанските организации и нивна одржлива улога во демократските процеси.

**7.3.2013 година**

**Здружение на индустријата за преработка на дрво и производство на мебел - БЕЗ СЕРТИФИЦИРАНИ ШУМИ НЕМА ДА ИМА ПРИСТАП ЗА ПРЕРАБОТУВАЧИТЕ НА ДРВО И МЕБЕЛ НА ПАЗАРИТЕ НА ЕУ**

Здружението на индустријата за преработка на дрво и производство на мебел одржа седница на која се расправаше за консеквенците од спроведувањето на регулативата на ЕУ бр. 995/2010 или скратено Timber Regulation. Оваа регулатива е донесена во Европската унија во 2010 година, истата почна да се применува од 3.3.2013 година, а се однесува на увозниците и трговци со производи од дрво во ЕУ. Регулативата забранува трговија со дрво и дрвни производи на пазарот на ЕУ кои потекнуваат од нелегално исечено дрво. Во регионот, освен Македонија, оваа регулатива ја немаат спроведено само уште Косово и Албанија. Компаниите, на крајот од состанокот заклучија дека е потребна итна средба со Владата на РМ, на која би се покренало прашањето за сертификација на шумите, а на којашто учество би земале и претставници од ресорното министерство, како и јавното претпријатие.

**12.3.2013 година**

**Здружение на металната и електроиндустријата и Асоцијацијата за секундарни суровини и рециклатори - ЗАПОЗНАВАЊЕ СО УПРАВУВАЊЕТО СО ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА И НЕЈЗИНИОТ ОТПАД**



Пред членките на Здружението на металната и електроиндустријата и Асоцијацијата за секундарни суровини и рециклатори при Стопанската комора на Македонија, на 12.3.2013 година, претставници на Министерството за животна средина и просторно планирање и Управата за животна средина извршија презентација за запознавање на членките со

обврските кои произлегуваат по стапувањето во сила на Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електорнска опрема.

Со овој закон се уредуваат барањата за заштита на животната средина кои треба да ги исполнат правните и физичките лица кои произведуваат и пуштаат на пазарот во земјата електрична и електронска опрема и кои постапуваат со отпадната електрична и електронска опрема, ограничувањето на употребата на одредени опасни супстанции во производството на електрична и електронска опрема, начинот на собирање, третман, преработка и отстранување на ваков вид на отпад.

**12.3.2013 година**

**Регионалната комора со седиште во Кавадарци ја усвои Програмата за работа за 2013 година – ПРЕДЛОЗИ И ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БИЗНИС-КЛИМАТА НА ЛОКАЛНО НИВО**

Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Кавадарци, на 11.3.2013 година, во просториите на компанијата „Кожувчанка“, ја одржа првата седница. На седницата беше извршена презентација на улогата и значењето на Стопанската комора на Македонија, а беше усвоена Програмата за работа на Регионалната комора со седиште во Кавадарци за 2013 година.

Пред присутните беше доставена и Програмата за работа на Регионалната комора со седиште во Кавадарци за 2013 година, како и програмските активности на оваа комора за оваа година.

**13.3.2013 година**

**Регионалната комора со седиште во Куманово го поддржа Предлогот за донесување на закон за поттикнување на инвестициите - СТИМУЛ НА ФИРМИТЕ ЗА ПОЗНАЧАЈНИ ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ**

На 13 март 2013 година се одржа состанок на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Куманово, во проширен состав, на којшто, меѓу другото, се разгледуваше и предлогот за донесување на закон за поттикнување на инвестициите. Во дискусијата за состојбите во стопанството, повеќе учесници посебно го истакнаа проблемот со изразената неликвидност и потребата од преземање на поефикасни мерки за нејзино ублажување. На состанокот, присутните едногласно за претставник во Собранието на Стопанската комора на Македонија од Регионалната комора со седиште во Куманово ја избраа Анита Спасовска, генерален директор на „Бучен Козјак“ од Куманово.

**13.3.2013 година**

**Во рамките на Проектот „Поддршка за модернизација на системот за образование и обука“ – ОСПОСОБУВАЊЕ НА МЕНТОРИ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ НА ПРАКТИЧНА ОБУКА**

Центарот за стручно образование и обука во соработка со твининг партнерот од Словенија, во рамките на Проектот „Поддршка за модернизација на системот за образование и обука“, за втората компонента „Обука на обучувачи“ организира обука за ментори (номинирани од страна на училиштата и коморите) кои треба да соработуваат со училиштата во пракитчната обука на ученици за имплеметација на реформираните наставни планови и програми за двегодишното стручно оспособување и тригодишното образование за занимања. Учесниците беа запознаени и со новите наставни планови и програми и стандарди на занимања. Најголем осврт се даде на темата менторство и улога на менторите во процесот на обука. На обуката беше направен детален осврт на самата анализа на стандардите за занимање, планирање на процесот на обука, неговиот учинок и мониторирање, како и крајната евалуација. Оваа обука за ментори ги опфати регионите на Битола, Прилеп, Охрид и Струга. Целта на обуката е оспособување на менторите за работа со ученици за време на практичната обука.

**14.3.2013 година**

**Конференција за транспортна инфраструктура „Конективна Европа – одговор на ЦЕФТА-регионот" во Скопје - АКЦИЈА ЗА ИНФРАСТРУКТУРНО ПОВРЗУВАЊЕ НА РЕГИОНОТ**

Стопанската комора на Македонија, во соработка со ДИХК-Унијата на германските индустриски и трговски комори беше организатор на Конференцијата за транспортна инфраструктура „Конективна Европа – одговор на ЦЕФТА-регионот", која се одржа на 14 март 2013 година во Скопје, во хотелот “Холидеј Ин”. - ЦЕФТА-државите и ЦЕФТА-приватниот сектор, и покрај многу достигнувања, недоволно направиле во изминативе 20 години за инфраструктурата. Да ги поттикнеме владите во регионот со заеднички инфраструктурни проекти да одговориме на предизвиците на Конективна Европа. Приватниот сектор е подготвен да ги сподели одговорностите со јавниот сектор, доколку се овозможи простор за тоа, – посебно подвлече Бранко Азески.

Мартин Клауке, раководител на Одделот за оперативни работи при Делегацијата на ЕУ, смета дека меѓу најважните проекти за Македонија е довршувањето на автопатската мрежа на Коридорот 10. Европската унија, најави, ќе продолжи со поддршка на проекти преку ИПА, а веќе се користат 130 милиони евра за различни проекти претежно во областа на железничкиот и патниот сообраќај за коридорите 8 и 10. На оваа конференција беа презентирани низа регионални проекти, беа изнесени предлози и идеи за што поголемо инфраструктурно поврзување.

**15.3.2013 година**

**Здружението на угостителството и туризмот домаќин на туроператори и новинари од Албанија – ПОЧЕТОК НА ИНТЕНЗИВНА СОРАБОТКА СО МАКЕДОНСКИОТ ТУРИСТИЧКИ СЕКТОР**

Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, во соработка со Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот, на 15.3.2013 година одржа бизнис-средба со најголемите туристички агенции и туроператори од Албанија. На состанокот претседателот на Здружението, Снежана Јовановска Трајковска имаше

презентација на туристичките можности на Република Македонија, а присутните претставници на најзначајните туристички агенции и туроператори, ресторани и хотели од Македонија ги претставија своите понуди за туристите од Албанија. На бизнис-средбите беше нагласено дека Албанија, како соседна земја има едно од најзначајните влијанија во македонскиот туризам.

**18.3.2013 година**

**Потпишан Меморандумот за соработка меѓу Асоцијацијата на осигурителни - брокерски друштва при Стопанската комора на Македонија и Агенцијата за финасиска поддршка на земјоделството и руралниот развој - БРОКЕРИТЕ БЕСПЛАТНИ МЕДИЈАТОРИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИТЕ**

Брокерски друштва ќе ги посетуваат земјоделците со цел директно да им објаснат кои се бенефитите од осигурувањето на посевите и пакетот услуги што ги нудат осигурителните компании. Ова е предвидено со Меморандумот за соработка што во Стопанската комора на Македонија го потпишаа Асоцијацијата на осигурителни - брокерски друштва и Агенцијата за финасиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Потписите ги ставија претседателот на Асоцијацијата на осигурителни - брокерски друштва при Стопанската комора на Македонија Златко Михајловски и директорот на Агенцијата за финасиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Тони Димовски.

Согласно Меморандумот, брокерските друштва практично ќе бидат медијатори, а ваквата улога, на посредници меѓу производителите и осигурителните компании, ќе ја вршат бесплатно. Годинава Владата обезбеди 35 милиони денари за земјоделските полиси. Мерката предвидува покривање 60 отсто од трошоците за осигурувањето.

**18.3.2013 година**

**Во организација на Комората македонски компании ги посетија саемите за врати, прозорци и за стакло во Истанбул - ЗАПОЗНАВАЊЕ СО НОВИ ТЕХНОЛОГИИ И КОНТАКТИ СО ТУРСКИ ФИРМИ ЗА НАТАМОШНА СОРАБОТКА**

Стопанската комора на Македонија во соработка со овластениот застапник на саемскиот организатор „Адонис груп“, реализираше посета 12 посетители од 6 македонски компании на 14. Меѓународен саем за прозорци, профили, технологија за производство и машини, опрема, суровини и помошни средства „ISTANBUL WINDOW 2013“, на 5. Меѓународен саем за врати, блиндирани врати, панел, системи и помошни средства за врати „DOOREXPO ISTANBUL 2013“ и на Саемот за производи од стакло, технологија и машини за стакло, помошни производи и хемикалии „GLASSEXPO ISTANBUL 2013“ во Инстанбул, Република Турција.

**21.3.2013 година**

**Врвни готвачи од земјава учествуваа на „Бисерот на морето“ во Супетар на Брач, во Република Хрватска, најголемиот регионален фестивал на храната и готварството - МАКЕДОНСКАТА КУЈНА ГО СОБРА ЦЕЛИОТ ОСТРОВ!**

Од 20 до 24 март 2013 година, се одржа 8. Меѓународен фестивал во готварство, во организација на Сојузот на готвачи од медитеранските земји и Европскиот сојуз на готвачи. Од година во година овој фестивал прераснува во фестивал на којшто се натпреваруваат учесници од медитеранските земји, од Европа и пошироко. На Фестивалот учествуваа 300 натпреварувачи од 14 земји. Во организација на Стопанската комора на Македонија, на овој голем настан од областа на гастрономијата од нашата држава учествуваа готвачи од врвни хотели од земјава, како „Александар Палас“, „Македонија турист“ , „Холидеј Инн“, „Белведере“ од Битола, „АлБис“ од Гостивар, како и ученици од средното угостителско училиште „Наум Наумовски Борче“ од Крушево. Учениците од Крушево се закитија со дипломи за најдобри млади готвачи, кои заедно подготвија предјадење, главно јадење и десерт. Тие се натпреваруваа во категоријата со средни и високи школи, но беа најмлади натпреварувачи.

**25.3.2013 година**

**Проект на УСАИД за индустриски менаџмент во Македонија - ФОКУС ВРЗ ПОДОБРУВАЊЕТО НА УПРАВУВАЊЕТО СО ЕНЕРГИЈАТА ВО ИНДУСТРИЈАТА**

Македонската економија е една од најмногу енергетски интензивни во Европа, беше истакнато на прес-конференција во Стопанската комора на Македонија (25.3.2013 година). Можности за подобрување на ваквата состојба дава и Проектот на УСАИД за индустриски менаџмент во Македонија, кој се фокусира на подобрување на управувањето со енергија во индустријата.

Целите на Проектот се реализираат со конкретна помош на одреден број заинтересирани компании од индустријата, преку воведување системи за управување/надгледување на енергијата, преку обука на кадри со барањата на ISO стандардот за систем за управување со енергија – МКС EN ISO 50001:2011, изработка на енергетски контроли, проектна документација и реализација на проекти за зголемување на енергетската ефикасност во одреден број селектирани фирми.

**26.3.2013 година**

**Акредитираните лаборатории за испитување на градежните материјали реагираат на тешкотиите при имплементација на важечките стандарди во земјава - ЕВРОПСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ХАРТИЈА ВО ПРАКСА**

Акредитираните лаборатории одржаа работен состанок на кој беа разменети искуства за тешкотиите во имплементацијата на важечките стандарди во Република Македонија, со посебен акцент за градежништвото. Усвоени се најголем дел од европските како национални (македонски) стандарди, а истовремено се повлечени од важност МКС YUS како „конфликтни“ стандарди. Маѓутоа, не може да се каже дека кој било работи согласно важечките стандарди. Лабораториите се залагаат за доследна примена на законската регулатива, за што се предложи да се организира заеднички состанок во проширен состав со цел заеднички да се пристапи кон поголема информираност на инволвираните лица.

**26.3.2013 година**

**Македонски готвачи на 8. Медитерански фестивал „Бисер на морето 2013“ во Супетар на Брач, во Хрватска – ОСВОЕНО ПРВО МЕСТО ВО РЕВИЈАЛНИОТ НАТПРЕВАР ВО ГОТВЕЊЕ**




На 8. Медитерански фестивал „Бисер на морето 2013“, што се одржа во Супетар на Брач, Хрватска, од 20 до 24 март годинава, се натпреваруваа 300 готвачи од 14 земји во подготовка на предјадење, главно јадење и десерт. Паралелно со овој натпревар, се одржа и ревијален натпревар во готвење, на којшто учествуваа натпреварувачи од Италија, Полска, Турција, Босна и Херцеговина, Хрватска и Македонија. Оценувајќи ја имагинацијата, вкусот и изгледот, жири-комисијата прватa награда му ја додели на Стефан Стефаноски од Македонија, кој освен медалот, доби подарок комплет прибор за професионални готвачи. Асоцијацијата на готвачи од Медитеранот и од европските региони организираа вечери на кујни од земјите-учеснички на оваа манифестација. При доделувањето на наградите, „Македонската вечер“ доби специјална диплома како најдобро организирана вечер, а македонската екипа се закити со диплома за најдобар тим во сите категории.

**27.3.2013 година**

**Групација за противпожарна заштита и безбедност при работа - ПОКОНКРЕТНО ДЕФИНИРАЊЕ НА ТЕХНИЧКИТЕ НОРМАТИВИ И СТАНДАРДИ И ЗАСИЛЕНА ИНСПЕКЦИСКА КОНТРОЛА**

На седницата на Групацијата за противпожарна заштита и безбедност при работа, одржана на 27.3.2013 година во Стопанската комора на Македонија, членките расправаа за актуелните состоби во оваа дејност и за активностите кои треба да се преземат за поголемо вклучување на инспекциските служби во контролите за исправноста на ПП-апаратите и нивното сервисирање. Беше посочено дека во поголем дел на општините не постојат инспектори за контрола на исправноста на противпожарните апарати и квалитетот на сервисирањето на истите, дефинирање која институција ги спроведува и ги контролира уредите, опремата и средствата за гасење, во согласност со прописите за стандардизација, акредитација и оценка за сообразност.

**28.3.2013 година**

**Регионалната комора со седиште во Битола го презентираше коморското организирање и делување во Средношколската академија за бизнис администрација (САБА) - ЧАС ПОСВЕТЕН НА ПРАКТИЧНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА**



На покана на Средношколската академија за бизнис администрација (САБА) во Битола, на 28.3.2013 година, Регионалната комора со седиште во Битола ја презентираше својата работа, како и структурата и организацијата на Стопанската комора на Македонија пред учениците и наставниот кадар на ова училиште.

САБА е приватна научна заедница која е дизајнирана со образовна програма достапна на ученици со различни способности, интереси и цели. Целта на Академијата е да им помогне на учениците да ги истакнат своите академски способности на соодветно ниво и да се изразуваат со прецизна писменост во светот на бизнисот во иднина.

**1.4.2013 година**

**Кондиторската индустрија е успешна во пазарната либерализација - УВОЗНИОТ ПРИТИСОК АМОРТИЗИРАН СО ОСВОЈУВАЊЕ СТРАНСКИ ПАЗАРИ**

Македонскиот пазар на кондиторски производи, на годишно ниво (оценет според пласманот на домашните производители и увезените количини, се проценува на околу 32.000 – 33.000 тони, во вредност од околу 92-93 милиони САД $. Најголем дел, или две третини на домашната потрошувачка која изнесува околу 33.000 тони се подмирува со производи од увоз, а околу една третина, помалку или повеќе кај одделни категории се произведи од домашно производство. Од вкупна потрошувачка на македонскиот пазар од околу 33.000 тони, 21.000 тони се подмируваат од увоз, а 11.000 тони од домашни производители. Од вкупно произведени 33.000 тони кондиторски производи, 11.000 тони се продаваат на домашниот пазар, а 22.600 тони се извезуваат. Поради тоа, домашните производители две третини од своето производство го извезуваат.

**4.4.2013 година**

**Македонската енергетска асоцијација организираше презентирање на Проектот на УСАИД за индустриски менаџмент - ДО СРЕДИНАТА НА СЛЕДНАТА ГОДИНА СЛЕДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈА ВО 17 КОМПАНИИ**




На презентацијата во Стопанската комора на Македонија во организација на Македонската енергетска асоцијација – МЕА пред повеќе од 40 стопанственици од индустрискиот сектор беше презентиран Проектот на УСАИД за индустриски менаџмент во Македонија (4.4.2013 година). Проектот, кој ќе се реализира во периодот од 2013 до 2015 година ќе им помогне на индустриските компании да ја зголемат конкурентноста преку намалување на потрошувачката и трошоците за енергија, како дел од вкупните производни трошоци, при што ќе дојде до намалување на емисијата на стакленички гасови на долгорочна основа.

**4.4.2013 година**

**Регионалната комора со седиште во Скопје со иницијатива до претседателите на коморите на главните градови од регионов - АКТУЕЛИЗИРАНО ФОРМИРАЊЕТО НА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА**

Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Скопје, со која раководеше претседателот, д-р Горан Рафајловски, на седницата одржана на 4.4.2013 година, ја обнови иницијативата за формирање Асоцијација за регионална соработка. Се планира Асоцијацијата да ја основаат коморите на Скопје, Белград, Загреб, Љубљана, Сараево, Подгорица, Тирана, Софија, Приштина, Букурешт и Солун.

Целите за формирање на оваа Асоцијација се: - поттикнување на соработката меѓу фирмите кои членуваат во овие регионални комори; - организирање бизнис-форуми, презентации, билатерални средби, учество на саемски манифестации; - влијание кај надлежните органи во своите држави за преземање мерки за подобрување на бизнис-климата и поттикнување на стопанската соработка меѓу фирмите; - заеднички настап во подготовка на апликации за проекти финансирани од Европската унија насочени за поттикнување на регионалната соработка; - организирање заеднички настап на своите членки на трети пазари.

**8.4.2013 година**

**Македонската асоцијација за рударство – МАР за актуелните состојби во експлоатацијата и производството на минерални суровини - ДОЗАОКРУЖУВАЊЕТО НА ЗАКОНСКИТЕ РЕГУЛАТИВИ ВЕЌЕ ГО ПОТТИКНА РАСТОТ**

Според согледувањата во 2013 година се очекува да се зголеми трендот на производството, очекувањата за оваа година се да се задржи или да има тренд на зголемување на производството и кај рударството и кај вадењето камен.
Извозот и увозот во последните две три години бележат тренд на намалување, а за наредниот период се очекува да се зголемат и производството и извозот. За таа цел потребно е целосно заокружување на законската регулатива, донесување на детални урбанистички планови на локалитети кои се надвор од градските средини, кои ќе овозможат отворање на нови рудници, изградба на нови производни објекти и нови вработувања.

**9.4.2013 година**

**Здружението на пазари од Србија одбележа деценискi јубилеј и додели признанија за успешна соработка - ПЛАКЕТИ ЗА ГРУПАЦИЈАТА НА ПАЗАРИ ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НАМАКЕДОНИЈА И ЗА „СКОПСКИ ПАЗАР“**

Здружението на пазари на Србија, во април 2013 година, во Белград, одбележа 10 години од своето постоење. Пред присутните беше потенцирано дека Здружението цел изминат период активно работи на професионалниот развој и на стандардизација на услугите во пазарната дејност. Зелените пазари беа посочени како места каде се нуди свежа храна, овошје и зеленчук, директно, без посредници и со тоа се овозможува врска меѓу производителите и потрошувачите, што пак како крајна цел има зачувување и зголемување на вредноста на домашното производство и рурален развој. За време на церемонијата, повеќе истакнати поединци и организации со кои Здружението има соработка и официјално им честитаа

на организаторите за јубилејот, при што беа поделени и плакети за успешна соработка на повеќе личности и организации од земјата и регионот.

**9.4.2013 година**

**Здружението на металната и електроиндустријата ја анализираше завршната фаза од Проектот за елиминација на полихлорирани бифенили - РЕГИОНАЛНИОТ ЕКОЛОШКИ ЦЕНТАР ДОСЕГА ПРОЧИСТИ 150 ТОНИ ТРАНСФОРМАТОРСКО МАСЛО**

На состанокот на Здружението на металната и електроиндустријата, се рараваше за реализација на Проектот „Елиминација на ПХБ и опремата која содржи ПХБ“. Овој проект се реализираше и финансираше од страна на Глобалниот фонд за животна средина, а е имплементиран во соработка со УНИДО, Министерството за животна средина и просторно планирање и „Раде Кончар - Сервис“ од Скопје во периодот од 2009 – 2012 година. Со реализирање на овој проект се остваруват обврските произлезени од Стокхолмската конвенција за елиминација на перзистентните органски загадувачи.




Во рамките на овој проект отпочна со работа Регионалниот еколошки центар, прв на Балканот за деконтаминација на ПХБ (полихлорирани бифенили) во трансформаторските масла во рамките на фабриката „Раде Кончар - Сервис“ од Скопје.

**12.4.2013 година**

**МОЖНОСТИТЕ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА НУС-ПРОИЗВОДОТ ФЕРОСИЛИКОМАНГАН - ТРОСКАТА**

„Скопски легури“ од Скопје пред градежни компании ги презентираше можностите за употреба на троската која се јавува како нус-производ во нивното производство. Троската може да се користи за тампонирање на цевки, бекатон плочки, лесни цигли, основи на темели на ниски згради, за изготвување на огноотпорен бетон и градежен материјал, тампони за железнички пруги, изградба на патишта, бутуменски мешавини, абразивен материјал и друго.

Претставникот од „Скопски легури“ истакна дека за материјалот се поседува анализа која говори дека троската не е штетна по здравјето на луѓето, а фирмите кои имаат своја лабораторија изразија интерес да го испитаат, за да се видат карактеристиките на материјалот за да се оцени на кои проекти би можеле истиот да го употребуваат.

**12.4.2013 година**

**Расправа за новодонесениот Закон за договорите за превоз во патниот сообраќај – МАКЕДОНСКАТА ТРАНСПОРТНА АСОЦИЈАЦИЈА СО УРГЕНЦИЈА ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Македонската транспортна асоцијација при Стопанската комора на Македонија на седница го разгледуваше текстот на новодонесениот Закон за договори за превоз во патниот сообраќај и согласно спроведената дискусија се осврна на некои спорни сегменти од Законот („Службен весник на РМ“ бр.23/2013).

Со донесувањето на овој Закон, кој стапи во сила на 22.02.2013 година, престана да се применува Законот за договорите за превоз во друмскиот сообраќај („Службен лист на СФРЈ“ број 2/74) и престанаа да важат одредбите од чл. 704 до чл. 741 Глава XVII – ПРЕВОЗ од постојниот Закон за облигациони односи. Имено, тука се говори дека „Со овој закон се регулираат односите кои произлегуваат од договорите за превоз на патници и стока во внатрешниот и во меѓународниот патен сообраќај, ако со меѓународен договор поинаку не е уредено“. Со оваа одредба целосно се дерогира овој закон бидејќи со него во голем дел се врши сосема различно уредување на односите во патниот сообраќај од тоа какви се решенијата во ЦМР Конвенцијата. Понатаму, ако се има предвид членот 8 од Уставот на РМ кој ги уредува темелните вредности на уставниот поредок на РМ во кои е вклучено и владеењето на правото и слободата на пазарот и на претприемништвото, со донесувањето на овој закон се врши кршење и на Уставот на РМ. Така, со одредбата од чл. 33 од Законот, во делот на превоз на стока, се воведуваат обврски на трети лица кои не се, ниту можат да се третираат, како дел од двостраниот договорен однос кој се регулира со овој Закон. Со тоа директно се задира во основите на дефинирањето на поимот договорен однос што треба да претставува слобода на договарање на двете страни. Исто така, со овој закон се регулираат и области кои се веќе регулирани со други закони и тоа на поинаков начин, или поточно овој закон е во колизија со правните принципи утврдени со други закони со воведување на законски решенија кои се спротивни на тие принципи. Имено, во Законот за облигациони односи, во делот на Договорите за шпедиција е прифатен принципот на одговорност на шпедитерот само за изборот на превозникот, а не и за неговото работење

**16.4.2013 година**

**Регионална комора со седиште во Прилеп - СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА СТОПАНСКА БАНКА**

На 16.4.2013 година, во просториите на Регионалната комора со седиште во Прилеп се одржа работна средба со претставниците на Стопанска банка - Скопје, филијали од Прилеп, Битола, Кавадарци, Охрид и Неготино. На работната средба беше извршена презентација на работата и структурата на организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и на Стопанската комора на Македонија.

**16.4.2013 година**

**Конференција на Асоцијацијата на жени бизнис-лидери при Стопанската комора на Македонија по повод „Денот на девојките“ - РАСТЕ БРОЈОТ НА ЖЕНИ ВО ЗЕМЈАВА КОИ СЕ ВТУРНУВААТ ВО УСПЕШНИ ПРЕТПРИЕМНИЧКИ АВАНТУРИ**



Асоцијацијата на жени бизнис-лидери при Стопанската комора на Македонија одржа Конференција со пораката: „Бидете жена бизнис-лидер - секогаш чекор пред другите и издвојте се со храбри претприемнички вештини и потфати“ (16.4.2013 година). Конференцијата беше одржана по повод 16 Април – меѓународниот Ден на девојките, а на неа учествуваа и околу 100-тина девојки, студентки од државните и приватните универзитети. Оваа конференција беше предводена од афирмирани жени бизнис-лидери, кои го споделија искуството од своите први претприемнички чекори. Целта беше да се поттикне самодовербата на девојките-апсолвентки, да ја насочат енергијата за отпочнување на свој мал бизнис, да се зголеми капацитетот и знаењето на жената, нивно мотивирање и охрабрување да ги искористат можностите за кариера и да одлучат во корист на квалификувана стручна обука или повисок степен во изборот на професијата, дури и во професионални области кои во моментов не се типично женски.

**17.4.2013 година**

**Групација за противпожарна заштита и безбедност при работа - СРЕДУВАЊЕ НА ПРОПИСИТЕ И ИНСПЕКЦИСКА АКЦИЈА НА ТЕРЕН ЗА СРЕДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА**

На седницата на Групацијата за противпожарна заштита и безбедност при работа, одржана на 17.4.2013 година во Стопанската комора на Македонија, членките расправаа за актуелните состојби во оваа дејност и за активностите кои треба да се преземат за подобрување на амбиентот за стопанисување на стопанските субјекти од оваа област.

Во дискусијата беше подвлечено дека за подобрување на работата на стопанските субјект неопходно е да се изврши ревидирање на лиценците и да се провери нивната усогласеност со Законот за пожарникарство, дефинирање на техничките нормативи и стандарди, придржување на задолжителните постапки при одржување, сервисирање и испитување на ПП-апаратите.

**17.4.2013 година**

**Заедничка седница на Здружението на информатичко-комуникациски технологии и МАСИТ – ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПРОИЗВОДИ НА МБПР**



Факторингот е услуга која овозможува продажба на производи и услуги на одложено плаќање, при што дел од средствата (80%) наведени во фактурата се добиваат веднаш. Факторингот комбинира кредитна заштита, наплата на побарувања и финансирање за компаниите кои продаваат производи и услуги со одложено плаќање пократко од 180 дена. МБПР откупува побарувања и исплаќа аванс по основ на доставена осигурана фактура во износ од 80 %. Цената на факторинг се пресметува врз основа на исплатениот аванс од 80 % од износот на фактурата. Каматната стапка изнесува 7 % на годишно ниво и се пресметува на исплатениот аванс (80 %). Провизијата за управување, која изнесува 0,33 % еднократно, се пресметува на износот на побарувањето / фактурата (100 %).

**18.4.2013 година**

**Регионална комора со седиште во Кичево - ПРЕЗЕНТИРАНИ ПРИДОБИВКИТЕ ОД КОРИСТЕЊЕТО НА Е-СМЕТКОВОДСТВО**

Во хотелот „Кичево - Тајмиште“ - Кичево, во организација на Регионалната комора со седиште Кичево, се одржа презентација на тема: „Е-сметководство во Македонија на бизнис-секторот во регионот“. На презентацијата присуствуваа претседателот на Регионалната комора со седиште во Кичево, Игор Соколески, претставници од „Даталаб Мк“ од Скопје и од „Телеком“. Презентацијата беше извршена од страна на директорот на „Даталаб Мк“, Сашо Јовановски, при што беа изнесени придобивките, ефикасноста и достапноста на податоците и информациите со користење на е-сметководство. Присутните триесеттина претставници од компаниите и сметководствените бироа покажаа голем интерес, при што се отвори дискусија.

**18.4.2013 година**

**Регионална комора со седиште во Гостивар - ПРЕЗЕНТИРАНИ УСЛУГИТЕ НА МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ**



На 18.4.2013 година, на состанокот во Регионалната комора со седиште во Гостивар, со кој раководеше претседателот Ремзи Абдулаи, беа презентирани кредитните линии кои ги сервисира Македонска банка за подршка на развојот и услугите за осигурување на извозот и наплата на побарувањата. На презентацијата учествуваа претставници на 24 фирми. Претставниците на фирмите позитивно се изјаснија за оваа презентација што им ја организира Стопанската комора на Македонија и активно учествуваа со конкретни прашања за сите аспекти на услугите на банката, а претставниците на банката даваа образложенија и одговори на сите поставени прашања.

**19.4.2013 година**

**Порака на министерот за животна средина и просторно планирање во Владата на РМ, Абдилаќим Адеми од прес-конференцијата во Стопанската комора на Македонија - БИОРАЗГРАДЛИВИ ЌЕСИ НА ПАЗАРОТ СПОРЕД СТАНДАРДОТ МКС 1009**




На прес-конференцијата, одржана во Стопанската комора на Македонија, министерот за животна средина и просторно планирање во Владата на РМ, Абдилаќим Адеми, ја информираше јавноста за задолжителната употреба на биоразградливите кеси (19.4.2013 година). Како последна од низата мерки за намалување на употребата на пластични кеси заради нивното штетно влијание и оптоварување врз животната средина е Правилникот за стандардите за биоразградливост кои треба да ги исполнуваат кесите за транспорт на стоки, начинот на пуштање и употреба на биоразградливите кеси за транспорт на стоки на пазар, кој пропишува дека кесите за транспорт на стоки кои се пуштаат и се употребуваат на пазар, треба да бидат биоразградливи, односно да го исполнат стандардот МКС 1009 - Методи за оцена на оксобиоразградливост на пластика и фито-токсичноста на остатокот во контролирани лабораториски услови, или други соодветни меѓународно признати стандарди. Со влегувањето во сила на овој правилник во Република Македонија може да се пуштаат во употреба само биоразградливите кеси произведени на соодветно пропишаните стандарди за биоразградливост.

**19.4.2013 година**

**Групација на климатизација, греење, ладење и проветрување – ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА РЕШЕНИЈА И ОПРЕМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

Во организација на Групацијата на климатизација, греење, ладење и проветрување при Стопанската комора на Македонија, на 19.4.2013 година се одржа презентација на тема: Имплементација на ISO 50001:2011 стандардот во машинските инсталации на КГЛП-Системи.

Пред претставници на проектните бироа, изведувачки фирми, како и на стручната и научната јавност од областа на КГЛП-инсталациите, фирмите „Белимо“ од Австрија, „Енергија“ од Македонија и проектантското биро „Мартик“, презентираа решенија и опрема за енергетска ефикасност во КГЛП-системите. Заедничка оценка од презентацијата е дека поголемата примена на овој вид на современи производи во КГЛП-инсталациите може во голема мера да ја зголеми енергетската ефикасност.

**19.4.2013 година**

**Македонски компании на „Баума 2013“ во Минхен, СР Германија –**

**ДОГОВОРИ ЗА ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНАТА ОПЕРАТИВА ВО ЗЕМЈАВА**

Во организација на Комората, во април 2013 година, македонски градежни компании го посетија 30. Меѓународен саем -„Баума 2013“, кој претставува лидер на саемите, како по бројот на излагачи од целиот свет, така и по бројот на посетители. Компаниите од Македонија остварија средби со голем број деловни партнери со кои соработуваат и тоа производители на машини за градежништвото и за рударството, производители на опрема, при што меѓусебно разменија информации. Општата оценка на сите учесници беше дека овој саем претставува можност за директно запознавање со производите на компаниите, но и можност за заедничка натамошна соработка.

**22.4.2013 година**

**Меѓународна препознатливост и активност на Групацијата на меѓународни шпедитери и логистички оператори (MIFA) - ЧЛЕНКА НА ГОЛЕМОТО СЕМЕЈСТВО НА ЕВРОПСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА - CLECAT**

Во текот на своето 20-годишно постоење, MIFA целосно се посвети на промовирање и заштита на интересите и благосостојбата на сите ангажирани во шпедитерската и логистичката индустрија, како и кон подобрување на соработката со царинските и инспекциските органи, - истакна Ѓино Шкријељ, претседател на Групацијата на меѓународни шпедитери и логистички оператори при Стопанската комора на Македонија на редовната прес-конференција (22.4.2013 година). Меѓународната препознатливост на MIFA започна со асоцијативно членство во најголемата светска невладина организација од областа на транспортот - FIATA од 1996 година, преку активно учество на сите досега одржани балкански конгреси на шпедитерите.

По одбележувањето на своето две децениско постоење, MIFA стана асоцијативна членка на Европската асоцијација за шпедиција, транспорт, логистика и царински услуги - CLECAT, официјално во март 2013 година, со што се прошири нејзините можности за меѓународна препознатливост и активност во наведените дејности (шпедиција, транспорт, логистика и царински услуги).

**22.4.2013 година**

**Здружението на комунални дејности со семинар за стратешки избор и имплементација на политики во областа на цврстиот отпад, загадување на почвата и водостопанството по примерот на регионот Валонија - РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА МЕЃУ МАКЕДОНСКИ И БЕЛГИСКИ КОМПАНИИ**

Размена на искуствата во делот на управувањето со отпадот и водите на македонски и белгиски компании беше цел на семинарот „Стратешки избор и имплементација на политики во областа на цврстиот отпад, загадување на почвата и водостопанство: примерот на регионот Валонија во Белгија“, што се одржа во Стопанска комора на Македонија на 22.4.2013 година. Семинарот имаше за цел да овозможи размена на искуство и да придонесе за подигнување на свеста кај комуналните претпријатија кои делуваат во овој сектор и кај останатите претставници од бизнис-заедницата. Белгиската амбасадорка во Македонија, Аник Ван Калстер посочи дека регионот Валонија може да помогне како се создаваат зелени, односно еколошки работни места.

**23.4.2013 година**

**Презентација на тема „Правата на осигурителните комерцијални преземања и прекуграничното осигурување “ - ПРЕДУСЛОВ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ**




Стопанската комора на Македонија, на 23.4.2013 година, организираше презентација на тема: „Правата на осигурителните комерцијални превемања и прекуграничното осигурување“, со цел да им ја доближи оваа проблематика на сите заинтересирани учесници и да им го презентира значењето на овие институти. Презентацијата ја отвори проф. д-р Глигор Бишев, кој укажа на тоа дека ако сакаат компаниите да управуваат подобро со ризиците потребно е да се направи договор за осигурување кој ќе обезбеди заштита на компанијата. Свое видување на темата даде проф. д-р Јоанис Рокас, партнер во Адвокатското друштво „Рокас“. Тој се осврна на правата на осигурителните комерцијални преземања со детална анализа на законската рамка во делот на осигурување. Даде анализа за тоа како треба да се вршат големите комерцијални осигурувања и како компаниите треба да се заштитат при склучување договор за осигурување.

**24.4.2013 година**

**Групација на пазари при Стопанската комора на Македонија - ОТСТРАНУВАЊЕ НА „СИВАТА“ ЕКОНОМИЈА ОКОЛУ ПАЗАРИТЕ, ПА КОНТРОЛА НА ТЕЗГИТЕ**

Групацијата на пазари при Стопанската комора на Македонија на состанокот ја разгледа последната акција на пазарната инспекција која преку контроли на тезгите на зелените пазари прави увид за потеклото на текстилот што се продава на тезгите. За таа цел, на состанокот беше присутен и в.д. директорот на Државниот пазарен инспекторат Виктор Дерменџиев, кој објасни дека контролата на пазарите е како резултат на заклучок на Владата, според кој, меѓу другото, треба да се контролира на кој начин продавачите на тезга го набавиле текстилот што го продаваат на пазарите. Организаторите на пазари порачаа дека контролите на пазарите и увид во документацијата треба да се бара дури откако ќе се направи контрола на кој начин продаваат дивите продавачи надвор од кругот на зелените пазари.

**24.4.2013 година**

**Регионална комора со седиште во Прилеп - ПОДДРШКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА (КЗК) ЗА КОНТРОЛА НА ДРЖАВНАТА ПОМОШ**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и Комисијата за заштита на конкуренцијата за контрола на државната помош се одржа работилница на тема: „Поддршка на Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК) за контрола на државната помош“. Воведно излагање имаше Јован Тодоров од Комисијата за заштита на конкуренцијата.

На работилницата предавања одржаа експертите од Велика Британија и Република Чешка, со цел да ја приближат проблематиката за контрола на државната помош на сите учесници даватели и приматели на истата на следниве теми: - Што претставува државната помош? - Законодавството за државната помош во РМ и ЕУ; - Како да се биде во согласност со правилата за државна помош? - Улогата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

**26.4.2013 година**

**Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори расправаше за практичните резултати од измената на законската регулатива во оваа област - ВОВЕДЕН ПОГОЛЕМ РЕД ВО ТРГОВИЈАТА СО ОТПАДНО ЖЕЛЕЗО И ДРУГИ МЕТАЛИ**




Темата на состанокот, кој го водеше министерот Адеми, беше: „Трговија со отпадно железо, бакар, алуминиум и друго“. Со оглед на отворените прашања во дискусијата на состанокот учествуваа и претставници од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Министерството за економија, Државниот пазарен инспекторат, Државниот инспекторат за животна средина и Управата за јавни приходи. Претставниците на бизнис-секторот и на надлежните државни органи и институции разговараа за: имплементација на новите измени на Законот за управување со отпадот и правилниците во делот на спречување на кражбите; проблемите во однос на пријавување на ДДВ од страна на правните лица кои имаат дозволи за вршење дејност трговија со отпад, начинот на кој се избегнува плаќањето на данокот и начинот на кој се бара враќањето; извршените контроли на терен по основ на Законот за управување со отпадот од страна Државниот пазарен инпекторат, утврдените недоследности и предлози за надминување на состојбата и друго.

**29.4.2013 година**

**Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и неделникот „Зенит“ извршен „Избор на бизнис на годината за 2012“ - НА ТРОНОТ НАЈДОБРИТЕ ОД СРЕДНИТЕ И МАЛИ БИЗНИСИ**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и неделникот „Зенит“, во хотелот „Сонце“ се одржа манифестацијата „Избор на бизнис на годината 2012“.

Оваа година Регионалната комора со седиште во Прилеп и неделникот „Зенит“ акцентот за избор на бизнис на годината го ставија на успешното работење на малите и средни претпријатија кои успеале да се спротивстават на неповолните влијанија кои ја разнишаа дури и светската економија. Во битката за избор на најдобри и најуспешни компании изоставени се јавните, државните и големите компании.

**30.4.2013 година**

**Јавна расправа по првата верзија на Предлог-законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија - ДОМАШНИОТ ВОЗДУХ СПОРЕД ЕВРОПСКАТА ДИРЕКТИВА**

Македонската енергетска асоцијација во рамките на Стопанската комора на Македонија одржа јавна расправа, на која учествуваа претставниците на реалниот сектор - економски оператори со нафтени деривати, претставници на институции, како и на невладини организации, засегнатите страни од оваа регулатива. – Законот, во кој е транспонирана Европската директива која се однесува на испарливи течности, ќе ги контролира емисиите од испарливи органски соединенија, а основната цел од неговото донесување и примена е да ја сведеме на минимум емисијата на испарливи

органски загадувачи во воздухот предизвикани од складирањето и транспонирањето на бензините, како и намалување на емисијата при полнење на возилата со бензин.

**30.4.2013 година**

**Работилница на Регионалната комора со седиште во Битола и Македонската банка за поддршка на развојот - ПОВОЛНОСТИ ЗА КОМПАНИИТЕ ЗА ПОДДРШКА НА ИЗВОЗОТ**

Регионалната комора со седиште во Битола во рамките на Стопанската комора на Македонија, а во соработка со Македонската банка за поддршка на развојот, организираа работилница за претпријатијата од Пелагониско-преспанскиот регион кои имаат или планираат извозни активности, како и компании кои се занимаваат со производство, преработка и/или извоз на земјоделски производи.

Работилницата се одржа на 30.4.2013 година во Битола. Пред присутните, околу 20-тина компании, тимот од Македонската банка за поддршка на развојот ги елаборира поволностите и финансиските производи кои им се на располагање за поддршка на македонските извозни претпријатија.

**7.5.2013 година**

**Групацијата на пазари при Стопанската комора на Македонија се залага за итно донесување на закон за зелените пазари - ПРАВИЛАТА ЌЕ ЈА НАМАЛАТ „СИВАТА“ ЕКОНОМИЈА**

Организаторите на пазари бараат итно да се донесе закон за трговија на зелените пазари, со што ќе се реши, пред се`, статусот на тезгаџиите чие работење на пазарите сега е регулирано со склучување на договорите за закуп на тезга. Истовремено, донесувањето на законот, кој се` уште е во форма на работен материјал во надлежното Министерство за економија, ќе стимулира самовработување на поголем дел од закупците на тезги кои паралелно ќе си го регулираат пензиското и здравственото осигурување, ќе се стави многу подобар ред на пазарите, а ќе ги регулира и односите на закупците на тезги со занаетчиите.

**9.5.2013 година**

**Конституирано Здружение на металургијата при Стопанската комора на Македонија - ПРИОРИТЕТИ НАСОЧЕНИ КОН КОНСОЛИДИРАЊЕ НА ПРОИЗВОДСТВОТО**

Во Стопанската комора на Македонија, 25 членки од секторот на црната и обоената металургија и на нив сродни дејности го конституираа Здружението на металургијата.

Состојбите во овој највитален сектор на македонската економија се исклучително неповолни, особено во производството на основни метали. Во првите три месеци од годината производството на метали бележи опаѓање од 23 % во однос на истиот период од претходната година, додека пак 2012 година овој сектор ја заврши исто така со намален обем на производство за 11,1 %. За нивно надминување до Владара на РМ ќе бидат упатени предлог-мерки.

На седницата за претседател на Здружението на металургијата е избран Митко Кочовски, советник за економски прашања на генералниот директор на „Макстил“ АД - Скопје, а за потпретседател на Здружението е избран Никола Ризов, заменик-генерален директор на „ФЕНИ Индустри“ - Кавадарци.

**10.5.2013 година**

**Регионална комора со седиште во Скопје – ФИНАЛНИ ПОДГОТОВКИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА**

Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Скопје на седницата расправаше за подготвителните активности за претстојниот конститутивен состанок на Асоцијацијата за регионална соработка (9.5.2013 година). Претседателот на Управниот одбор, д-р Горан Рафајловски, информираше дека согласност за оваа асоцијација веќе имаат дадено коморите на Белград, Сараево, Тирана, Букурешт и Трговско-индустриската комора на Бугарија. Дополнителна покана е испратена и до Трговско-индустриската комора на Атина и се очекува нивниот став за оваа иницијатива.




Д-р Горан Рафајловски го истакна и прашањето за работата на оваа Асоцијација преку три комисии: Комисија за електронско поврзување на базите на податоци на коморите-членки на Асоцијацијата со добри податоци за профилот на своите членки, Комисија за едукација и стручно образование и Комисија за јавно-приватно партнерство, а со конкретни предлози базирани на регионална соработка да се аплицира за средства од Европската унија.

**14.5.2013 година**

**На средбата на туристичките сектори на Македонија и Бугарија беше извршена промоција на можностите на двете туристички стопанства и беа разменети искуства - ДОГОВАРАЊЕ ЗА ЗНАЧИТЕЛНО ПОГОЛЕМА СОРАБОТКА ВО СИТЕ ОБЛАСТИ НА ТУРИЗМОТ**

Посетата на бугарските туроператори, посочи Јовановска, е добра можност за зголемување на соработката и за размена на искуства. За поголем број туристи за годинава важна е безбедноста, да се подобри квалитетот, а најважно цените, кои оваа година треба да се многу пониски од минатата година. Во Македонија може да бидат интересни и сите видови алтернативен туризам. Од Бугарија може да научиме за селскиот туризам, а можност за добра соработка е и верскиот туризам кој е мошне интересен за сите земји во светот, особено за нашите соседни земји.

**15.5.2013 година**

**Македонската асоцијација на рударството – МАР расправаше по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини - НОВ ЗАКОН, МЕСТО ПОСТОЈАНОТО „ШМИНКАЊЕ“ НА СТАРИОТ**

Македонската асоцијација на рударството - МАР, расправаше по измените и дополнувањата на Законот за минерални суровини, во кој има измени на околу 50% од членовите на постојниот Закон.

Посебна дискусија предизвика членот кој произлегува од Заклучокот на Владата, кој предвидува овозможување и првенство во купување на злато од домашно производство од страна на НБРМ, односно производителот златото да го подготви по стандарди на пазарот на злато со цел истото да може да се понуди за продажба на берза. Во расправата се истакна дека Македонија не располага со доволно капацитети за финализирање на минералните суровини, особено не за доработка на злато. При тоа беше истакнато дека овие предлози нема да можат да се реализираат, барем не во догледно време.

**16.5.2013 година**

**Македонската енергетска асоцијација расправаше за поголемо искористување на сончевата енергија во Република Македонија - НАСЕЛЕНИЕТО СО КАМПАЊА ЌЕ СЕ ЕДУЦИРА ДА СЕ СВРТИ КОН ТЕРМО-СОЛАРНИТЕ СИСТЕМИ**

Во Стопанската комора на Македонија, во организација на Македонската енергетска асоцијација се одржа трибина на тема: „Како до поголемо искористување на сончевата енергија во Република Македонија?“.

Претседателот на Македонското здружение на соларна енергија „Солар Македонија“, професор Илија Насов својата презентација ја започна со констатацијата дека Република Македонија, иако има најголем сончев потенцијал во споредба со другите европски земји, има најмал процен на најзино искористување. На презентацијата беа дискутирани суштествени прашања на овој план и тоа: колкаво е искористувањето на соларната енергија во Македонија во споредба со некои земји од ЕУ; зошто Македонија има најмалку искористување на соларната енергија, а спаѓа во регион со најдобри услови - интензитет на соларно зрачење, како да се зголеми искористувањето на соларната енергија во Македонија; зошто соларната енергија има најголема перспектива во загревањето на санитарна вода, загревање на простор, индустриски примени; квалитет на соларни колектори?

**16.5.2013 година**

**Во „Брако“ од Велес Здужението на металната и електроиндустријата расправаше по Предлогот за донесување закон за утврдување на роковите за исполнување на паричните обврски - РЕШЕНИЈА ЗА ДОЛЖНИЧКО-ДОВЕРИТЕЛСКИТЕ ОДНОСИ ПО ЕВРОПСКИ ТЕРК**



На седницата на Здружението на металната и електроиндустријата, одржана на 15.5.2013 година во деловните простории на „Брако“ во Велес, се расправаше по Предлогот за донесување закон за утврдување на роковите за исполнување на паричните обврски, како активности на Комората за подобрување на стопанскиот амбиент.

Состојбата на должничко-доверителните односи во македонското стопанство укажува дека неплаќањето, односно ненавременото исполнување на обврските меѓу стопанските субјекти, како и меѓу субјектите од приватниот и јавниот сектор, се вбројуваат како главни проблеми со кои се соочува македонскиот бизнис-сектор. Со предложениот закон, согласно ЕУ-директива, ќе се регулираат роковите за исполнување на финансиските парични обврски и правните последици од доцнењето во исполнувањето на паричните обврски.

**20.5.2013 година**

**Иницијатива на туристичкиот сектор на стопанските комори од југоисточна Европа - ПОДГОТОВКА НА ЗАЕДНИЧКИ ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОД**

На прес-конференцијата, што се одржа во Стопанската комора на Македонија, Снежана Јовановска Трајковска, претседател на Здружението на угостителството и туризмот, информираше за иницијативата на Здружението за изготвување на заеднички туристички производ (20.5.2013 година). Организатори и носители на активноста се стопанските комори од земјите од југоисточна Европа, а заедничкиот туристички производ е наменет за трети пазари. Ова беше договорено на неодамнешната средба во Белград, на туристичките сектори од коморите во регионот. Натамошните активности ќе бидат насочени кон подготовка на проект за апликација за средства за финансирање од европските фондови. Потребата од овие активности на туристичката индустрија произлегува од низа причини. Покрај воените настани кои се одвиваа на овие балкански простори, големо влијание на намалувањето на бројот на туристите имаше и појавата на многу граници на мал простор. Компликуваните царински и контролни процедури го попречуваат слободното движење на луѓето и ги одвраќаат туристите од престој на овие простори.

**20.5.2013 година**

**Во Регионалната комора со седиште во Прилеп се одржа работна средба - „ВАЉЕВСКАТА ПИВАРА“ ЌЕ УЧЕСТВУВА НА ФЕСТИВАЛОТ ЗА ПИВО ВО ПРИЛЕП**




Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп, на 16 и 17.5.2013 година се одржа работна средба со делегација од збратимениот град Валево. На средбата беше разговарано за зголемување на меѓусебната економска соработка и учество на „Ваљевска пивара“ на Фестивалот за пиво во Прилеп, кој прерасна во надалеку препознатлив бренд, а ќе се одржи од 17 до 21.7.2013 година. Како членови на делегацијата од Валево беа претседателот на Регионалната комора од Валево, Петар Николиќ, заменик-градоначалникот, Витомир Митровиќ и советникот на генералниот директор на „Ваљевска пивара“, Андрија Пејовиќ. За време на работната средба, на којашто присуствуваше градоначалникот на Прилеп Марјан Ристески, беше договорено учеството на „Ваљевска пивара“ на Фестивалот за пиво во Прилеп.

**20.5.2013 година**

**Регионалната комора со седиште во Кичево организираше посета на „Expokos 2013” во Приштина, Република Косово - ИСКАЖАН ИНТЕРЕС ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА**

Регионалната комора со седиште во Кичево организираше посета на “EXPOKOS 2013” - Меѓународен саем за градежништво, енергија и рудници, техника, мебел и недвижен имот во Приштина, Косово, на 17.5.2013 година. Делегацијата беше составена од десет компании, предводени од претседателот на Регионалната комора со седиште во Кичево.

На саемската манифестација што се одржа од 15 до 18 мај 2013 година во Младинскиот дом - Pallati i Rinisë во Приштина, на површина од 20.000 метри квадратни, покрај компании од Косово, учествуваа изложувачи и од регионот: Албанија, Хрватска, Турција, Грција, Чешка, Македонија, Унгарија, Бугарија, а бројот на изложувачи во 2013 година беше над 400 компании.

**22.5.2013 година**

**МЕПСО АД вложува над 50 милиони евра во проекти од европскиот десетгодишен план за развој на преносната мрежа - ПОСВЕТЕНОСТ НА ФУНДАМЕНТАЛНИТЕ ЕВРОПСКИ ЕНЕРГЕТСКИ НАЧЕЛА**

Во организација на Здружението на енергетичарите на Македонија - ЗЕМАК, а во соработка со Македонската енергетска асоцијација и Македонската академија на науките и уметностите, на 22 мај 2013 година во Стопанската комора на Македонија се одржа еднодневно советување на тема: „Предизвици во електропреносната мрежа на Македонија и југоисточна Европа“. Експертскиот тим на МЕПСО АД го презентираше развојот на електропреносната мрежа на Република Македонија во периодот 2010-2020 година – тековните проекти, среднорочни инвестиции и долгорочна визија за развој, за развојните планови на европската електропреносна мрежа со осврт на регионот на југоисточна Европа, како и управувањето со проекти од електропреносната мрежа, 400kV далекувод Битола (МК) – Елбасан (Al). како последен дел од реализацијата на Коридорот 8 во контекст на создавање коридор исток - запад за пренос на електрична енергија меѓу Бугарија, Македонија, Албанија и Италија.

**22.5.2013 година**

**На работен состанок во Ниш, на којшто учествуваше и Групацијата на пазари при Стопанската комора на Македонија, договорена е соработка во рамките на Југоисточна Европа - НАСКОРО ЌЕ СЕ ФОРМИРА РЕГИОНАЛНА АСОЦИЈАЦИЈА НА ПАЗАРИ**

Групацијата на пазари при Здружението на комуналните дејности на 17.5.2013 година присуствуваше на состанокот на Работната група за меѓународна соработка на пазарите во Југоисточна Европа на состанокот што се одржа во Ниш, Србија. На состанокот беа дефинирани деталите и повеќето технички аспекти околу меморандумот со кој ќе се официјализира почетокот на работа на регионалната асоцијација на пазари која натаму ќе биде основ за зачленување на регионот во Светската асоцијација на големо на пазарите.

Во рамки на патувањето во Ниш беше остварена средба и со раководството на ЈП „Пазари“ од Ниш, како и обиколка на зелениот пазар во центарот на градот. Според информациите од директорот на „Пазари“, Радован Милојевич, фирмата управува со 12 пазари во градот, има 250 вработени и 2,4 милиони евра годишен промет.

**22.5.2013 година**

**Пред Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите, презентиран Патоказот од Проектот Build up Skills - ТРАСИРАН РАЗВОЈОТ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР ВО ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ**




Пред членките на Здружението беше презентиран Патоказот за развој на капацитетите на градежниот сектор. Намерата на Патоказот е да се обезбедат квалификувани работници во градежниот сектор за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија. Во Акциониот план за периодот 2013-2016 година, опфаќа обука на 4.800 работници, кои се директно инволвирани во градбата и би требало да имаат учество во реализација на Националните енергетски цели во однос на ЕУ Стратегијата 20/20/20.

**23.5.2013 година**

**Групацијата на меѓународни шпедитери и логистички оператори – МИФА СО ПРЕДЛОГ-МЕРКИ ДО СОВЕТОДАВНО ТЕЛО**

Во насока на унапредување на функционалноста на EXIM-системот, Групацијата бара на следниот состанок на Комисијата која се грижи за функционирање на системот да се работи за надминување на следните пречки: измена на постојната законска регулатива каде се предвидува исклучиво завршување на сите контроли при влез на стоката во државата, не давајќи можност истото да се заврши опционално и во внатрешноста, при тоа да се бараат дозволите при ПУШТАЊЕ НА СТОКАТА ВО СЛОБОДЕН ПРОМЕТ, што е инаку вообичаена пракса, а не при премин на граничната линија, што сега е третирано како УВОЗ; во соработка со надлежните министерства на некој нареден состанок на EXIM-комисијата, да се проверат сите поединечни случаи каде за еден тип на стока се бараат повеќе дозволи.

**28.5.2013 година**

**Презентација на Проектот за ефикасноста на ресурсите на производите за прашкасти детергенти во земјите од Западниот Балкан - ФОРМУЛА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ДЕТЕРГЕНТИ**

Асоцијацијата на произведувачи и увозници на детергенти и козметика во Србија – „Козмодет“ на средба со новинарите на 28.5.2103 година, во Стопанската комора на Македонија го презентираше Проектот за ефикасноста на ресурсите на производите за прашкасти детергенти во земјите од Западниот Балкан. „Козмодет“ ја започна новата регионална иницијатива за употреба на прашкасти детергенти во земјите од Западниот Балкан, а нејзината основна цел е ефикасна употреба на ресурсите и запознавање со иновативните компакт детергенти за домашна употреба, како чекор напред кон одржливиот развој и подигнување на свеста на македонските потрошувачи за одржлива потрошувачка. Овој проект се применува во земјите од Европската унија и со воведувањето на оваа иницијатива земјите од Западен Балкан ќе ги приспособат своите стандарди со барањата на европскиот пазар, додека индустријата за детергенти ќе преземе активна улога на полето на заштита на животната средина.

**28.5.2013 година**

**Унгарската бизнис-делегација во посета на Битола –**
**ИНВЕСТИТОРИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА**

Бизнис-делегација од повеќе стопанственици и од Стопанската комора на Унгарија, која беше во посета на Република Македонија, оствари средба со градоначалникот на општина Битола, Владимир Талески и со претставници од бизнис-заедницата на регионот, претставени од Регионалната комора со седиште во Битола (28.5.2013 година).

Градоначалникот Талески ги истакна и ги образложи позначајните проекти на Општина Битола во кои спаѓаат Индустриската зона „Жабени", односно фабриките што функционираат или се градат во неа, како и просторот на старата битолска касарна која е, исто така, атрактивен локалитет за инвестирање. Заменик-претседателот на Регионалната комора со седиште во Битола, Мирко Велковски го изрази своето задоволство што така голем број на странски делегации пројавуваат желба за посета на Битола и покажуваат интерес за соработка со компаниите од овој регион. Тој уште еднаш од страна на Стопанската комора на Македонија и Регионалната комора со седиште во Битола им ја понуди целосната поддршка и помош за натамошен развој во бизнис-односите меѓу двете земји.

**29.5.2013 година**

**Групација на производители на заштитни врати –**

**ВГРАДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТНИ ЗАШТИТНИ ВРАТИ ВО КОЛЕКТИВНИ И ЈАВНИ ОБЈЕКТИ**

Постапката за испитување односно атестирање на заштитни врати во лабораторијата на Факултетот за дизајн и технологии на мебел, како и за постојната нелојална конкуренција и наредните активности за елиминирање на истите, беа тема на седницата на Групацијата на производители на заштитни врати при Стопанската комора на Македонија, што се одржана на 29.5.2013 година.

На состанокот беше соопштено дека на иницијатива на Групацијата на производители на заштитни врати, Државниот пазарен испекторат отпочнал да врши контрола кај производителите и увозниците на заштитни врати при што речиси сите производители до акредитираната лабораторија ги доставиле своите производи каде се вршеше испитување на истите во делот на статиката, динамиката и разбивањето на вратите за шест класи.

**29.5.2013 година**

**Регионална комора со седиште во Прилеп - ИНТЕРАКТИВНА РАБОТИЛНИЦА ЗА GS1 СТАНДАРДИТЕ**

Во организација на GS1 Македонија со логистичка поддршка на Регионалната комора со седиште во Прилеп, на 29.5.2013 година, во Прилеп се одржа интерактивна работилница за GS1 стандардите.

На интерактивната тренинг-сесија целта беше да се доближи тематиката на GS1 стандардите и да се овозможи стекнување на квалификувани знаења за GS1 системот во целина, за неговата меѓународна распознатливост и примена во различни области, за местото и улогата на GS1 Македонија во овој меѓународен систем на стандарди.

**29.5.2013 година**

**Во Министерството за економија одржана јавна расправа по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини - ПОСТИГНАТА ВЗАЕМНА СОГЛАСНОСТ СО БАРАЊАТА НА МАКЕДОНСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА РУДАРСТВОТО – МАР**

Во Министерството за економија се одржа расправа по забелешките на МАР, кои се однесуваа на измените на Законот за минерални суровини. Во расправата беа потенцирани неколку отворени прашања, а посебно внимание се обрна на членот кој предвидува финализирање на металичните суровини кои во производниот процес произведуваат злато. Во Македонија се произведува бакарен концентрат во кој има 21 отсто бакар и околу 10-15 грама злато на еден тон и истиот се извезува и станува сопственост на компаниите кои вршат натамошна финална преработка, што значи Македонија не може да има финална преработка на бакарниот концентрат, заради мали количини на производство. Согласно појаснувањата, а поддржани и од страна на професори од Факултетот за природни и технички науки од Штип, договорени се и усогласени ставовите за ова законско решение.

**30.5.2013 година**

**Здружение на трговијата - ПОДДРЖАНИ ИЗМЕНИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИТЕ ПЛАЌАЊА**

Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 23.5.2013 година, во присуство на претставници на Министерството за финансии и на Управата за јавни приходи, го искажа својот позитивен став во врска со донесувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања. Според предвидувањата, измените на Законот треба да стапат на сила од 1 јануари 2014 година, од кој датум ќе започне да тече обврската за инсталирање на интегрираниот автоматски систем на управување, така што за оние даночни обврзници чиј промет во претходната година надминува 10 милиони денари рокот ќе биде до 31 март 2014 година, додека за сите други - до 30 јуни 2014 година.

**31.5.2013 година**

**Македонската транспортна агенција и Агенцијата за храна и ветеринарство со заеднички решенија - ЗАБРЗУВАЊЕ НА ПРОТОКОТ НА СТОКИ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ**

Во насока на заедничко решение за надминување на поголемиот дел од проблемите со кои се соочуваат компаниите од областа на транспортот и шпедицијата, а со цел забрзување и олеснување на увозот и транзитот со храна, во Стопанската комора на Македонија беше одржана седница на Македонската транспортна асоцијација, на која присуствуваше заменик-директоротот на Агенцијата на храна и ветеринарство, Абдулезел Догани (30.5.2013 година).

На состанокот, што се одржа на барање на компаниите-членки на Асоцијацијата, беа разгледани повеќе прашања кои се однесуваат на унапредување на системите за контрола при увозот и транзитот на храна и тоа на сите гранични премини во државата. Клучните 3 точки за кои е потребна максимална посветеност во наредниот период се однесуваат на: - потребата за елиминирање на законските пречки (каде се предвидува исклучиво завршување на сите контроли при влез на стоката во државата), не давајќи можност истото да се заврши опционално и во внатрешноста, а при тоа да се бараат дозволите при `пуштање на стоката во слободен промет`, што е инаку вообичаена пракса, а не при премин на граничната линија, што сега е третирано како `увоз`; - потребата да се проверат сите поединечни случаи во EXIM-системот, каде за еден тип на стока се бараат повеќе дозволи, односно потребно е преиспитување на одлуките дали воопшто одредени дозволи/согласности за некои видови на стока треба да постојат (истакнат примерот со пченицата која се третира и како храна и растение и подлежи на повеќе контроли) и - подобрување на техничките решенија (посебно во делот на плаќањето на давачките).




**3.6.2013 година**

**Македонски компании ги посетија Меѓународниот саем за памук, волна, синтетика и природни влакна и Саемот за технички текстил „HIGHTEX 2013“ и „ITM TEXPO EURASIA 2013“ во Истанбул, Република Турција - ЗАПОЗНАВАЊЕ СО НАЈНОВИТЕ ТРЕНДОВИ ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА**

Делегација од 15-тина македонски компании со околу 30 учесници, во организација на Стопанската комора на Македонија, во периодот од 28 до 31 мај 2013 година, го посетија 10. Саем за текстил, ткаење, предива, плетење, везење, трикотажа и машини за текстил „ITM TEXPO EURASIA 2013“ и Саемот за технички текстил „HIGHTEX 2013“. Македонските компании имаа можност да се запознаат со најновите светски трендови во областа на текстилната дејност, современите технологии, опрема и алати за машинска обработка на текстилот, како и со разни машини за современа обработка на предива и трикотажа.

**3.6.2013 година**

**Предупредување од Групацијата на мелничко-пекарската индустрија при Стопанската комора на Македонија - СРПСКОТО БРАШНО ЌЕ ГО ДЕСТАБИЛИЗИРА ДОМАШНИОТ ПАЗАР**



Мелничко-пекарската индустрија ги подготви своите силоси за откуп по берзанска цена која, како земја-членка на ЦЕФТА, во регионот ја диктира Новосадската берза. Од овогодинешното очекувано производство од близу 280.000 тони се очекува да се откупат како и секоја година приближно 100.000 тони пченица. Претставниците на МПИ бараат: 1. Од страна на МЗШВ и Владата на РМ да не се воведува мерката за заштита на пазарот со пченица и брашно, со врзување на дозволените количини на увоз на брашно со откуп на количини меркантилна пченица произведени во Република Македонија, туку пазарот на пченица и брашно да биде слободен во текот на целата година. Доколку надлежните органи имаат намера истата да ја воведат и оваа година, во тој случај најитно да се воведе мерката во делот на брашното и тоа во однос 5:1. Евентуално опфаќање со мерката и на пченицата, согласно барањето на мелничарите, да биде во однос 2:1 и истата да започне да се применува со почетокот на жетвата. 2. Во однос на субвенциите што ги дава Владата на РМ, мелничарите сметаат дека е во ред принципот на кој тие се доделуваат, по единица површина како и во ЕУ, но истовремено предлагаат да се врши контрола при исплата на субвенциите со цел спречување на „сивата“ економија од страна на нерегистрираните откупувачи и истата да се врзе со откупна/кантарска белешка од регистриран откупувач. 3. Времено одложување на примената на Правилникот за поблиските услови кои треба да ги исполнуваат откупувачите на земјоделски производи и поблиските услови кои треба да ги исполнуваат откупните места на земјоделски производи додека не се одреди тип на апарат (согласно податоците доставени од Комората) кој би имал национално типско и би бил направен упис во регистарот на Бирото за метрологија. 4.

Измена на цената за чување на пченица од стоковните резерви, односно, зголемување за 100 % поради зголемените цени на трошоците.

**4.6.2013 година**

**Здружението на металургијата дефинира мерки кои треба да придонесат да се сопре влошувањето на производството во овој сектор - РЕШЕНИЈА ЗА ПРЕСВРТ НА СОСТОЈБАТА ВО ЗАЕДНИЧКИ ДИЈАЛОГ СО ВЛАДАТА**

Во металуршкиот сектор, особено во производството на основни метали од почетокот на оваа година дојде до натамошно влошување на состојбите, со изразено намалување на физичкиот обем на производството, беше констатирано на седница на Здружението на металургијата при Стопанската комора на Македонија (4.6.2013 година).Стопанствениците од овој сектор укажуваат на неповолни деловни тенденции до крајот на годината - кај челичната индустрија постои неизвесност во побарувачката на челични производи, која се очекува да се намали за 40%, а кај основните метали се очекува намалување на берзанските за 20-ина проценти. За посочените прашања Здружението дефинираше предлог-мерки, кои ќе ги достави до Владата на РМ, со предлог - преку отворен дијалог да се договорат заеднички активности за нивно надминување, со цел опстојување на металуршкиот, како витален сектор на македонската економија.

**6.6.2013 година**

**Македонска енергетска асоцијација - ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈАТА НА ПАЗАРОТ ТРЕБА ДА ДОНЕСЕ ПОНИСКИ ЦЕНИ НА ЕЛЕКТРИЧНАТА ЕНЕРГИЈА**



Во организација на Македонската енергетска асоцијација при Стопанската комора на Македонија, на 6 јуни 2013 година се одржаа работни состаноци со две групи на постојни и идни квалификувани потрошувачи на електрична енергија на тема: „Пазар на електрична енергија во РМ - нови квалификувани потрошувачи на слободниот пазар“.

Процесот на либерализацијата на пазарот на електрична енергија за 146-те компании кои согласно Законот за енергетика ќе излезат на слободниот пазар ќе има позитивни ефекти и истиот е едноставен процес за потрошувачите, со оглед дека најголем дел од активностите треба да ги преземе снабдувачот со електрична енергија, - истакна Анѓушев во неговата презентација. Пресметките, направени за дел од индустриските потрошувачи покажуваат намалување на трошокот за електрична енергија, во просек за 20-ина проценти од постојната.

**8.6.2013 година**

**Регионална комора со седиште во Битола - МРЕЖА НА ТЕРМАЛНИ ИЗВОРИ КАКО ИНТЕГРИРАН СИСТЕМ ЗА РАЗВОЈ НА АЛТЕРНАТИВНИОТ ТУРИЗАМ**

Фондацијата за развој на мали и средни претпријатија - Битола и Проектот „Мрежа на термални извори како интегриран систем“, во соработка со Регионалната комора со седиште во Битола, организираа промотивен настан „Презентација на дигитализацијата на термалниот извор Цар Самоил – Бања Бањско“, што се одржа на 7 јуни 2013 во Битола.

Проектот „Мрежа на термални извори како интегриран систем“ се имплементира во рамките на ИПА-програмата за прекугранична соработка меѓу Р. Македонија и Р. Грција, во партнерство меѓу Фондацијата за развој на мали и средни претпријатија - Битола и Асоцијацијата на термални бањи на општините од Солун, Р. Грција. Целта на Проектот е промовирање на бањскиот туризам во Македонија, во насока тој да стане перманентен, а не сезонски извор на приходи за локалната економија и поставување на природните термални бањи во Р. Македонија на домашната и европска туристичка мапа.

**10.6.2013 година**

**Здружението на металургијата сигнализира сериозно намалување на производните и извозните активности во секторот - ПОДГОТВЕНИ МЕРКИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ И СЕ ОЧЕКУВА ДИЈАЛОГ СО ВЛАДАТА**

Актуелните состојби во металуршкиот сектор ги карактеризира натамошно намалување на производните и извозните активности. Производството на основни метали во првите четири месеци бележи намалување за 22 отсто, ова беше истакнато на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија. Деловните тенденции до крајот на годинава се во насока на намалување на побарувачката и на продажните цени во челичната индустрија, намалени берзански цени за фероникелот и очекувано натамошно опаѓање на берзанските цени на оловото и цинкот. Под силно влијание на економските состојби на глобален план, металуршкиот сектор се соочува со голем број отворени прашања, од кои најзначајно место имаат енергетските прашања и прашањата поврзани со еколошкото услогласување на компаниите, од аспект на роковите за исполнување на барањата.

**10.6.2013 година**

**Во Општина Охрид почна да функционира ново советодавно работно тело - ФОРМИРАН СОВЕТ НА ГРАДСКИ ТАТКОВЦИ**



По предлог на градоначалникот на Општина Охрид, Никола Бакрачески, на 10 јуни 2013 година, формирано е постојано советодавно работно тело Совет на градски татковци. Идејата е да се поддржи локалната економија со заедничка соработка на локалната и централната власт, бизнис-заедницата и пошироката научна јавност. Членови на Советот се истакнати поединци кои потекнуваат од Охрид, меѓу кои се и претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и министерот задолжен за привлекување на странски инвестиции, Бил Павлески. На првата седница на Советот беше донесен Деловник за работа на истиот и беа разменети идеи од страна на присутните за натамошно функционирање на Советот. Бранко Азески го истакна задоволството што е дел од Советот и ја даде својата поддршка за реализација на активностите кои ќе произлезат од наредните состаноци на ова тело.

**11.6.2013 година**

**Претставници на Регионалната комора со седиште во Прилеп и градоначалникот Марјан Ристевски во посета на прехранбената индустрија „Дониа“ - КВАЛИТЕТОТ ГИ ПРОНАОЃА ПОТРОШУВАЧИТЕ**

Во рамките на планираните активности и во договор со градоначалникот на општина Прилеп, Марјан Ристески, почна реализацијата на заедничкиот проект „Работни посети на компаниите од нашиов регион“ со нагласена посета на производните капацитети и разговори со менаџментот во врска планираните развојни и инвестициони активности на компаниите. На 7.6.2013 година беше посетена прехранбената индустрија „Дониа“ која вработува повеќе од 150 работници и претставува нов бренд во прехранбената индустрија, со нагласена извозна ориентација со широка палета на производи. Како општествено одговорна компанија се има закитено со поголем број награди за општествено одговорни практики во 2009 и 2010 година, за бизнис на годината 2010; за најдобар дизајн 2002; за развој 2008 година и други награди. Квалитетот на своите производи го постигнуваат работејќи по HACCP и ISO 22000 стандардите.

**14.6.2013 година**

**Групација на инспекциските тела - работилници за тахографи и таксиметри - НЕЛОЈАЛНА КОНКУРЕНЦИЈА И СО ЦЕНАТА И СО – (НЕ)СТРУЧНОСТА!**

На работниот состанок на Групацијата на инспекциските тела - работилници за тахографи и таксиметри (акредитирани правни лица за сервисирање на тахографи и таксиметри) одржана на 14.6.2013 година во Стопанската комора на Македонија, се расправаше за моментално актуелните состојби во дејноста согласно постојната законска регулатива. На состанокот посебно се посочи проблемот на нелојалната конкуренција која се јавува во висината на износот, односно цената за извршената услуга, сервисирањето на тахографите. Се истакна дека одредени инспекциски тела кои добиле акредитација не се доволно стручни за вршење на оваа дејност со што се прави нелојална конкуренција на пазарот, која се јавува во висината на износот односно цената на извршената услуга, односно сервисирањето и калибрирањето на тахографите.

**18.6.2013 година**

**Здружение на угостителството и туризмот – ПОНУДА ЗА ЗАЕДНИЧКО УТВРДУВАЊЕ НА ДОЗВОЛЕНАТА ВИСИНА НА КАЛО И РАСТУР ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО**

Согласно Ззаклучокот од седницата на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, Работната група со која раководеше потпретседателот на Здружението Соња Бибановска, со учество на претставници од Министерството за економија и Министерството за финансии, детално ја анализираше состојбата со сегашните искуства и законските решенија во Република Македонија за дозволените кало и растурот во прехраната во угостителството, како и барањето на Владата на Република Македонија за дефинирање на нормативното регулирање во оваа област во угостителството.

**19.6.2013 година**

**Членките на Здружението на градежништвото - БАРААТ ДОПОЛНУВАЊЕ НА НОРМАТИВИТЕ ЗА КАЛО И РАСТУР ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО**

Здружението расправаше по Предлог-нормативите со кои ќе се утврди висина на кало и растур во градежништвото. Во присуство на претставници од надлежните институции се отвори дискусија за нормативите и по која методологија се предлагаат висините за калото и за растурот во градежништвото. На седницата се оцени дека предлозите, кои беа претходно доставени во февруари 2013 гоидна, треба да се дополнат и со предлог на нови материјали кои се

вградуваат во објектите. За таа цел, се заклучи, компаниите своите дополнителни предлози да ги достават до понеделник и истите обединети со аргументи да бидат доставени до надлежните министерства.

**19.6.2013 година**

**Здружение на комуналните дејности - УСВОЕН КОДЕКСОТ НА ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИТЕ СУБЈЕКТИ ОД КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ**

Членките на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија, го потпишаа Кодексот на етичко однесување на деловните субјекти од комуналните дејности, со кој се утврдуваат основните правила на добро однесување во работењето и меѓусебното дејствување на членовите на Здружението, почитувајќи ги општите норми на однесување и принципите на деловната и професионалната етика и добрите деловни обичаи, со цел изградба и зацврстување на довербата меѓу членките, како и меѓу корисниците на нивните производи и услуги. На состанокот, пред членките на Здружението беше направена презентација на два различни модела на депонирање на отпад. Едниот, во депонијата „Дрисла" согласно Проектот на јавното приватно партнерство каде мнозински сопственик е италијанската фирма ФЦЛ „Амбиенте" од Италија каде селекцијата на отпадот се врши директно на депонијата и вториот, депонирање на отпад во организација на ЈКП „Комуналец" од Прилеп на депонијата Алинци, со сопствени вложувања, каде се применува примарна селекција, односно отпадот се селектира со фрлање на ѓубрето во различни канти според видот на отпад.

**19.6.2013 година**

**Здружение на трговијата - Донесувањето пропис за утврдување на нормативи за дозволена висина на кало и растур во трговијата - РЕАЛНА ПОТРЕБА ШТО ТРЕБА ШТО ПОСКОРО ДА СЕ РЕАЛИЗИРА**




Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 19.6.2013 година, во присуство на претставници на Министерството за економија, Министерството за финансии и на Управата за јавни приходи, водеше расправа по текстот на Предлог-нормативите за дозволена висина на кало и растур во трговијата на големо и на мало, што како работен материјал беше изготвен врз база на мислењата и предлозите на компаниите од трговската дејност и доставен до членките на ова Здружение на разгледување. Беше истакнато дека основата за донесување на еден ваков, за компаниите, значаен документ произлегува од Законот за дополнување на Законот за данок на добивка, каде што се предвидува донесување подзаконски пропис за нормирање на износите на кало, растур, крш и расипување на стоки и одделни производи утврдени за секоја соодветна гранка за даночни цели.

**20.6.2013 година**

**Регионална комора со седиште во Кичево - Работна средба со Министерство за економија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р.Македонија - РАЗГЛЕДАНИ ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА ЕКОНОМИЈАТА ВО КИЧЕВО**

Регионалната комора со седиште во Кичево со поддршка од единицата за локален екомонски развој ЛЕР - Кичево, организираше работна средба со претставници од Министерството за економија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија на 20.6.2013 година во просториите на општина Кичево. Работната средна ја отвори претставникот на Министерството за економија, државниот советник Блерим Златку, кој ги поздрави присутните и изрази нивна подготвеност за разгледување на можностите за развој на регионот, како и за подостапните информации за процедурите при аплицирање за фондови и средства наменети за бизнис-заедницата кои ги доделува Владата преку мерките за поддршка на малите и средните претпријатија и достапните европски фондови.

**24.6.2013 година**

**Здружението на трговијата дава целосна поддршка на измените на Законот за регистрирање на готовински плаќања - ФИСКАЛНАТА ДИСЦИПЛИНА ЌЕ ЈА НАМАЛИ НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА НА ПАЗАРОТ**

Здружението на трговијата во целост го поддржува донесувањето на овој закон, оценувајќи дека со воведувањето на системот на непосредно следење на готовинскиот промет ќе се создадат услови за потребната фискална дисциплина на даночните обврзници што би било во функција на надминување на присутната нелојална конкуренција на пазарот.

Во врска со очекуваните ефекти во заштитата на македонските производи и стимулирањето на потрошувачите со вградување на фискалното лого со сонце и на споменатите пораки во содржината на фискалната сметка, беше истакнато дека позначајни ефекти би се постигнале доколку упатувањето и рекламата за користење на македонските производи би се правеле непосредно на самите продажни пунктови, тезги и гондоли, во која насока трговците би го дале својот максимален придонес.

**24.6.2013 година**

**Се продлабочува туристичката соработка меѓу Македонија и Косово - ПОТПИШАН ДОГОВОРОТ ЗА ТУРИЗАМ, ЌЕ СЕ КРЕИРААТ ЗАЕДНИЧКИ ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ**

Македонија и Косово ќе работат на креирање заеднички туристички производи и на привлекување што е можно повеќе странски туристи кои би ги посетиле двете земји, а заедно ќе настапуваат на трети пазари и на туристички саеми. Ова е предвидено во Договорот за туризам, што во Скопје на 24.6.2013 година го потпишаа министерот за економија во Владата на РМ Ваљон Сарачини и заменик-претседателот на косовската Влада и министер за трговија и индустрија Мимоза Кусари-Лила. - Туризмот испраќа јасен сигнал дека на Балканот има мали држави кои се блиски и на кои за успех им е потребна заедничка понуда. Тоа особено важи за областа на туризмот каде треба да се понудат заеднички пакети за посета на нашите земји, - рече Кусари-Лила. Таа нагласи дека Косово посветува големо внимание на изградбата на патната инфраструктура што е неопходна за развој на туризмот.

**24.6.2013 година**

**Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески со своите соработници во посета на „Раде Кончар контактори и релеи" - НЕОПХОДНА СИЛНА ПОДДРШКА НА ИЗВОЗНИТЕ КОМПАНИИ**

Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески со своите соработници, на 24.6.2013 година реализира работна посета на „Раде Кончар контактори и релеи" ДОО од Скопје. Во разговорите со раководниот тим на компанијата, претседателот на Комората беше запознаен со модернизацијата, развојот и техничкиот напредок во производството на контактори и релеи. Се информираше дека најголем дел од извозните активности во изминатиот период оваа компанија ги реализираше во земјите на Блискиот Исток, земјите од Медитеранот и земјите од Северна Африка. Во разговорот посебно беа истакнати отсуството на доволен број на македонски економски претставништва во овие држави, слабата поддршка од Владата за претставување на компаниите на разни саеми, изложби и други манифестации, флуктуацијата на инженерски кадри во новите објекти кои се странски инвестиции и други проблеми.



**24.6.2013 година**

**Конференцијата „Како до посакуваната работна позиција?" во Битола - ИНТЕРАКТИВЕН РАЗГОВОР СО КОМПАНИИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА КАРИЕРАТА НА МЛАДИТЕ**

Во организација на Фондацијата за развој на мали и средни претпријатија од Битола, во рамките на Проектот за зајакнување на МСП секторот во прекуграничниот регион, а на која учество зеде и Регионалната комора со седиште во Битола, на 20.6.2013 година во Битола се одржа конференцијата: „Како до посакуваната работна позиција?". Целната група на конференцијата беа млади луѓе кои се посветени на кариерата и кариерниот развој и оние кои сакаат да дознаат кои се „идеалните" вработени за секој работодавач.

Од страна на Регионалната комора со седиште во Битола, присутните беа запознаени за поединостите на бизнис-климата во регионот и можностите за вработување во регионалните претпријатија, но и информации за државата во целост. Компаниите се претставија со своите очекувања од идните вработени и ги назначија битните елементи за тоа што значи да се биде вработен во нив. На вториот дел од настанот беше акцентирано и самовработувањето како начин на вработување.

**24.6.2013 година**

**Регионалната комора со седиште во Кичево - ДОНАЦИЈА ВО ОПРЕМА ЗА МЕДИЦИНСКИОТ ЦЕНТАР ВО КИЧЕВО**

Регионалнта комора со седиште во Кичево организираше донаторска средба на 21 јуни 2013 година во Медицинскиот центар во Кичево. Бизнис-заедницата донираше педесет гарнитури чаршафи, перници и ќебиња за потребите на Медицинскиот центар. Регионалната комора со седиште во Кичево, заедно со своите членки, како општествена одговорна организација активно ќе зема учество во помагање на училиштата и во поединечни хуманитарни случаи. Донацијата претставува дел од програмата на Регионалната комора со седиште во Кичево која се организираше со

поддршка на бизнис-заедницата, а поддршка на иницијативата искажа и заменик-министерот за локална самоуправа Ѓорѓија Сајкоски и раководството на Медицинскиот центар - Кичево.

**26.6.2013 година**

**Членките на Здружението на хемиската индустрија наскоро ќе потпишат кодекс за добро однесување - ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРАВЦИТЕ ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО ПОТРОШУВАЧИТЕ**

Членките на Здружението на хемиската индустрија се подготвени да ги дефинираат правците за комуницирање со потрошувачите преку потпишување кодекс за добро однесување на стопанските субјекти од оваа индустрија, - истакна претседателот на Здружението, Зоран Костовски, на состанокот одржан на 26.6.2013 година во Стопанската комора на Македонија. Донесувањето на кодексот претставува рамка за регулирање на работењето на субјектите од хемиската индустрија и преку утврдување на минимумот стандарди и вредности за добро работење ќе обезбеди фер пазарно натпреварување во рамките на оваа индустрија.

**26.6.2013 година**

**Регионална комора со седиште во Кавадарци - НОВИТЕ МОЖНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ПРОЕКТИ СОГЛАСНО ИПАРД-ПРОГРАМАТА**

Регионалната комора со седиште во Кавадарци во соработка со Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство, на 25 јуни 2013 година, пред повеќе од дваесетина компании од регионот организираа презентација на тема: „Новите можности за реализација на инвестициони проекти согласно ИПАРД-Програмата“. Пред распишувањето на новиот јавен повик за користење средства од ИПАРД-Програмата, на претставниците од компаниите им беше објаснето дека се предвидуваат поедноставни процедури, проширени опфати и зголемено финансирање.

**27.6.2013 година**

**Регионална комора со седиште во Куманово - ПРЕЗЕНТИРАНИ НОВИТЕ МОЖНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ПРОЕКТИ СОГЛАСНО ИПАРД-ПРОГРАМАТА**

Претставници на Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство, од секторот за ИПАРД-Програмата, во Регионалната комора со седиште во Куманово пред претставници од фирми- членки на Стопанската комора од тој регион реализираа презентација на „Новите можности за реализација на инвестициони проекти согласно ИПАРД - Програмата“. Присутните беа запознаени со поедноставените процедури и можностите што ги нуди ИПАРД, секторите и дејностите во кои може да се аплицира за неповратни средства, како и спецификите на аплицирање. Целта како што посочија претставниците на Министерството за животна средина е постигнување поголеми стандарди во работењето, модернизација на постојните капацитети и повисок степен на заштита на животната средина.

**27.6.2013 година**

**Регионална комора со седиште во Струмица - ИЗРАЗЕН ИНТЕРЕС ЗА ПОГОЛЕМО КОРИСТЕЊЕ НА АРБИТРАЖАТА ВО РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ**



Регионалната комора со седиште во Струмица, на седницата одржана на 26.6.2013 година, организираше презентации за новите можности за реализација на инвестициони проекти согласно ИПАРД-Програмата, како и на Арбитражата – можност за побрз и поефикасен начин за решавање на споровите на компаниите.

Презентација за Ипард-Програмата имаше Василка Тамбуркова од Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство, која нагласи дека новиот јавен повик за користење средства од Ипард-Програмата, кој ќе биде објавен во текот на јули или август годинава, предвидува поедноставување на процедурите, но истовремено со проширени опфати и зголемено финансирање. Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија е постојана арбитражна институција основана согласно Законот, - нагласи во своето излагање м-р Татјана Штерјова, при презентирањето на можноста за нејзино користење за побрз и поефикасен начин за решавање на споровите на компаниите.

**28.6.2013 година**

**Работилница за државна помош за општините, универзитетите, бизнис-заедницата и останати заинтересирани страни - ЗАПОЗНАВАЊЕ СО МОЖНОСТИТЕ ДА СЕ ДОБИЕ ЈАВЕН ГРАНТ ОД МАКЕДОНИЈА ИЛИ ОД ЕВРОПСКИОТ БУЏЕТ**

Во рамките на Проектот „Поддршка на Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК) за контрола на државната помош“, во соработка и со поддршка на Регионалната комора со седиште во Битола, на 27.6.2013 година во Битола се одржа работилница на тема: „Државна помош и европско финансирање“, за правилните начини на доделување и

користење државна помош. На семинарот, учесниците се стекнаа со основно познавање за правилата на државна помош и како да се ориентираат во рамките на македонското законодавство.

**2.7.2013 година**

**Можностите за користење на средства од ИПАРД-Програмата побудија голем интерес кај стопанствениците од регионот на Крива Паланка - НОВИТЕ УСЛОВИ ЌЕ ГО ЗГОЛЕМАТ КОРИСТЕЊЕТО**

Во организација на Стопанската комора на Македонија, Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство и градот домаќин - Крива Паланка, на 1.7.2013 година, пред стопанственици од регионот се одржа презентација на тема: „Новите можности за реализација на инвестициони проекти согласно ИПАРД-Програмата. Преку сеопфатното излагање на Василка Тамбуркова, советник во Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство, присутните беа подетално информирани за процедурите и широкиот спектар на можности што ги нуди ИПАРД-Програмата, за секторите и дејностите во кои може да се аплицира за користење на средства од оваа Програма, за новините што се нудат на потенцијалните корисници, како и за принципите и спецификите на аплицирање.

**3.7.2013 година**

**Регионални комори со седиште во Гостивар и во Тетово - ПОЕДНОСТАВЕНИТЕ ПРОЦЕДУРИ И ПОГОЛЕМИОТ ОПФАТ ГО ЗГОЛЕМУВААТ ИНТЕРЕСОТ**

Регионалните комори со седиште во Гостивар и во Тетово, во соработка со Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство, на 2 јули 2013 година, организираа презентација на тема: „Новите можности за реализација на инвестициони проекти согласно ИПАРД-Програмата“. На презентацијата присуствуваа претставници од дваесетина фирми од Гостивар и Тетово. Распишувањето на новиот јавен повик за користење средства од ИПАРД-Програмата, се очекува да се објави во месец јули. На презентацијата претставниците од компаниите беа запознаени со измените во Програмата, со што се поедноставуваат процедурите за аплицирање.

**4.7.2013 година**

**Регионална комора со седиште во Скопје - ПРЕЗЕНТИРАНИ НОВИТЕ МОЖНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ПРОЕКТИ СОГЛАСНО ИПАРД-ПРОГРАМАТА**

Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Скопје, на 14-та седница одржана на 4.7.2013 година, ја презентираше Програмата за користење средства од инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската унија /ИПАРД/ за периодот 2007-2013 годинаа.

На седницата со која претседаваше д-р Горан Рафајловски, претседател на Регионалната комора со седиште во Скопје, присуствуваа и претставници на фирми од Регионалната комора со седиште во Велес.

Виктор Младеновски, претставник на Телото за управување со ИПАРД-Програмата посебно се задржа на следните компоненти: Мерка 101 - која се однесува за инвестиции во земјоделското производство во делот на овошни и лозови насади, производство на зеленчук, одгледување на животни за производство на млеко и месо.

**9.7.2013 година**

**Регионалната комора со седиште во Куманово во функција на помош на малите и средни бизниси во регионот - ПРЕЗЕНТИРАНИ НОВИТЕ КРЕДИТНИ ЛИНИИ НА МАКЕДОНСКАТА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ**

Пред членките на Стопанската комора на Македонија од Регионалната комора со седиште во Куманово, беа презентирани новите кредитни линии на Македонската банка за поддршка на развојот, наменети за мали и средни претпријатија. Презентацијата ја изврши Александар Станојковски, директор во банката.

Во својата презентација тој посебно се задржа на Кредитната линија на Европската инвестициона банка, на кредитите за производство/преработка/извоз на земјоделски производи, на финансирањето на производството наменето за извоз, на стоковната кредитна линија од Република Италија (револвинг фонд), на кредитната линија за трајни обртни средства, на условите од земјоделскиот кредитен дисконтен фонд, на кредитната линија за финансирање на мали и средни претпријатија.

**9.7.2013 година**

**Делегација од Општина Прилеп, заедно со претставници од бизнис-секторот, во посета на Република Кина - КИНЕСКИ КОМПАНИИ СЕ ОЧЕКУВААТ ВО ТЕХНОЛОШКО-ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА АЛИНЦИ**




Мешовита делегација од Општина Прилеп, предводена од градоначалникот Марјан Ристески и извршниот директор на Регионалната комора со седиште во Прилеп, Ристо Најдоски, од 30 јуни до 8 јули 2013 година престојуваше во работна посета на Народна Република Кина.

Во мешовитата делегација, покрај соработниците на градоначалникот, учествуваа и раководните лица на најголемите прилепски компании: Сашо Наумоски, генерален директор на АД „Витаминка“; Марјан Мијоски, директор на

Тутунскиот комбинат ДООЕЛ Цигари, Ирена Јакимоска, кософственик и менаџер на конфекцијата „Комфи Ангел“ и раководните лица на АД „Мермерен комбинат“, Мехмет Гунајдин и Јасна Аџиевска Петрушева. Во организација на Министерството за надворешни работи на Р. Македонија, во периодот од 2 до 4 јули 2013 година делегацијата учествуваше на „Бизнис-форумот Чонгчинг 2013“. На форумот свое обраќање имаше претседателот на Владата на Р. Македонија, м-р Никола Груевски и активно учествуваше на Бизнис-саемот на 16 држави од Источна и Централна Европа, меѓу кои и Р. Македонија и 17 провинции од Народна Република Кина.

**10.7.2013 година**

**Регионална комора со седиште во Битола - ИПАРД НУДИ НОВИ МОЖНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ПРОЕКТИ**

Како дел од кампањата на Стопанската комора на Македонија, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија и во организација на Регионалната комора со седиште во Битола, на 10.7.2013 година, во Битола се одржа презентација за новите можности за реализација на инвестициони проекти согласно ИПАРД-Програмата. Како целна група на презентацијата беа деловни субјекти од Пелагониско-преспанскиот регион.

Во поздравното обраќање пред 20-тина присутни компании, в.д. претседателот на Регионалната комора со седиште во Битола, Мирко Велковски, се осврна на фактот дека компаниите ќе ја искористат оваа можност директно да се запознаат со поволностите за реализација на инвестиционите проекти согласно ИПАРД-Програмата која нуди неповратна поддршка во висина до 50% од вкупната пресметковна вредност за проекти од земјоделството, прехранбената индустрија, туризмот, руралниот развој, инфраструктурата и сл. Тој особено го истакна фактот дека е потребна поголема искористеност од овие фондови кои се на располагање на стопанството во регионот.

**10.7.2013 година**

**Регионални комори со седиште во Кочани и Берово - ПРЕЗЕНТИРАНИ НОВИТЕ МОЖНОСТИ НА ИПАРД-ПРОГРАМАТА И АРБИТРАЖАТА**



Претставници на Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство, од секторот за ИПАРД-Програмата, во Кочани пред бизнисмени од Регионалните комори со седиште во и во Берово ги презентираа „Новите можности за реализација на инвестициони проекти согласно ИПАРД-Програмата“. Присутните беа запознаени со поедноставените процедури и можностите што ги нуди ИПАРД, секторите и дејностите во кои може да се аплицира за неповратни средства, како и спецификите на аплицирање.

**10.7.2013 година**

**Групацијата на пазари со барање што побрзо да биде донесен закон за трговија на зелени пазари - СЕКОЈДНЕВНО СЕ' ПОГОЛЕМ БРОЈ ДИВИ ПАЗАРЏИИ**

Групацијата на пазари при Стопанската комора на Македонија сигнализира на алармантен пораст на дивите пазарџии околу просторот на пазарите. Во отсуство на дефинирана законска рамка и некоординирана активност на инспекциските и другите надлежни институции во државата, закупците на тезги кои редовно плаќаат закуп и се оданочени со паушален персонален данок, се револтираат и ги откажуваат тезгите. За сметка на тоа излегуваат надвор и стануваат нелегални (диви) пазарџии. На некои од пазарите ширум земјата има случаи кога едно семејство има закупено тезга и на пазарот внатре, но продава и на нелегална тезга пред пазарот. Во некои од градовите се` поизразени се диви пазари на стара стока за која немаат дозвола за работа.

На состанокот беа присутни директорот на Државниот пазарен инспекторат, претставници од Министерството за економија, од Државниот комунален инспекторат, Заедницата на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС.

**11.7.2013 година**

**Регионална комора со седиште во Штип - СО СРЕДСТВА ОД ИПАРД-ПРОГРАМАТА ДО НОВА ЗЕМЈОДЕЛСКА МЕХАНИЗАЦИЈА**

Претставници на Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство, од секторот за ИПАРД - Програмата, одржаа презентација на новите можности што ги нуди ИПРАД-Програмата. Компаниите беа запознаени со поедноставените процедури и можностите што ги нуди ИПАРД, секторите и дејностите во кои може да се аплицира за неповратни средства, како и спецификите за аплицирање. Беа презентирани трите мерки во рамките на кои може да бидат подготвени инвестициски проекти. На состанокот беше даден акцент и на можностите и поволностите што ги нуди Арбитражниот суд, а кои ги претстави претседателот на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, д-р Арсен Јаневски.

**15.7.2013 година**

**Регионална комора со седиште во Гевгелија - ПРЕЗЕНТИРАНИ НОВИТЕ МОЖНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ПРОЕКТИ СОГЛАСНО ИПАРД-ПРОГРАМАТА**

Седницата беше со карактер на презентации на неколку актуелни теми од работењето на компаниите и тоа: „Новите можности за реализација на вашите инвестициони проекти согласно ИПАРД-Програмата“, презентирана од претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, потоа „Новите кредитни линии на Македонска банка за подршка на развојот –МБПР“, презентирана од претставници од Македонската банка за поддршка на развојот - МБПР, како и „Стручно оспособување на меѓународни возачи и на управители - нова услуга на Комората“ презентирана од претставник од Стопанската комора на Македонија. Посебно беше презентирана и услугата на кредитно осигурување на домашни побарувања и извозни побарувања од комерцијални и политички ризици, како и на факторингот како најнов производ и единствен на финансискиот пазар во Република Македонија наменет за одложени побарувања.

**17.7.2013**

**Групацијата на мелничко-пекарската индустрија констатира - ОТКУПОТ НА ПЧЕНИЦАТА СЕ ОДВИВА БЕЗ ПРОБЛЕМИ**

Групацијата на мелничко-пекарската индустрија при Стопанската комора на Македонија, на својата последна седница ги разгледа актуелните состојби во мелничко-пекарската индустрија по воведувањето на мерките од страна на Владата на РМ и откупот на пченица. Согласно податоците добиени од компаниите, од почетокот на овогодинешната жетва се откупени 55.000 тони лебно жито. Мелничарите, соочени со послаб квалитет на пченицата од овогодинешниот род, како на домашната, така и на онаа која доаѓа при увоз од соседството, а со исклучок на одредени комбинати и региони во Република Македонија, ја поддржуваат Одлуката на Владата на Република Македонија за донесување на мерката за заштита на пазарот со пченица и брашно, со врзување на дозволените количини на увоз на брашно со откуп на количини меркантилна пченица произведени во Република Македонија.

**14.8.2013 година**

**Работилница со поддршка на Регионалната комора со седиште во Битола - ПОЕДНОСТАВЕНИ ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ, Е-ЦАРИНА И ТИР-ЕПД**



Во Битола, во организација на Царинската управа на Република Македонија, АМЕРИТ, СИЗ Македонија Сообраќај, а во соработка и со поддршка на Регионалната комора со седиште во Битола, се одржа работилница за поедноставени царински постапки, Е-Царина и ТИР-ЕПД.

Пред деловните луѓе беа и презентирани и активности на АМЕРИТ во насока на олеснување на работењето на транспортните компании, поднесување на електронска царинска декларација пред ставање на стоката на увид при транспорт со ТИР карнети, како и безбеден товар, обезбедување на товарот и рационално возење. Обраќање и презентација имаше и директорот на Царинската управа на Република Македонија, Ванчо Каргов. Тој меѓу другото истакна и дека на овој начин на локално ниво со директна презентација пред локалните бизнисмени им се објаснува кои се новините и можностите кои не се користат доволно во трговското работење со странство.

**23.8.2013 година**

**Анкета за доставување податоци за спроведени и планирани проекти за остварување на заштеди на енергија**

Македонска енергетска асоцијација - Групација за климатизација, греење, ладење и проветрување во соработка со Министерството за економија реализираше анкета во врска со спроведени и планирани проекти за остварување на заштеди на енергија.

Податоците се во фурнкција на изработка на Вториот Акционен план за енергетска ефикасност од страна на Министерството за економија кој ќе содржи анализа и извештај за спроведувањето на мерките и активностите од Првиот Акционен план за енергетска ефикасност во периодот од 2010 до 2012 година, мерки и активности за подобрување на енергетската ефикасност во наредниот период со цел постигнување на националните индикативни цели за заштеда на енергија.

**27.8.2013 година**

**По повод Денот на рударите - 28 Август - ПРИЗНАНИЈА ЗА 20 РУДАРИ И ЗА МАКЕДОНСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА РУДАРСТВОТО**

По повод Денот на рударите - 28 Август, министерот за економија, Ваљон Сарачини, на средба со претставниците од секторот за минерални суровини во хотелот „Александар Палас" додели награди на 20 рудари, истакнати во своето работење.

Признание за досегашната соработка и придонес во развојот на секторот минерални суровини доби и Македонската асоцијација на рударството (МАР) при Стопанската комора на Македонија. Како што истакна министерот Сарачини, низ дијалогот со реалниот сектор, токму преку оваа коморска асоцијација, во голема мерка се придонесе за развојот на рударството во Република Македонија, преку изградување на квалитетна регулатива и амбиент за оваа значајна базична индустрија.

**28.8.2013 година**

**Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите ја истакна потребата од донесување нов модел - договор меѓу инвеститорите и изведувачите - ПРИМЕНА НА „ФИДИК"-НОРМАТИВИТЕ ВО ЗЕМЈАВА**

На барање на градежните компании, но и на државните институции кои се јавуваат како инвеститори на објекти во Република Македонија, на состанокот се покрена иницијатива за донесување модел на договор во кој ќе бидат вградени и одредби за вклопување на узансите од непредвидени и дополнителни работи (вишок и кусок на материјал) кои се јавуваат при изведувањето на градежните работи. Беше потенцирано дека се наметнува потребата од избалансирање на правата и обврските на инвеститорот и изведувачот, со посебен акцент на признавање на зголемениот обем на извршени, а непредвидени или пресметани работи кои се јавуваат во текот на градбата. Основа треба да бидат „Фидик"-нормативите, но и одредбите од позитивната законска регулатива во земјата.

**29.8.2013 година**

**Во Рудникот „Бучим" од Радовиш одбележан Денот на рударите – 28 Август - НОВИ ИНВЕСТИЦИИ И РАБОТНИ МЕСТА**

Во присуство на претставници на државните институции и локалната власт, како и пред вработените, со пригодна културноуметничка програма во Рудникот „Бучим" во Радовиш беше одбележан 28 Август - Денот на рударите. Во своето обраќање пред присутните, Василиј Борутски, извршен директор на „Бучим", истакна дека, со рестартирањето на рудникот во 2005 година, повторно се врати сјајот на рударството во радовишкиот регион.

Гордоста на 700 вработени и на менаџерскиот тим е зголемена и со отворањето на фабриката за производство на катоден бакар, со што се зголемува производството кое е планирано на годишно ниво од 2.500 тони.




**10.9.2013 година**

**Во Стопанската комора на Македонија презентирана Стратегијата на ЈИЕ 2020: работни места и просперитет во европска перспектива - ЗАЕДНИЧКА ЦЕЛ МИЛИОН НОВИ РАБОТНИ МЕСТА**

Милион нови работни места до 2020 година во регионот на Југоисточна Европа, зголемување на директните странски инвестиции за 240 проценти, на обемот на трговија за 140 проценти, на вработеноста за 5 проценти и на високообразовната работна сила за 300.000 лица, предвидува презентираната Нацрт-стратегија за ЈИЕ 2020: Работни места и просперитет во европска перспектива. На презентацијата која се одржа во Стопанската комора на Македонија беше образложена Стратегијата на ЈИЕ 2020 од страна на Сањин Арифагиќ, координатор на Советот за регионална соработка.

**13.9.2013 година**

**Одржана средба меѓу Регионалната комора со седиште во Охрид и општините Охрид и Корча - РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА ЗА РАЗВОЈ НА РЕГИОНИТЕ**

Во просториите на Општина Охрид се одржа средба меѓу претставници на Стопанската комора на Македонија, Општина Охрид и Општина Корча. На средбата беа разменети искуства од областа на туризмот како и можностите за настап со заеднички пакет туристички понуди од двете општини. - Заинтересирани сме за заеднички настап пред странските туроператори, како и зголемување на соработката меѓу двете општини во повеќе области, - изјави Вилма Петру, директорка на Одделението за развој при Општина Корча. Од Секторот за туризам и локален економски развој ја изразија подготвеноста за настап и изработка на заеднички проекти се` со цел да се постигнат зацртаните цели на локално ниво. Комуникацијата меѓу двете општини е на задоволително ниво, а во иднина таквите пријателски односи треба да ги зголемат бенефитите за локалното население во двете држави, беше заклучено на средбата. Регионалната комора со

седиште во Охрид е од голема важност за вмрежување на бизнисите меѓу двете земји и претставува линк меѓу бизнисите на двете страни.

**16.9.2013 година**

**Бројна посета на македонски компании на „EURASIA PACKAGING 2013 ISTANBUL“ и на „ISTANBUL FOOD-TECH 2013“ - ЗНАЧАЕН ИНТЕРЕС ЗА НАЈНОВИТЕ ТРЕНДОВИ ВО ПАКУВАЊЕТО НА ПРОИЗВОДИТЕ**

Стопанската комора на Македонија во соработка со саемскиот организатор „Адонис – Tüyap“, овластен застапник на „Адонис Груп“, организираше посета на македонски компании на 19. Меѓународен саем за пакување „EURASIA PACKAGING 2013 ISTANBUL“ и 8. Меѓународен саем за технологија на храна „ISTANBUL FOOD-TECH 2013“, што се одржаа од 12 - 14.9.2013 година во Истанбул, Република Турција. Овој настан се вбројува во поголемите специјализирани меѓународни саемски манифестации од ваков тип, на кој реномирани странски и турски компании, во 12 саемски хали, промовираа голем број иновации опфатени под поимот „пакување“, како на индустриски производи и репроматеријали, така и на голем број производи за широка потрошувачка.

**18.9.2013 година**

**Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, на свечен начин го означи пуштањето на реконструираната и модернизирана линија во „БИМ“ - Свети Николе - ИЗВОЗНИТЕ КОМПАНИИ СЕ КЛУЧНИ ЗА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА**

Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, на свечен начин го означи отпочнувањето со работа на реконструираната линија за производство на хидроизолациони ленти и полимер модифициран битумен на компанијата „БИМ“ од Свети Николе. Азески истакна дека е чест и задоволство во лично име и во името на бизнис-заедницата да им се честита на храброста на домаќините за посветеноста за инвестирање во развојни програми и во осовременување на производствените линии. Оваа компанија е значајна за македонската економија бидејќи постојаниот развој на производството го базира на сопствени технолошки решенија.

**19.9.2013 година**

**Информативна средба за програмите за поддршка на МСП во областа на туризмот во Охрид – ИМПУЛС ДО КОМПАНИИТЕ ОД РЕГИОНОТ ЗА РАЗВОЈ НА НИВНИТЕ ИДЕИ**

Во организација на општина Охрид, Бизнис старт - ап центарот од Битола и Стопанската комора на Македонија, во просториите на Секторот за туризам и локален економски развој при општина Охрид на 18.9.2013 година беше одржана информативна средба на која претставници од малите и средни претпријатија беа запознаени со можностите кои им стојат на располагање за развој на сопствениот бизнис. Средбата ја отвори заменикот раководител на секторот ТЛЕР, Горан Мицкоски, кој ги истакна заложбите на Општина Охрид во насока на помошта која им ја пружат на компаниите од Охридскиот регионот. Претставени беа и програмите за стручна и финансиска поддршка кои ги нудат од страна на Бизнис старт- ап центарот во Битола, а отсега им се достапни и на компаниите од Охридскиот регион.

**19.9.2013 година**

**Работна средба меѓу претседателите на регионалните комори со седиште во Прилеп и Битола - РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА И УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТИ**

Делегација од Регионалната комора со седиште во Битола, предводена од в.д. претседателот Мирко Велковски оствари средба во Прилеп со претседателот на Регионалната комора со седиште во Прилеп, Симон Наумоски и извршниот директор, Ристо Најдоски. Средбата беше реализирана по взаемна иницијатива на двете регионални комори од пелагонискиот регион. Гостите беа запознаени со функционирањето на Регионалната комора со седиште во Прилеп, нејзините активности во поддршка на бизнис-секторот од регионот, како и соработката со локалната самоуправа и градоначалникот Марјан Ристески. На средбата присутните ја истакнаа потребата од блиска соработка на двете регионални комори и заеднички настап во изнаоѓање решенија за проблемите во Пелагониско-преспанскиот регион. Посебно беше нагласена стратешката потреба од: - изградба на автопатот Велес - Прилеп и поврзување со патниот правец Битола - Ресен - Охрид - Струга и граничниот премин Меџитлија; изградба на гасоводот и поврзување на градовите Прилеп и Битола како и РЕК-Битола;- обновување и ревитализација на железничката пруга Битола - Велес и поврзување со граничниот премин Меџитлиа; - изградба на технолошко-развојната зона „Алинци“ и изградба на карго аеродром.

**19.9.2013 година**

**Во Охрид одржана информативна сесија за ИПА-Програмата за доделување неповратни средства, грантови - ПОДДРШКА НА АКТИВНОСТИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНО ИСКЛУЧЕНИ ЛИЦА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ**

Во рамките на четвртата компонента од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), Оперативна програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“ објавен е Повик „Поттикнување на социјалната инклузија“ за доделување неповратни средства (грантови) со цел реализација на предлог-проекти наменети за поддршка на активности за вклучување на социјално исклучени лица на пазарот на трудот. Информативната сесија се одржа во просториите на Општина Охрид на 19.9.2013 година, во организација на Секторот за туризам и локален економски развој при Општина Охрид, Министерството за финансии на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, Делегацијата на Европската унија и Стопанската комора на Македонија. Објавениот Повик финансира активности поделени во следните три приоритени области:- поттикнување на социјалното вклучување на лицата во неповолна положба на пазарот на трудот;- интеграција на немнозинските етнички заедници на пазарот на трудот со посебен фокус на жените;- зајакнување на улогата на релевантните актери во областа на социјалното вклучување.

**20.9.2013 година**

**Заеднички работен состанок меѓу претставниците од бизнис-заедницата и единиците на локалната самоуправа – градоначалниците на општините од Пелагонискиот регион - ИНФРАСТРУКТУРАТА Е КЛУЧНА ЗА БИЗНИСИТЕ И РАЗВОЈОТ НА РЕГИОНОТ**

Во рамките на програмските активности на регионалните комори за 2013 година, во библиотеката „Ал-Би“, село Бабино, Демир Хисар, се одржа заеднички работен состанок меѓу претставниците од бизнис-заедницата и единиците на локалната самоуправа – градоначалниците на општините од Пелагонискиот регион, на кој се расправаше на тема: „ИМПЕРАТИВНАТА СОРАБОТКА МЕЃУ БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА И ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ“. Регионалните комори при Стопанската комора на Македонија, преку кои се обезбеди децентрализација на активностите на членките на локално, односно регионално ниво, приоритетно се насочени кон заедничко утврдување на приоритетите со носителите на единиците на локалната самоуправа од воспоставените плански региони, со цел динамизирање на нивниот економски развој. Заеднички утврдивме дека за поттикнување на развојот во Пелагонискиот регион, покрај модернизацијата на кракот Д од Коридор 10, повторното пуштање на пругата Битола - Кременица, чиј сообраќај преку оваа делница е укинат во 1984 година, е приоритет над приоритетите во железничката инфраструктура. Како можност за поврзување на Битола - Лерин - Воден и други места по магистралата Виа Егнација се` до Атина, повторното пуштање на пругата Битола - Кременица, за овој регион пред се` би значело:- намалување за 1/3 на изминатиот пат (околу 200 км) доколку се патува како сега преку Велес, за да се стигне до Солунското пристаниште, а тоа значи скратување на времето на патување и намалување на трошоците за превоз, што директно имплицира поконкурентни производи на пазарот; - можност за пократок и поевтин превоз на стоките за компаниите од Пелагонискиот и од Југозападниот регион до и од Солунското пристаниште; - стоките кои се произведуваат во горе споменатите региони наменети за извоз, како што се: мермер, тутун, градинарски култури, јаболка, би добиле можност за користење на мултимодален транспорт (контејнери), односно да се транспортираат до каде било во светот на поедноставен начин и со пониски транспортни трошоци. Во патната инфраструктура беа истакнати приоритетите од пошироко значење за регионот: доизградба на третата лента на патниот правец Градско - Прилеп; изградба на автопат од Велес - Прилеп преку превојот Дервен; регионалниот пат од Битола – Ресен - Охрид – Струга, како и сите други изнесени заеднички приоритети на ЕЛС во овој регион, од кои би се истакнале: модернизација на регионалниот пат Битола - Кичево; на регионалниот пат Демир Хисар – Прилеп, изградба на железничка линија Бакарно Гумно - Сопотница; реконструкција на локалниот пат с. Кривогаштани - с. Светомитрани - с. Бучин; изградба на локален пат с. Борино - с. Житоше, како и други приоритети во делот на комуналната инфраструктура, водоводното снабдување итн.



**27.9.2013 година**

**Регионална комора со седиште во Кичево - ПРЕЗЕНТИРАНИ НОВИТЕ КРЕДИТНИ ЛИНИИ НА МБПР НАМЕНЕТИ ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

Регионалната комора со седиште во Кичево во соработка со Македонската банка за поддршка на развојот, по големиот покажан интерес од страна на стопанствениците во регионот, повторно одржа презентација на кредитни линии наменети за малите и средни претпријатија (27.9.2013 година). Презентацијата пред присутните дваесетина компании, претставници од локалната самоуправа, ЛЕР - Кичево, како и секретарот на Општина Кичево, ја отвори потпретседателот на Регионалната комора, Алија Зулбеароски. Тој посебно ја истакна добрата и отворена соработка со Македонската банка за поддршка на развојот, која секогаш ги поддржува идеите за добар бизнис. Новините во кредитните линии на Македонската банка за поддршка на развојот наменети за мали и средни претпријатија и новите продукти во однос на кредитното осигурување ги претстави Виктор Калајџиски од Секторот за кредитирање на МБПР.

**30.9.2013 година**

**Регионалната комора со седиште во Битола на Бизнис-саемот во Ресен по повод почетокот на јаболкоберот - РОДОТ ТЕЖОК 100 ИЛЈАДИ ТОНИ ЌЕ ДОНЕСЕ 25 МИЛИОНИ ЕВРА**

По повод Преспанскиот јаболкобер, што се одржа од 27 - 29 септември 2013 година, Регионалната комора со седиште во Битола, на покана на Општина Ресен, зеде учество на Бизнис-саемот, што се одржа на 28 септември 2013 година, како дел од манифестацијата која воедно претставува традиционален почеток на бербата на јаболката во Преспа. Во чест на јаболкото и отпочнување на бербата на јаболка, Општина Ресен по 13-ти пат ја организира манифестацијата „Преспански јаболкобер“, која опфаќа активности од областа на земјоделството, културата, туризмот, уметноста и спортот.

**2.10.2013 година**

**Координативна средба за поддршка на малите и средни претпријатија во Центарот за развој на Југозападниот плански регион во Струга - ПОДДРШКА НА ПРОЕКТНИ АПЛИКАЦИИ ОД ПАРТНЕРСКО ЗДРУЖУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ РЕГИОНАЛНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

На иницијатива на Центарот за развој на Југозападниот плански регион, во просториите на ГИЗ-РЕД (http://www.giz.de/en/worldwide/301.html) во Струга, се одржа координативен состанок со претставници на Центарот, Стопанската комора на Македонија, Секторот за локален економски развој при Општина Охрид и претставници од локалните невладини организации кои во својот делокруг на работење имплементираат активности поврзани со поддршка на малите и средни претпријатија. Целта на средбата беше координација на активностите на организации за поддршка на мали и средни претприатија како дел од проектната иницијатива на ГИЗ-РЕД од третата компонента.

**2.10.2013 година**

**Средба на претседателот на Регионална комора со седиште во Битола со амбасадорот на Израел, Јоси Армани - МОЖНОСТИ ЗА ИНТЕНЗИВНА СОРАБОТКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И МЛЕЧНАТА ИНДУСТРИЈА**



Во работна посета на Битола беше амбасадорот на Израел, Јоси Армани, со седиште во Загреб, кој е задолжен и за Република Македонија. При посетата во Општина Битола се сретна со градоначалникот Владимир Талески, при што го истакна задоволството од реализацијата на посетата на градот со долга историја. Израелскиот амбасадор Јоси Армани се сретна и со Мирко Велковски, претседател на Регионалната комора со седиште во Битола, кој го информираше за стратегиите на Комората и насоките за развој на Пелагонискиот плански регион. Трговската размена меѓу двете земји е на незавидно ниво, заклучи претседателот Велковски, со вкупна годишна размена од околу 21 милион САД долари. Од тоа, дури 20 милиони САД долари се увоз од Израел и само 1 милион САД долари извоз на македонски производи на израелскиот пазар. Како поле од особен интерес за соработка амбасадорот ги истакна земјоделството и млечната индустрија.

**3.10.2013 година**

**На Саемот за кариера во Прилеп се одржаа неколку панел-расправи - ЗНАЧЕЊЕТО НА КОНТИНУИРАНОТО УЧЕЊЕ ВО ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА МЛАДИТЕ**

На првиот работен ден на Саемот за кариера и вработување во Прилеп (2.10.2013 година) се одржа панел-расправа на тема: „Значењето на континуираното учење во професионалниот развој на младите“. Панелисти беа претставници на Бизнис центарот за тренинг и обука, Стопанската комора на Македонија, Бизнис конфедерацијата, претставник од компанијата „Идеал Шипка“ и практиканти. На панелот беа разменети искуства меѓу различните институции поврзани со праксата и континуираното усовршување на младите луѓе. Од голема важност е да се организираат вакви настани каде на едно место можат да се најдат и работодавачите и младите луѓе. Ваквите состаноци придонесуваат за зголемување на вработеноста кај младата популација во државата и им се подобруваат шансите за нивното кариерно напредување.

**4.10.2013 година**

**Јавна презентација на лаборатории - БЕНЕФИТ ЗА СТОПАНСТВОТО И ЗА СТУДЕНТИТЕ**

Во рамките на Проектот на Владата на Република Македонија „Опремување на лаборатории за научно-истражувачка и апликативна дејност“, што се реализира преку Министерството за образование и наука, на 4 октомври 2013 година, деканот на Машинскиот факултет при УКИМ - Скопје, д-р Атанас Кочов, изврши презентација на три лаборатории. Беа презентирани: Лабораторија за мехатроника; Лабораторија за обликување со деформација и брзи прототипови и Лабораторија за вибрации и бучава. Пред присутните стопанственици деканот истакна дека лабораториите претставуваат можност да бидат во функција на студентите, а пред се` истите да бидат во функција на стопанството.

**7.10.2013 година**

**Конзервната индустрија со потенцијал за пораст во извозот на преработки од зеленчук и овошје - ПЛАСМАНОТ НА СТРАНСКИТЕ ПАЗАРИ РАСТЕ, НО МОЖНОСТИТЕ НИ ОДДАЛЕКУ НЕ СЕ ИСКОРИСТЕНИ**

Индустријата за преработка на овошје и зеленчук е уште една индустрија покрај кондиторската и месната во прехранбената индустрија, која последнава деценија, па и во услови на економската криза, бележи позитивни резултати во производството и извозот на своите финални производи. Еден од главните потсектори во прехранбената индустрија и важен сегмент од агроиндустрискиот комплекс е конзервната индустрија, односно индустријата за преработка и конзервирање на овошје и зеленчук, во која се регистрирани 43 фирми со вкупно 1.165 стално вработени. Во однос на типот на преработувањето, најголем дел од преработувачите, 29 од нив се занимаваат со конзервирање, 2 компании се капацитети за сушење и 7 капацитети за замрзнување, додека останатите 5 имаат комбинирани производни линии. Најголем број од претпријатијата за преработка на овошје и зеленчук се класифицирани како микро (16) и мали

претпријатија (21). Во индустријата за преработка на овошје и зеленчук нема големи претпријатија, што се должи на сезонскиот карактер на производството, што пак од своја страна создава можности само за сезонско вработување.

**9.10.2013 година**

**Здружението на градежништвото со Семинар за практична примена на Правилникот за енергетски карактеристики на згради - АРХИТЕКТИ И ГРАДЕЖНИ ИНЖЕНЕРИ ПРЕСМЕТУВАА ГОДИШНИ ПОТРЕБИ ЗА ГРЕЕЊЕ ОБЈЕКТИ**



Во Комората се одржаа два семинара на тема: Практична примена на Парвилникот за енергетски карактеристики на згради, кој се однесува на сите видови згради, како на новоградби, така и на постојните. Минималните барања за енергетските карактеристики треба да ги дефинираат годишните потреби на зградата од енергија за греење на корисната површина, изразени во kWh/m2a, за што е потреба тимска работа на стручни лица (урбанисти, архитекти, градежни физичари, машинци, електроинженери). Учесниците на семинарите искажаа интерес за продолжување и продлабочување на знаењата од градежната физика, при што беше искажан интерес за организирање семинар/обука за имплементирање на критериумите од Правилникот на еден комплетен проект на објект.

**10.10.2013 година**

**Став на Стопанската комора на Македонија - НЕПРИФАТЛИВО Е КАЗНАТА ЗА ПРЕКРШОК ДА СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВРЗ ОСНОВА НА ВКУПНИТЕ ПРИХОДИ НА КОМПАНИИТЕ**

Бизнис-заедницата при Стопанската комора на Македонија ја почитува определбата во Законот за прекршоци да се внесат новини во функција на позитивно делување врз сторителите на прекршоци, како и во функција на успешно, ефикасно и ефективно спроведување на прекршочната постапка.

Но, бизнис-заедницата не може да ја прифати новата одредба во Предлог-законот за прекршоци, за одредени прекршоци глобата да може да биде изразена и во процентуален износ од 1-10% од вкупните приходи на правното лице остварени во претходната година. Постигнувањето на поголема сразмерност во казнувањето, како цел на глобата во процентуален износ, бидејќи до сега иста висина на глоба е изрекувана на правни лица кои остваруваат огромни приходи и на оние кои остваруваат минимални приходи, во целост не е прифатливо. Имено, постои законска можност кога за прекршокот е предвидена казна глоба, истата да биде дадена во минимален и во максимален износ.

За бизнис-заедницата спорни се и одредбите во Предлог-законот за прекршоци според кои за прекршоци сторени од користољубие или за прекршоци со кои се предизвикува поголема имотна штета, може да се пропише глоба до двојниот износ од максимумот на санкцијата или во сразмер со висината на причинетата штета или прибавената корист, но најмногу до дваесеткратен износ. На овој начин утврдената глоба може да изнесува и 200.000 евра во денарска противредност, а заедно со забраната за вршење на дејност, прекршочната е скоро изедначена со кривичната казна.

За бизнис-заедницата, цел на санкционирањето на прекршоците е да се делува врз сторителот во иднина да не прави исти или слични прекршоци, а со воведувањето на спорните одредби, би се нанело повеќе штета на стопанските субјекти отколку да се запази воспитната функција на казнувањето.

**14.10.2013 година**

**Стопанската комора на Македонија го поздравува повлекувањето на Предлог-законот за прекршоците од собраниска процедура од страна на Владата на Република Македонија - УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ЈАВНО-ПРИВАТНИОТ ДИЈАЛОГ УСЛОВУВА ПОЗИТИВНИ РЕШЕНИЈА**

Стопанската комора на Македонија го поздравува повлекувањето на Предлог-законот за прекршоците од собраниска процедура од страна на Владата на Република Македонија, што за Комората е уште еден аргумент кој потврдува дека само унапредувањето на јавно-приватниот дијалог условува позитивни решенија. Ова беше истакнато на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија.

Но, аргументите на кои главно се темелеше нашето оспорување за донесување на Предлог-законот, со дадени предлози за нивна корекција се однесуваат на несоодветно уредената материја во делот на прекршоците за правни лица, посебно во делот на процентуалните глоби од 1-10% од вкупните приходи на правното лице остварени во претходната година, со што тежината на прекршочното дело се доближи до кривичното. Другите оспорени одредби се однесуваат пред се` на: основната глоба која може да оди во висина и до 200.000 евра; висината на мандатните казни која е и до 3.000 евра и тоа и кај случаи кои можат во моментот да бидат корегирани, како и привремената забрана за вршење на одредена дејност, покрај глобата, кој период од 3 години ќе значи згаснување на правното лице. Главната насока за корекција на Предлог-законот од Стопанската комора на Македонија е казнените одредби, односно нивната висина, да биде во функција на целта на прекршокот, која пред се` има воспитно дејствие.

**16.10.2013 година**

**Здружението на комуналните дејности со низа забелешки за Законот за јавни службеници, но и со барање - ОДЛОЖУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ЦЕНАТА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАД**

Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија побара измени во Законот за јавни службеници поради многуте дилеми кои се јавуваат во практичната нивна примена, како и одложување на примената на Методологијата за пресметување на цената за собирање, транспортирање и отстранување на отпад, утврдена од Министерството за животна средина и просторно планирање, која почнува со примена од 01.01.2014 година а за која комуналните претпријатија велат дека се` уште не се технички подготвени за истата да ја имплементираат.

**16.10.2013 година**

**Металниот комплекс - стратешка гранка за развој на националните економии и економијата во регионот на ЦЕФТА - ОБЕДИНУВАЊЕ ОКОЛУ ЗАЕДНИЧКИ ПРОИЗВОД И НАСТАП НА СТРАНСКИТЕ ПАЗАРИ**



На тркалезна маса за металниот сектор на тема: „Металниот комплекс - стратешка гранка за развој на националните економии и економијата во ЦЕФТА-регионот" (16.10.2013 година) беше истакнато дека и проблемите предизвикани од глобалната економска криза, металниот комплекс во еден подолг временски период бележи доминантно учество како во вкупниот извоз на земјава, така и во размената во рамките на ЦЕФТА-регионот. Согласно тоа, металите имплицитно стануваат исклучително податливи за развој на националните економии и за економска соработка во регионални рамки. Од тркалезната маса произлегоа следните препораки, како активности на натамошно делување: формирање конзорциум за остварување на заеднички производ со повисоки вредности и заеднички настап на компании од регионот на трети пазари (учество и меѓународни тендери и сл.); воспоставување регионална соработка на ниво на коморските здруженија од металниот комплекс, тематски состаноци и работни средби; надминување на отворените прашања во делот на транспортната инфраструктура преку заедничка заложба и препорака до владите на земјите од ЦЕФТА за побрзо подобрување на железничкиот, патниот и водниот транспорт; заедничко решавање на финансирањето на производството и трговијата на основни метали, реализација на потенцијални развојни проекти, како индивидуални, така и на проекти за заеднички настап; во делот на образованието – воспоставување и реализација на заеднички регионални проекти за хармонизација на образовниот систем, надминување на постојниот дефицит од одредени специфични профили во металниот комплекс, како и обука на кадри за следење на новите технологии во металниот комплекс.

**17.10.2013 година**

**Трговците дадоа начелна поддршка за донесување на Закон за финансиска дисциплина**

Членките на Здружението на трговијата, на својата редовна седница одржана на 17.10.2013 година, дадоа начелна подршка на работната верзија на текстот на Законот за уредување на рокови за намирување на паричните обврски настанати при деловни трансакции изготвен од страна на Министерството за фанансии, оценувајќи дека истиот ќе продонесе за подобрување на финансиската дисциплина на пазарот на стоки и услуги.

Со цел изградување попрецизен став на Здружението во врска со текстот на законот, имајќи ја предвид содржината на Директивите на ЕУ, како и спецификите на домашниот пазар, на фирмите им се остави дополнителен рок да направат подетални аналитички согледување за примената на истиот во поглед на одредени негови сегменти како што се роковите за наплата на побарувањата, како и за други отворени прашања (особено на релација јавен-приватен сектор), не испуштајќи го предвид фактот дека секоја фирма во пракса се јавува и како доверител и како должник во исто време.

**17.10.2013 година**

**Здружението на трговијата донесе Кодекс на етичко однесување во работењето**

Согласно обврските што произлегуваат од измените на Законот за заштита на потрошувачите, Здружението на трговијата на седницата одржана на 17.10.2013 година донесе Кодекс на етичко однесување во работењето на своите членови со цел позитивно да се влијае за меѓусебна фер-конкуренција и заштита на потрошувачите на пазарот.

Уште во фазата на покренување на оваа иницијатива од страна на Министерството за економија, врз основа на посебен Заклучок на Владата на Република Македонија, членовите на ова Здружение истакнаа дека лојално и фер однесување на пазарот меѓу нив секогаш имало и ќе има и без потпишан заеднички кодекс, меѓутоа во функција на позитивно влијание на односите на пазарот беше изразена подготвеност нивниот непишан усмен кодекс да го стават и на хартија.

**17.10.2013 година**

**Трибина во Стопанската комора на Македонија: ЗОШТО И КАКО ВАШЕТО ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ДА ГО ПРЕОБРАЗИТЕ ВО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО?**

Кои се придобивките и зошто да се трансформираат друштвата со ограничена одговорност (ДОО) во акционерски друштва (АД), беше темата на трибината организирана од Стопанската комора на Македонија, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ), дел од групацијата на Светската банка и Секретаријатот за економски прашања, образование и истражување на Швајцарија (SECO). Преку презентациите на тема: „Која е законската регулатива што треба друштвото со ограничена одговорност да ја спроведе за да стане акционерско друштво?”; „Семејно управување”; „Правата и обврските на директорите”; „Што добиваат акционерските друштва кога се на берза?”, беше симулиран и практичен пример на преобразба на едно ДОО во АД.

**17.10.2013 година**

**Здружение на хемиската индустрија - РАЗГРАНИЧУВАЊЕ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА БЕЗБЕДНО УПРАВУВАЊЕ СО ХЕМИКАЛИИТЕ**




Успешното управување со хемикалиите од аспект на примена и почитување на законската регулатива и обврските на субјектите во имплементација на Законот за хемикалии - беше темата на дискусија на претставниците на бизнис-секторот со претставници на институциите, на седницата на Здружението на хемиската индустрија при Стопанската комора на Македонија. Претставниците на Здружението заедно со раководителот на Секторот за хемикалии во Бирото за лекови, раководителот на Санитарниот и здравствен инспекторат, претставници на Царинската управа на РМ, на Министерството за животна средина и просторно планирање, Државниот пазарен инспекторат, овластени лаборатории, Земјоделскиот институт, Агенцијата за храна и ветеринарство, претставници на јавни здравствени установи и др., дискутираа за прашањата поврзани со разграничување на надлежностите на институциите во спроведување на обврските во управувањето со хемикалии и посебно на обврските од Законот кои се однесуваат на лабораториските испитувања на квалитетот на производите во смисла на присуство на дозволени, односно забранети хемикалии.

**18.10.2013 година**

**Експертска расправа по Нацрт-акциониот план за обновливи извори на енергија - ТРИ СЦЕНАРИЈА ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ**

Во однос на телекомуникациите, стратегијата на ЕУ е овозможување на граѓаните пристап до широкопојасен интернет, интероперабилна дигитална инфраструктура - овозможување интелигентна електронска дистрибуција на услугите и мобилизирање на приватни и идни јавни инвестиции во дигитална инфраструктура. Освен зголемување на продуктивноста на стратешките интервенции, во овој сектор ќе се отворат 3,99 милиони нови работни места. Цел во 2017 година е 50% од граѓаните на ЕУ и 85% од деловните луѓе да користат on-line јавни услуги, а во 2020 година 60% од граѓаните и 100% од деловните луѓе да ја користат оваа е -услуга. Исто така, се очекува во 2017 година 80% од граѓаните и деловни луѓе да користат прекугранични јавни услуги по електронски пат, а во 2020 година тоа да биде 100 %. Особено е значајно да се спомене дека сите учесници на пазарот значително инвестираат во НГН (New/next Generation Networks) инфраструктурата која ќе даде значителен стимул за развој на целата економија, која се` повеќе развива on-line услуги. Затоа широкопојасниот интернет е предуслов за движењата и инвестициите во скоро сите стопански гранки.

**25.10.2013 година**

**Во новоотворената канцеларија на Регионалната комора со седиште во Кавадарци средба на претставниците од бизнис-заедницата и единиците на локалната самоуправа – градоначалниците на општините од Вардарскиот регион - ВО ЗАЕДНИЧКИ УТВРДЕНИТЕ ПРИОРИТЕТИ АКЦЕНТ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА**

Стопанската комора на Македонија отвори канцаларија на Регионалната комора со седиште во Кавадарци и токму во неа се одржа работниот состанок меѓу претставниците од бизнис-заедницата и единиците на локалната самоуправа – градоначалниците на општините од Вардарскиот регион. На состанокот се расправаше на тема: „Императивната соработка меѓу бизнис-заедницата и единиците на локалната самоуправа во рамките на планските региони“. Неопходно е да се зголеми инвестирањето во инфраструктурата на регионално ниво бидејќи тоа битни влијае на развојот на бизнисот, но истовремено е потребно да се зајакнат надлежностите на локалната самоуправа, - истакна Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија. - Компаниите треба да поработат својот однос кон јавноста, да бидат погласни, да лобираат, бидејќи токму тие финансираат во сите сфери на општествениот живот што понекогаш знае да се подзаборави.

Никола Ризов, директор во „Фени Индустри“ истакна дека компаниијата во последната деценија има инвестирано 200 милиони евра во модернизација на капацитетите. Истовремено, таа како општествено одговорна компанија вложува и во општината во сите нејзини сфери, а посебно во екологијата. Заеднички беа утврдени приоритетите за развој на овој регион.

**26.10.2013 година**

**Прослава на МИФА - ОДБЕЛЕЖАН ДВАЕСЕТГОДИШНИОТ ЈУБИЛЕЈ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ГРУПАЦИЈАТА НА МЕЃУНАРОДНИ ШПЕДИТЕРИ И ЛОГИСТИЧКИ ОПЕРАТОРИ – МИФА**

Со пригодна свеченост на брод-ресторанот „Панини“ во Велес, на 26 октомври 2013 година беше одбележан Денот на шпедитери, односно 20 години од активното постоење на Групацијата на меѓународни шпедитери и логистички оператори – МИФА при Стопанската комора на Македонија. Присутните претставници од шпедитерската фела ги поздрави претседателот на Групацијата, Ѓино Шкриељ кој истакна дека покрај крупниот чекор на почетокот од оваа година со зачленување во Меѓународната асоцијацијација на шпедитери – CLECAT, нема да навлегува во детали за постигнатите резултати како и нереализираните барања, но Групацијата како и во изминатите години така и во иднина ќе биде целосно посветена во надминување на проблемите со кои се среќаваат членовите во рамки на дејноста.

**31.10.2013 година**

**Групација за климатизација, греење, ладење и проветрување - НЕОПХОДЕН УЧЕБНИК ЗА ЕНЕРГЕТСКА КОНТРОЛА И НЕГОВА ПРИМЕНА**




Енергетската ефикасност е комплексна и мултидисциплинарна материја и за нејзино успешно спроведување во пракса неопходен е соодветен третман во законската и поздзаконската регуалтива, беше констатирано на седница на Управниот одбор на Групацијата за климатизација, греење, ладење и проветрување (КГЛП) при Македонската енергетска асоцијација (30.10.2013 година). -Изминатите неколку месеци од донесувањето на двата значајни подзаконски акта - Правилникот за енергетска контрола и Правилникот за енергетски карактеристики на згради отворија неколку прашања, на кои Групацијата и претходно укажуваше, а кои се од суштествено значење за постигнување оптимални решенија на планот на енергетската ефикасност во државата, - истакна претседателот на Групацијата, Илија Тикваровски.

**31.10.2013 година**

**Групација за противпожарна заштита и безбедност при работа - ПОБАРАНО РЕВИДИРАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИТЕ И ПРОВЕРКА НА НИВНАТА УСОГЛАСЕНОСТ СО ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ**

На седницата на Групацијата за противпожарна заштита и безбедност при работа одржана на 31.10.2013 година во Стопанската комора на Македонија, членките на Групацијата расправаа за актуелните состоби во оваа дејност, како и за предлози за разрешување на актуелните проблеми со кои се соочуваат членките на Групацијата. Како проблеми во работењето беа посочени проблемите на нелојалната конкуренција, недостиг на контрола на исправноста на противпожарните апарати и квалитетот на сервисирањето на истите.

Исто така, беше истакнато дека Групацијата треба да покрене иницијатива за промена на Законот за пожарникарство и Законот за заштита и спасување поради нивна поуспешна примена.

**31.10.2013 година**

**Во рамките на „Банкекспо 2013“ се одржа Првиот регионален форум на гувернери, министри за финансии и здруженија на банкарството за предизвиците и решенијата за излез од економската криза - БАНКИТЕ ДА ГО ЗГОЛЕМАТ КРЕДИТИРАЊЕТО НА КОМПАНИИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ПОДДРШКА НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ**



Во рамки на Светскиот ден на штедењето, 31 Октомври, во скопскиот хотел „Александар Палас“, во рамките на „Банкекспо 2013“ се одржи Првиот регионален форум на гувернери, министри за финансии и здруженија на банкарството од регионот, на кој присуствуваа и претставници на значајни

македонски компании и институции, како и целата банкарска јавност од земјава. Форумот на тема: „Земјите од регионот во услови на економска криза - предизвици и решенија“ го организира Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија, со поддршка на Народната банка на РМ и Министерството за финансии. На исклучително квалитетната трибина присуствуваа и на присутните им се обратија: м-р Зоран Ставрески, заменик-претседател на Владата на РМ и министер за финансии и м-р Димитар Богов, гувернер на НБРМ, како и заменици на гувернери од централните банки на Албанија, Хрватска и Црна Гора. Поздравен говор имаше Ѓорѓи Јанчевски, претседател на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија, а воведно предавање одржа д-р Мојмир Мрак од Економскиот факултет во Љубљана.

**1.11.2013 година**

**Компаниите се запознаа со новите правила за нутритивните и здравствени тврдења во комерцијални цели - ПОДГОТОВКА ЗА СТАРТ ОД 1 ЈАНУАРИ 2 014 ГОДИНА**

Над 30 оператори со храна на работилница (1.11.2013 година) се запознаа со обврките од Правилникот за нутритивни и здравствени тврдења во комерцијални цели при означување, презентација и рекламирање на храната, донесен во мај годинава, а кој ќе почне да се применува од 1 јануари 2014 година.

Донесувањето на овој Правилник, во чие изготвување свој придонес даде и бизнис-секторот, е од големо значење за воспоставување поголем ред при здравствените тврдења во комерцијални цели и неговата успешна примена ќе придонесе, како за заштита на потрошувачите од заблуди за производите кои ги консумираат, така и за фер конкуренција на пазарот на додатоци на исхраната, - истакна Милош Радуловиќ од Асоцијацијата за здравство при Стопанската комора на Македонија. Здравствените тврдења во комерцијални цели ќе подлежат на одобрување од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство за што е формирана посебна комисија.

**4.11.2013 година**

**По повод одбележувањето на празникот на Прилеп „3-ти Ноември“ - ОПШТИНСКА НАГРАДА ЗА „КОМФИ АНГЕЛ“**

На предлог на Регионалната комора со седиште во Прилеп, општинската награда „3-ти Ноември“ за правно лице е доделена на компанијата „Комфи Ангел“ ДОО - Прилеп .Таа е долгогодишна членка на Регионалната комора со седиште во Прилеп, а наградата и` се доделува по повод празникот на Општината. За време на свечената седница на Советот на Општина Прилеп Наградата „3-ти Ноември“ ја прими генералниот менаџер на компанијата, Ирена Јакимоска. Компанијата „Комфи Ангел“ е општествено-одговорна компанија, која несебично учествува на сите донаторски конференции и хуманитарни акции.

**7.11.2013 година**

**Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Скопје со нови иницијативи - ВОВЕДУВАЊЕ МЕДИЈАЦИЈА ДО ПРАВОСИЛНОТО РЕШЕНИЕ ПО КОНТРОЛАТА НА УЈП**

Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Скопје, на 15-та седница одржана на 6.11.2013 година, под раководство на претседателот, д-р Горан Рафајловски, заклучи да покрене иницијативи за следните прашања: 1. Воведување на медијацијата до издавање на правосилно решение за време на постапка на контрола од страна на Управата за јавни приходи. Имено, Управниот одбор е на мислење дека треба да се смени постапката при контролата од страна на УЈП, каде правосилноста на решението мора да биде потврдено од второстепенета комисија и во тој меѓупериод од 2-3 недели да се даде можност фирмите да поведат постапка на медијација од страна на стручни лица или компании. На тој начин треба да се афирмира медијацијата и истата треба да направи стручно мислење за фактичката економска состојба на правното лице и за неговата можност да ја плати казната. Целта на медијацијата не е да се поништи првостепеното решение на УЈП, туку да се оневозможи практиката со високите казни да се затвори бизнисот. 2. Покренување иницијатива за поттикнување на вработувањата во стопанството со помош на државата (вработувањето ќе трае 3 години, а за 2 години државата ќе плаќа придонеси и половина плата). Кредитирање на службениците од државниот сектор за отворање приватен бизнис. Управниот одбор ги прифати овие иницијативи со образложение дека на фирмите треба да им се дадат одредени олеснувања во делот на плаќање на придонесите и платата за две години, а во третата година работодавачите сами ќе ги измируваат обврските кон овие лица, со цел да остручат лица кои се неопходно потребни за натамошно успешно работење на компаниите.

**12.11.2013 година**

**Влијание на климатските промени врз секторот туризам и можности за адаптација - РАНЛИВОСТА ИЗВЕСНА, НЕОПХОДНО НАВРЕМЕНО АДАПТИРАЊЕ**

Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Министерството за животна средина и просторно планирање на 12.11.2013 година, во Стопанската комора на Македонија, одржаа работилница - тркалезна маса на тема: „Влијание на климатските промени врз секторот туризам и можности за адаптација“. На работилницата се презентираа резултатите од оценката на ранливост на климатските промени врз секторот туризам и Предлог-акциониот план за адаптација. Туризмот е еден од секторите кои се вклучени во третиот Национален извештај за климатски промени, а поврзувањето на климатските промени со туризмот е предизвик за Република Македонија, бидејќи не постојат претходни студии или истражувања кои вршат проценка на влијанието на климатските промени врз овој стопански сектор.

**15.11.2013 година**

**Групација на агенции за недвижности - АГЕНЦИИТЕ ЈА ПОДДРЖУВААТ ИДЕЈАТА ЗА НОСЕЊЕ ЗАКОН ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ ВО ПРОМЕТОТ СО НЕДВИЖНОСТИ**

Членките беа информирани за усвоениот Етичкиот кодекс на посредниците со промет на недвижности, за унифицирање на посредничка документација, кои се препорачуваат за нивна употреба во праксата, како и концептот за донесување Закон за посредување во промет со недвижности, кој има за цел да се уреди работењето во областа на прометот со недвижности, да се создадат услови за зголемување на прометот, преку агенции за недвижности, да се подобри заштитата и сигурноста на клиените кои се јавуваат во прометот со недвижен имот.

**18.11.2013 година**

**Работна средба меѓу регионалните комори со седиште во Кичево и во Прилеп -ПОГОЛЕМА ЗАСТАПЕНОСТ НА ДОМАШНИТЕ ПРОИЗВОДИ ВО ТРГОВИЈАТА И ПРИ ЈАВНИТЕ НАБАВКИ**

На 15.11.2013 година во Кичево, се одржа работна средба меѓу претседателите на регионалните комори со седиште во Кичево и во Прилеп, Игор Соколески и Симон Наумоски, придружувани од поголем број претставници на компании-членки на овие комори. Во рамките на посетата на Регионалната комора со седиште во Кичево гостите ја проследија презентацијата на кичевската вода на фирмата „МСС- 95“ под името „Акватика“ и ги посетија фирмите „Жито Караорман“, „Атва Маркети“ и „Рибник Бистра“. Ова беше втора средба меѓу овие регионални комори, на која се дискутираше за моменталната состојба во стопанството во двата региона, за последиците од рецесијата, како и очекувањата во идната година. Од разговорите произлезе заедничка констатација за подобрувањето на меѓусебната соработка на фирмите од двата региона, со порака за насоченоста на фирмите кон сопственото производство.

**18.11.2013 година**

**Актуелни проблеми во домашното оранжериско производство - ПОД ИТНО РЕШЕНИЕ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО НА ОРАНЖЕРИИТЕ И СКАПИТЕ ЕНЕРГЕНСИ**

Производството на раноградинарски култури во Република Македонија има значајно влијание во доменот на извозот. Повеќе од 75 % од вкупното оранжериско производство е наменето за извоз, при што со ваквиот нето девизен ефект придонесуваат за подобрување на трговскиот биланс на земјата (извоз преку 20 милиони евра). Производителите на раноградинарски култури (оранжериите) веќе неколку години апелираат до Владата и до ресорното министерство за проблемот со нерешеното прашање на земјиштето на оранжериите. Статусот на земјиштето на оранжериите како и самите оранжерии, од страна на надлежните институции се` уште не се решава и покрај презентираната валидна документација издадена од надлежни органи за нивна изградба (урбанистички согласности, одобренија за градба, градежни дозволи и слично). Како прашање од приоритетна важност за решавање е и висината на концесијата за користење геотермална вода согласно последното изменување и дополнување на Тарифникот за утврдување на висината на надоместокот за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истрашувања и концесии за експлоатација на минерални суровини („Службен весник на РМ“ бр.12 од 26.01.2012 година).

**20.11.2013 година**

**Хуан Педро Хименез Наваро, извршен директор на „Арчелор - Митал “ во Македонија, нов претседател на Советот на странски инвеститори - ПРОДОЛЖУВА ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА ДИЈАЛОГОТ СО ВЛАДАТА**



Советот на странските инвеститори доби нов претседател. На седницата одржана на 19.11.2013 година во Стопанската комора на Македонија, членовите го избраа Хуан Педро Хименез Наваро, извршен директор на „Арчелор-Митал“ во Македонија за нов претседател на Советот. Двата досегашни потпретседатели, Џатин Такрар, генерален менаџер на „Џонсон Мети Македонија“ и Вернер Хенгст, извршен директор на ЕВН Македонија и понатаму остануваат на своите позиции. Хуан Педро Хименез Наваро, преземајќи ја новата должност, истакна дека Советот и понатаму треба да работи на продлабочување на дијалогот со Владата, а со цел натамошно подобрување на инвестицската и бизнис-климата во земјава. Тоа едноставно значи создавање подобри услови за поголем профит, за отворање нови работни места и промовирање на земјата кај други потенцијални странски инвеститори. На седницата на Советот, претставниците на работните групи за: Човечки ресурси, Даноци и давачки, Административни и правни процедури и Регулатива за сопственоста, ги изнесоа своите согледувања и препораки по однос на подобрување на регулативата по одделни прашања, како што се работни визи и привремен престој, оданочување на кредитите од фирмите-мајки, неусогласеност на постапките меѓу катастарот, општинската администрација и инспекциите, за одредбите од Законот за работни односи во врска со процедурите за вработување и престанок на работа, неконзистентност во толкувањето и имплементацијата на регулативата на централно и локално ниво,

а често и во самите институции. Советот ќе направи напор да влијае и да има придонес и во владините работни тела при креирањето на регулативите. Поради тоа, Советот на странски инвеститори во најскоро време ќе потпише Меморандум за соработка со Агенцијата за промоција на странските инвестиции и извоз, од која очекува да биде поддржувач на неговите препораки. Сите препораки на Советот се предвидува да бидат објавени во „Бела книга“ во 2014 година, – истакнаа потпретседателите Такрар и Хенгст.

**21.11.2013 година**

**Регионална комора со седиште во Кавадарци - ПОГОЛЕМ ОДЗИВ НА КОМПАНИИТЕ СО ПРОЕКТИ ПРЕД ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ**



Регионалната комора со седиште во Кавадарци на 20.11.2013 година ја одржа својата трета седница на Управниот одбор, под раководство на претседателот Митко Јанчев. На седницата во просториите на „Кожувчанка“, пред повеќе од 20 претставници на компании од регионот, се одржаа презентации на тема: „Како до зголемена конкурентност со кофинансирање во рамките на Европските фондови?“, како и за Постојаниот избран суд (Арбитража) при Стопанска комора на Македонија. Јадранка Аризанковска, виш советник во Стопанската комора на Македонија, презентираше што се` им е достапно на компаниите за зголемувањето на инвестициите и извозот, како и поголема конкурентност со кофинансирање во рамките на ЕУ-фондовите и достапните финансиски инструменти, што понатаму би довело до зголемени инвестициски можности на компаниите, а со тоа и поттикнување на процесот на развој на извозно ориентирани производи. Во рамките на ИПА е и Програмата за прекугранична соработка која е доста интересна за регионите, со многу средства наменети за прекуграничен развој и проширување на деловните активности. Тоа се отворени програми за погранична соработка на македонските институции со Бугарија, Грција и Албанија, а од оваа година и со Косово. Во овие програми нема пристап приватниот сектор.

**21.11.2013 година**

**Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори за последните измени и дополнувања на Законот за управување со отпад - ПОЗИТИВЕН ОДРАЗ НА ДЕЈНОСТА**

Последните измени и дополнувања на Законот за управување со отпад („Сл. весник на РМ“ бр. 147/2013) ќе имаат позитивен одраз врз вршењето на дејноста управување со секундарни отпадни суровини, - беше констатирано на седницата на Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори при Стопанската комора на Македонија. Неколкумесечниот конструктивен дијалог со претставниците на бизнис-секторот даде позитивни резултати, истакнаат од Министерството за животна средина и просторно планирање. Со примената на новите законски решенија реално е да се очекува надминување на претходно присутните проблеми и ограничувачки фактори во дејноста. Покрај другите измени, новина во Законот е забраната за вршење на дејноста трговија со неопасен отпад, освен доколку правното или физичкото лице поседува дозвола за вршење на дејноста складирање, третман и/или преработка на отпад, како и попрецизното регулирање на откупот на производите и материјалите што се во општа употреба.

**27.11.2013 година**

**Во Стопанската комора на Македонија одржан првиот Форум за обновливи извори на енергија - ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ЗА ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ ИНВЕСТИТОРИ, НО И ЗАЧУВУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Проектот на УСАИД за инвестиции во обновливи извори на енергија, во соработка со Групацијата на производители на обновливи извори на енергија во рамките на Стопанска комора на Македонија и Балканската програма за обновливи извори на енергија на Меѓународната финансиска корпорација, го организираа првиот од серијата форуми на чинители и засегнати страни во областа на обновливи извори на енергија. Иницијативите кои ќе произлезат од овој форум ќе придонесат за подобрување на законската и регулаторната рамка за инвестирање во оваа област и ќе помогнат за решавање на проблемите со кои се соочуваат инвеститорите. Главната цел на Форумот е да се овозможи на едно место да се соберат сите чинители и засегнати страни во областа на обновливи извори на енергија, вклучително лица кои работат на развој на проекти, инвеститори, локални организации, претставници од релевантни министерства, агенции и меѓународни донатори и да се генерираат нови иницијативи и предлози за законски решенија

**28.11.2013 година**

**Здружението на металната и електроиндустријата расправаше за Предлог-законот за финансиска дисциплина - ПРИОРИТЕТ РЕШАВАЊЕ НА ДОЛЖНИЧКО-ДОВЕРИТЕЛСКИТЕ ОДНОСИ**

На седницата на Здружението на металната и електроиндустријата одржана, на 28.11.2013 година во Стопанската комора на Македонија, стопанствениците расправајќи по Предлог-законот за финансиска дисциплина истакнаа дека состојбата на должничко-доверителските односи во македонското стопанство укажува дека неплаќањето, односно ненавременото плаќање на обврските меѓу стопанските субјекти, како и меѓу субјектите приватниот и јавниот сектор, се вбројуваат во главните проблеми со кои се соочува македонскиот бизнис-сектор и донесувањето на ваков закон се наметнува како приоритет за решавање на проблемите од ваков вид. Во дискусијата во која учествуваа поголем дел од присутните, се поддржа носењето на ваков закон, со кој би се ставил ред во должничко-доверителските односи и се очекуваат позитивни ефекти. По расправата беше заклучено Законот за финансиска дисциплина и Законот за задолжница да се гледаат како една целина, а задолжително да биде и издавањето на задолжницата во должничко-довирителските односи од кои настануваат обврски на износ поголем од 600.000 денари и повеќе.

**29.11.2013 година**

**Пред Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп беа презентирани Предлог-законот за финансиска дисциплина и Законот за задолжница - СРЕДУВАЊЕ НА ДОЛЖНИЧКО-ДОВЕРИТЕЛСКИТЕ ОДНОСИ**

На 29.11.2013 година се одржа седница на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп. На седницата претседателот Симон Наумоски имаше воведно излагање, посебно осврнувајќи се на актуелните состојби во стопанството од регионот, при што побара од присутните да ги изнесат проблемите за тековната 2013 година и предлозите за наредната 2014 година.

Од страна на присутните членови на Управниот одбор посебно беа истакнати проблемите со царинското работење на царинските испостави кои во саботите не работат, неусогласеност на работното време на фитоинспекторите со службите што ги одобруваат апликациите за царинење и долгите рокови за царинење на опрема. Како главен проблем се наметнува и образованието на стручни кадри без практично искуство, како во високото, така и во средното образование и недостаток на кадри од средните стручни училишта.

**2.12.2013 година**

**Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија смета дека законодавецот ќе ги прифати аргуметираните забелешки по Предлог-законот за проценка - ИЗВЛЕКУВАЊЕТО НА ПРОЦЕНКИТЕ ОД БАНКИТЕ Е ЧЕКОР НАНАЗАД И ЌЕ ГИ ЗГОЛЕМИ ТРОШОЦИТЕ НА КЛИЕНТИТЕ**




Предлог-текстот на новиот Закон за процена упатува на тоа дека проценките при кредитирањето кај хипотекарните и заложните кредити треба да се вршат преку надворешни проценители по висока тарифа, при што не треба да се заборави фактот дека проценките се задолжителни кај ваквиот вид на обезбедено кредитирање со залог на предмети или хипотека. Пред новинарите се обрати Ѓорги Јанчевски, претседател на Здружението на банкарството. Според неговите зборови, само неполни две години по донесувањето на наведеното законско решение повторно е изготвен предлог на нов Закон за процена со кој на банките им се одзема правото да имаат вработени проценувачи кои ќе ги вршат работите од областа на процена за потребите на банките и се упатува на користење на надворешни проценители, иако во меѓувреме не настанала никаква промена ниту потреба во правното и економското окружување, која би го поддржала ваквото законско решение. Согласно тоа, враќањето во една претходна состојба во оваа насока е и повеќе од нецелисходно. Ѓорѓи Јанчевски посебно подвлече дека постапката на донесувањето на законот се прави без да се консултира засегнатата страна.

**3.12.2013 година**

**Здружение на земјоделството и прехранбена индустрија при Стопанската комора на Македонија - ФОРМИРАНА АСОЦИЈАЦИЈА НА КОНЦЕСИОНЕРИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ**

Со донесувањето на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост („Сл. весник на РМ“ бр. 87/2013), се воспостави правна рамка за спроведување постапки за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост. За таа цел, Здружението донесе Одлука за формирање Асоцијација на концесионери на земјоделско земјиште во државна сопственост. Основни цели и задачи на Асоцијацијата се: - да се разгледуваат прашања во врска со унапредувањето на работењето и да се решаваат тековните проблеми поврзани со концесијата на земјоделското земјиште во државна сопственост; - да се усогласуваат појавените спротивности и различни интереси во рамките на својата дејност; -

да се покренуваат иницијативи за донесување и да се разгледуваат предлози на закони и други прописи, да се даваат мислења и предлози по прашања од заеднички интерес поврзани со концесијата на земјоделското земјиште во државна сопственост.

**4.12.2013 година**

**Ден на партнерства на Вардарскиот регион - ПРОМОЦИЈА НА МРЕЖА ЗА ИНКЛУЗИВЕН РАЗВОЈ И ЗАЕДНИЧКА АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

Мрежата за инклузивен развој и заедничка администрација за енергетска ефикасност на општините од Вардарскиот плански регион, беше промовирана со поддршка на УНДП. Целта е преку заедничка соработка на локалните власти од регионот, бизнис-секторот и невладиниот сектор да се создадат подобри услови во Вардарскиот плански регион за економски развој, што ќе значи подобри можности за вработување, привлекување инвеститори, подобрување на социјалните стандарди и подобра заштита на животната средина. Во рамките на Мрежата за инклузивен развој, претставниците од локалната власт, приватниот сектор и невладините организации заедно ќе работат за да ги надминат социо-економските предизвици во регионот.

**4.12.2013 година**

**Свечена прослава на јубилејот на „Фероинвест“ - ДЕЦЕНИЈА ДИНАМИЧЕН И НЕЗАПИРЛИВ РАСТ**



Македонската компанија „Фероинвест“ го прослави јубилејот – една деценија постоење (4.12.2013 година). Историјата на компанијата започнува со купувањето на „Брако“. Во рамките на групацијата функционираат неколку компании кои се занимаваат со разни дејности: металопреработувачка индустрија, обновливи извори на енергија, како и трговија со електрична енергија. „Фероинвест“, покрај „Брако“, во својот состав има 19 мали хидроелектрани, „Аквават“ – компанија што се занимава со дизајнерски пристап и проектирање на малите хидроелектрани, компании за одржување на хидроелектраните, за продажба на струја. Д-р Кочо Анѓушев и „Фероинвест“ годинава беа добитници и на признание на Стопанската комора на Македонија за менаџери кои инвестирале во нови производни погони во земјава во периодот од 2008 година до денес.

**10.12.2013 година**

**Средба меѓу градоначалникот на Охрид, словенечкиот амбасадор и претставници на Стопанската комора на Македонија - ИНТЕНЗИВИРАЊЕТО НА ТУРИСТИЧКАТА ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД НА СЛОВЕНЕЧКИОТ ПАЗАР**

Во кабинетот на градоначалникот на Општина Охрид се одржа средба меѓу градоначалникот Никола Бакрачески, амбасадорот на Република Словенија во Република Македонија, Бранко Раковец и претставници на Стопанската комора на Македонија. На средбата беа презентирани можностите за инвестирање во Охридскиот регион. Во фокусот на средбата беше идентификација на можностите за потенцијална соработка со компании од Словенија од различни сектори. Како приоритет беше истакнато интензивирањето на туристичката промоција на Охрид на словенечкиот пазар и понудата на туристичките услуги приспособени според желбите и потребите на словенечките туристи.

**12.12.2013 година**

**Регионална комора со седиште во Битола - СРЕДБА НА БИЗНИСОТ И ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ**

На иницијатива на Советодавното тело и Царинската управа на Република Македонија, во соработка со Стопанската комора на Македонија и во организација на Регионалната комора со седиште во Битола, на 11 декември 2013 година во Битола беше организирана средба на бизнис-заедницата со осум државни институции на тема: „Новини при вршење на инспекциски надзор поврзан со царинските постапки“. На средбата, покрај Царинската управа на Република Македонија, пред присутните со свои излагања се претставија и следните државни институции: Агенцијата за храна и ветеринарство, Државниот инспекторат за земјоделство, Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот инспекторат за транспорт и Државниот инспекторат за животна средина.

**13.12.2013 година**

**Македонската енергетска асоцијација расправаше по Предлог-енергетскиот биланс на Република Македонија за периодот од 2014 до 2018 година - РЕАЛЕН ПРИКАЗ НА ПОТРЕБИТЕ ОД ЕНЕРГИЈА И МОЖНОСТИТЕ ЗА НИВНО ЗАДОВОЛУВАЊЕ**

Македонската енергетска асоцијација при Стопанската комора на Македонија на седница (13.12.2013година) го разгледа Предлог-енергетскиот биланс на Република Македонија за периодот од 2014 до 2018 година. Владата на Република Македонија во изминатиот период донесе повеќе стратешки документи од областа на енергетиката, чија главна цел е обезбедување на сигурно, безбедно и квалитетно снабдување со сите видови енергија. Најголемо учество во финалната потрошувачка на енергија има електричната енергија околу 40 %, нафтените деривати околу 40 % и останатите 20 % се други облици од енергија. Во периодот од 2014 година до 2018 година се очекува финалната потрошувачка на енергија да расте со просечна годишна стапка, во однос на 2013 година, од 2,3 %/год, при што во 2014 година потребите од енергија се поголеми во споредба со 2013 година за 4,4 %. Во 2014 година најголем пораст на потрошувачката се очекува

кај природниот гас (38,8 %) и геотермалната енергија (17,5 %), додека за останатите видови порастот е помал од 5 %. Вкупните потреби од енергија во 2014 година ќе се обезбедат 57,5 % од домашни извори и 42,5 % од увоз. Претседателот на МЕА, проф. Кочо Анѓушев истакна дека реализацијата на овој рамковен документ реално ќе зависи од процесите на економските движења во државата и од односот на цените на одделни видови енергија.

**16.12.2013 година**

**Потпишан Меморандум за соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Министерството за труд и социјална политика на РМ - ПОДДРШКА НА БИЗНИС-СЕКТОРОТ НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ И ЛИЦА КОИ СЕ НАОЃААТ ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК**



Стопанската комора на Македонија и Министерството за труд и социјална политика на РМ потпишаа Меморандум за соработка (16.12.2013 година). Со Меморандумот домашните компании преку Комората се вклучуваат во заедничко и организирано решавање на проблемите во насока на обезбедување на адекватна поддршка на лицата со инвалидност и лица кои се наоѓаат во социјален ризик.

**17.12.2013 година**

**Делегација од општина Прилеп на бизнис-средби во Верона, Република Италија - КОРИСНИ КОНТАКТИ СО БИЗНИСМЕНИТЕ ОД ЗБРАТИМЕНИОТ ГРАД**



Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и локалната самоуправа, повеќечлена делегација од Прилеп учествуваше на Саемот за храна и традиција на збратимени градови во Верона, Република Италија, кој се одржа од 9 до 13 декември 2013 година. Делегацијата ја предводеа градоначалникот Марјан Ристески и извршниот директор на Регионалната комора со седиште во Прилеп, Ристо Најдоски. Градот Прилеп е збратимен со градот Верона и со градот Минхен од СР Германија. На покана од страна на градоначалникот на Верона, бизнис-делегација од Прилеп учествуваше на локалниот Саем за храна и традиција со свој изложбен штанд, на кој се претстави општината со сите свои потенцијални можности за инвестирање, како и компаниите од прехранбената индустрија „Витаминка“, Прилепска пиварница, „Дониа“, „Марфил“ и Млекарницата „Мики“.

**18.12.2013 година**

**Здружение на банкарството при Стопанската комора на Македонија - ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ ПОВТОРНО ИЗБРАНИ ЃОРЃИ ЈАНЧЕВСКИ И ЈИТКА ПАНТУЧКОВА**

Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија на седницата на 18.12.2013 година го усвои Извештајот на работа на Здружението за 2013 година, како и извештаите за работа од претходниот период на комисиите за АМЛ и Compliance, Правната комисија, Комисијата за ризици, Комисијата за сметководство и ИФРС, Комисијата за платен промет во земјата и странство и Комисијата за ликвидност. На седницата се донесе Одлука за верификација на формирањето на новата комисија во рамките на Здружението - Комисијата за документарно работење при Здружението на банкарството. Исто така, согласно Правилникот за работа на Здружението, а во врска со промените на Законот за банки од февруари 2013 година и трансформацијата на неколку штедилници во финансиски друштва, се донесе Одлука за промена на името на Групацијата на штедилници во Групација на штедилници и финансиски друштва при Здружението на банкарството. На седницата едногласно беа избрани за уште еден мандат досегашните претседател и заменик-претседател на Здружението, односно за претседател беше избран Ѓорѓи Јанчевски, претседател на УО на НЛБ Тутунска банка АД - Скопје, а за потпретседател беше избрана Јитка Пантучкова, претседател на УО на Охридска банка АД – Охрид.

**18.12.2013 година**

**Завршна конференција на Проектот на Европската комисија „Подготовка на студии за развој на стратешки мултимодални транспортни јазли“ - ИНТЕГРИРАЊЕ НА ЗЕМЈАТА ВО ГЛОБАЛНИТЕ ТРАНСПОРТНО-СТОКОВНИ КОРИДОРИ**

Официјалното затворање на Проектот „Подготовка на студии за развој на стратешки мултимодални транспортни јазли“, финансиран од страна на Европската унија, а во кој Министерството за транспорт и врски се јавува како корисник и „Екорис“ од Холандија како имплементатор, се одржа во просториите на ЕУ Инфо Центарот (18.12.2013 година). Притоа,

беа претставени резултатите и достигнувањата на Проектот. Студијата е првичен чекор во насока на финансирање на проекти во областа на транспортот, со цел унапредување на транспортната мрежа, регионалното поврзување и исполнување на обврските во согласност со Стратегијата на ЕУ за конективна Европа, - истакна Аиво Орав, шефот на Делегацијата на Европската унија во земјава.

**19.12.2013 година**

**Средба на бизнис-заедницата од регионот на Струмица со Царината - ПРЕЗЕНТИРАНИ НОВИНИТЕ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР**

Во организација на Стопанската комора на Македонија, а во соработка со Царинската управа на Република Македонија, на 18.12.2013 година во Струмица беше организирана средба на бизнис-заедницата со осум државни институции на тема: „Новини при вршење на инспекциски надзор поврзан со царинските постапки“. Пред бизнис-заедницата од Струмица, Радовиш, Гевгелија и Дојран беа презентирани можностите за олеснување и поедноставување на инспекцискиот надзор при царинските постапки преку избегнување на повеќе лиценци за еден вид на стока и поедноставување и забрзување на увозот и извозот од аспект на потребни лиценци, како и работата на инспекцисите служби и нивната улога, зголемување на нивото на соработка и подигање на свеста за општествена одговорност.

**19.12.2013 година**

**Бизнис-форум 2013 на Општина Гази Баба - СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ПОДДРЖУВАЧ НА ЛОКАЛНИОТ РАЗВОЈ**

„Развојните предизвици и партнерството на Општина Гази Баба” беше темата на Форумот организиран од самата општина, за прв пат од ваков вид, на кој учествуваа претсавници од 50-тина компании од локалната територија, од стопанските комори и невладини организации, одржана на 18.12.2013 година. На Форумот беа поставени 4 цели: презентација на просторните, развојните и инвестициските предизвици на Општина Гази Баба; човечките ресурси и нивното образовно ниво лице в лице со потребите на бизнис-заедницата; европските искуства и партнерства, како и искористувањето на европските фондови и општествената одговорност во функција на локалната заедница.

**20.12.2013 година**

**Потпишан Меморандум за соработка меѓу колективните управувачи со отпад - САМО 20% ОД АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД СЕ РЕЦИКЛИРА, ПОТРЕБНА Е ПОГОЛЕМА ИНВОЛВИРАНОСТ НА СИТЕ ИНСТИТУЦИИ**

Три од вкупно четири регистрирани колективни управувачи со отпад од пакување во земјава, компаниите „Пакомак“, „Еко-пак хит“ од Кочани и „Екосајкл“ - Скопје, на 20.12.2013 година , во Стопанската комора на Македонија потпишаа Меморандум за соработка. Целта на овој договор е преку подобра соработка и координација, да се подигне свеста на јавноста за значењето на селективното собирање на отпад и неговото рециклирање, како и да се поттикне поголема вклученост на локалните самоуправи, министерствата и другите државни институции во целиот овој процес, и да се продолжи со подобрување на инфраструктурата, односно да има поголем број селективни контејнери за комунален отпад и специјализирани возила кои ќе ги опслужуваат.

**25.12.2013 година**

**Седница на Македонската асоцијација на рударството – МАР - ДОГОВОРЕНО Е ДА СЕ ОДРЖУВААТ СРЕДБИ НА ЧЛЕНКИТЕ НА МАР СО МИНИСТЕРОТ САРАЌИНИ, СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ПЕТОК ВО МЕСЕЦОТ**




Членките на Македонската асоцијација на рударството – МАР, во присуство на м-р Ваљон Сараќини, министер за економија раправаа за новиот текст на Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, како и за остварените резултати во 2013 и плановите за 2014 година. На почетокот, претседателот на МАР, господинот Николајчо Николов, во името на сите присутни го искажа задоволството што на оваа средба е присутен министерот Сараќини постави прашање до министерот за гласините кои се шират дека се подготвува нов Тарифник за надоместоци за концесии, кој ќе стапи на сила од 1 јануари 2014 година, а се предвидува зголемување на висината на концесискиот надоместок дури и за околу 50% кај металичните минерали. Министерот Сараќини истакна дека постои таков Тарифник, но тој е повлечен, и точно седницата е добра прилика да се слушне мислењето на стопанствениците. За предложените решенија во законот, беше истакнато дека ќе се доработат во соработка со членките на МАР, а потоа ќе се стави во владина процедура и на Собрание.

**26.12.2013 година**

**Работна средба во Регионалната комора со седиште во Кавадарци – ПОТРЕБНО Е ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ И ОКРУПНУВАЊЕ НА КОМПАНИИТЕ**

Во Кавадарци, на 26.12.2013 година, се одржа работна средба со стопанствениците од регионот на Тиквешијата, во организација на Регионалната комора со седиште во Кавадарци, на која присуствуваше и претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески. Во своето обраќање Азески потенцираше дека за стопанствениците и за регионот е од исклучителна важност да се соработува меѓусебно и да се настапува заеднички на големите пазари.

# МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ

**1.02.2013 година**

**Делегација на Стопанската комора на Македонија во Истанбул, во подготвителна посета за отворање нови пазари во Иран, Азербејџан и во Грузија - ДОГОВОРЕН ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП СО ТУРСКИ КОМПАНИИ**



Копретседателите на Македонско-турскиот деловен совет, Бранко Азески и Хасан Хошбен, заедно со Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонiја, на 1 февруари 2013 година, во Советот за надворешни економски односи на Турција (ДЕИК), со поддршка на Унијата на трговско-индустриските комори и стоковни берзи на Турција (ТОББ), во Истанбул ја договорија заедничката стратегија за поддршка на компаниите во заедничко освојување на кавкаските, блиско-источните и пазарите на Северна Африка. Предвиден е заеднички настап со турски компании на саеми, но и партиципирање на македонски компании во турските бизнис-мисии. Договорено е овој пристап да се прошири и на регионот во рамките на активностите на Асоцијацијата на балканските комори (АБК). На работната средба беше истакнато дека на 23 март 2013 година ќе се одржи традиционалната саемска манифестација на турски компании во Скопје, што ќе биде уште една можност за меѓусебно препознавање и уште поголемо трасирање на заедничката соработка. Делегацијата од Стопанската комора на Македонија имаше средби со копретседателите на Иранскиот, Азербејџанскиот и Грузискиот деловен совет, Риза Есер, Џингис Џул и Тургул Еркин. На работните средби беше договорено македонските компании да бидат поддржани од страна на овие совети на ДЕИК, како и од делови од овие совети во тие земји, за воспоставување деловна соработка. Освен настапи на саеми и учество во заеднички билатерални и мултилатерални бизнис-мисии, ќе се поддржи и промоција на македонски фирми, а ќе биде обезбедена и логистика во изнаоѓање вистински деловни партнери.

**4.02.2013 година**

**Делегација на Стопанската комора на Македонија во посета на коморите на земјите од кавкаскиот регион – ОТВОРАЊЕ НА АЗЕРБЕЈЏАНСКИОТ ПАЗАР ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ**

Продолжува посетата на Делегацијата на Стопанската комора на Македонија, предводена од претседателот Бранко Азески, на коморите на земјите од кавкаскиот регион. Делегацијата на 4.2.2013 година разговараше со своите колеги од Стопанската комора на Азербејџан за можностите за настап на македонските компании на пазарот во каспискиот регион. Договорено е учество на наши компании на неколку значајни саемски манифестации, средување на правната рамка за билатерални економски релации, подобрување на системите за размена на информации и организирање бизнис-форум со компании од Азербејџан. Констатирано е дека, доколку се исполнат овие предуслови, постои можност наскоро да ги видиме нашите производи на овој значаен регионален пазар. Република Азербејџан има 93,5 милијарди САД долари БДП, 10.000 американски долари БДП по глава на жител, 34,5 милјарди САД долари извоз, а увезува стоки и услуги во вредност од 10,2 милијарди САД долари. Досегашната размена на Република Македонија со оваа кавкаска земја е на многу ниско ниво, а ние сме застапени на овој пазар само со стоки од фармацевтската и прехранбената индустрија. Во насока на отворање нови пазари за нашите компании, треба да се напомене и договорот на Стопанската комора на Македонија со Унијата на турските комори (ТОББ) за заеднички настап на нашите и турските компании на азербејџанскиот пазар. http://www.azpromo.az/InvestAZBrief.html, http://database.azpromo.az/.

**5.02.2013 година**

**Македонско-италијански бизнис-форум во Стопанската комора на Македонија – ИТАЛИЈАНСКИ ИСКУСТВА ЗА РАЗВОЈ НА МАКЕДОНСКИОТ ТУРИЗАМ**



Стопанската комора на Македонија, во соработка со ХОТАМ и Стопанската комора на регионот Венето, Р. Италија, на 4.2.2013 година организираше билатерални бизнис-средби со компании од италијанскиот регион Венето. На форумот, што се одржа во рамките на Проектот RI.QUA. што го финансира италијанското Министерство за економски развој, учествуваа 12 италијански компании од областа на угостителството, производството на мебел, внатрешно уредување и опрема за професионални кујни и претставници на 35 македонски фирми. Целта на RI.QUA. Проектот е усогласување на техничките стандарди во угостителството и туризмот во безбедноста на храна и подготвката на здрава храна во хотелиерството, ресторантите и кетерингот. Овој проект се реализира и во Албанија и Црна Гора, со што се заокружува регионалната димензија на Проектот како балканска туристичка понуда. Фабрицио Алвиси, директор на Дирекцијата за меѓународна промоција и маркетинг при Стопанската комора на Ването изрази задоволство што Стопанската комора на Македонија се покажа како вистински партнер во овој проект преку којшто ќе се воспостават повисоки облици на долгогодишна соработка меѓу двете институции.

**6.02.2013 година**

**Консултативна средба: Македонија - Кина и перспективите во иднина – ПОТРЕБНО Е ПОВЕЌЕ ДА СЕ РАБОТИ НА ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА КИНЕСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ**




На консултативната средба насловена „Македонија - Кина и перспективите во иднина“, што се одржа во Стопанската комора на Македонија (6.2.2012 година), се дебатираше за можностите за продлабочување на економската соработка, особено ако се има предвид фактот што Кина важи за еден од најголемите инвеститори ширум светот. Последниве две години постои нагорен тренд во трговската размена меѓу двете земји, која се должи на зголемениот извоз на Македонија. Македонија и Кина имаат потпишано Меморандум за реализација на енергетскиот проект „Вардарска долина“ меѓу македонската Влада и Банката за развој на НР Кина и кинеската компанија CWE. Исто така, има кинеско учество во енергетскиот проект во ХЕЦ „Козјак“, како и актуелното учество во тендерите за ХЕЦ „Чебрен“ и „Галиште“. Растот на кинеската економија во последните 30 години е резултат на големиот раст на производството. Кина има најмногубројна работна сила во светот - 800 милиони работници. Овој тренд најверојатно ќе продолжи и во идните две децении, преку имплементирање на пазарно ориентираните реформи, брза индустријализација и урбанизација.

**7.02.2013 година**

**Делегација на Стопанската комора на Македонија во Тбилиси разговараше за можностите за соработка со грузиското стопанство - ШАНСИ ВО ИТК-СЕКТОРОТ, ЕЛЕКТРО, МЕТАЛОПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА, ЕНЕРГЕТИКАТА И ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО**

На работната средба меѓу Какха Баиндурасхвили, претседател на Трговско-индустриската комора на Грузија и Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, во Тбилиси, беа разменети информации за двете стопанства и беше разговарано за можни полиња на соработка. Иако двете земји немаат дипломатски односи, компатибилност на економиите, искуствата во трансформациијата, аспирациите кон ЕУ и НАТО наговестуваат нови можности за препознавање на двата пазара како нови за бизнис-заедниците. Грузија географски ги поврзува Азија и Европа и таа е природен коридор за трговска размена. Делегацијата на Стопанската комора на Македонија, исто така, оствари

средба со Џемал Инаишвили, копретседател на Грузиско-турскиот деловен совет и потпретседател на Конфедерацијата на азиско-пацифичките трговски комори и сопственик на Медитеранска бродска компанија, која се занимава со поморски контејнерски транспорт и трговија.

**12.02.2013 година**

**Делегација на Стопанската комора на Македонија ја посети Комората на Иран – БАЛКАНОТ МОЖЕ ДА ЈА ДОБЛИЖИ ИРАНСКАТА ЕКОНОМИЈА ДО ЕУ**

Поради развиеното индустриско производство, науката и напреднатиот процес на приватизација на иранската економија, Стопанската комора на Македонија го стави Иран на својата мапа на приоритети – освојување на нови пазари во 2013 година. Делегација на Стопанската комора на Македонија, предводена од претседателот Бранко Азески, се сретна со д-р Мохамед Нахавандиан, претседател на Иранската комора на трговијата, индустријата, земјоделството и рударството, во Техеран на 2.02.2013 година. Првата асоцијација во контактите со колегите од Комората, но и со луѓето по улиците во главниот град на Иран, покажува дека општеството се движи кон либерализирање на секојдневниот живот, постои висока глобална информираност и интерес за вклопување во глобалните економски текови, но со почитување на сопствените ресурси и на партнерските односи.

**20.02.2013 година**

**Во Будимпешта потпишан Меморандум за соработка меѓу стопанските комори на Македонија и Унгарија – ПОТПИСИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА МЕЃУ ДВЕТЕ БИЗНИС-ЗАЕДНИЦИ**

Во рамките на првата седница на Меѓувладината мешовита комисија за економска соработка меѓу Македонија и Унгарија, на 20.02.2013 година беше потпишан Меморандум за соработка меѓу бизнис-заедниците од двете земји. Од страна на Стопанската комора на Македонија, Меморандумот го потпиша Антони Пешев, претседавач на Собранието на Комората, а од Стопанската комора на Унгарија, претседателот Лазло Параг. Потпишувањето на Меморандумот за соработка меѓу стопанските комори од двете земји претставува уште еден формален инструмент во функција на унапредување на соработката меѓу двете бизнис-заедници. На тој начин се испраќа силна порака за значењето на македонско-унгарската економска соработка како импулс во интензивирањето на стопанските врски, како и за можноста за подобро меѓусебно запознавање на националните стопанства.

**21.02.2013 година**

**Промоција на потенцијалите на „Витаминка” од Прилеп пред дипломатскиот кор – МОЖНОСТ ДА СЕ ДОПРЕ ДО НОВИ ПАЗАРИ**

Во рамките на проектот за промоција на извозно ориентираните компании, Министерството за надворешни работи на Република Македонија, на 20 февруари 2013 година пред претставниците на дипломатскиот кор во Република Македонија реализираше презентација на капацитетите и извозните потенцијали на прехранбено-кондиторскиот сектор во Република Македонија. Презентацијата се одржа во административните простории на компанијата „Витаминка” АД - Прилеп , при што се отвори можност, претставниците на дипломатскиот кор директно да се запознаат со потенцијалите на оваа реномирана кондиторска компанија.

**26.02.2013 година**

**Презентиран Извештајот за капацитетите на градежниот сектор во областа на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија - ЗА ЕНЕРГЕТСКО РЕНОВИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНИОТ ФОНД ВО ЗЕМЈАВА ПОТРЕБНИ СЕ НОВИ 16.020 РАБОТНИЦИ**




Првата предлог-верзија на Извештајот (Status quo Анализа) беше презентирана во Стопанската комора на Македонија (26.2.2013 година). Анализата на постојните состојби во градежниот сектор на работниците од градежниот сектор може да се најде на следниве веб-страници: www.buildupskills.mk или www.buildapskills.eu. Партнерите на Проектот Build up skills - Градење капацитети во градежниот сектор во земјава, Стопанската комора на Македонија, како водечки партнер, Агенцијата за енергетика на Република Македонија, Факултетот за елекротехника и информациски технологии, „ЗБК Креација“ и Градежениот инстиут „Македонија“) ја изработија првата нацрт-веризја на Извештајот за капацитетите на градежниот сектор во областа на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија.

Проектот го реализира Европската агенција за конкурентност и иновации (ЕАКИ), а поширокaта цел е заштеда на 20 % енергија до 2020 година преку имплементација на мерките за енергетска ефикасност од страна на градежниот сектор.

**5.3.2013 година**

**Со поддршка на ДЕИК и ТОББ се воспоставува соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Трговско - индустриската комора на Туркменистан - СЕ ОТВОРА ПАТОТ ЗА НАСТАП НА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ НА ПАЗАРОТ ВО ТУРКМЕНИСТАН**

Во Истанбул, на 5 и 6 март 2013 година, се одржа 5. Меѓународен инвестициски форум за Туркменистан, под покровителство на Гурбангули Мердимухамедов, претседател на Туркменистан и Абдулах Ѓул, претседател на Турција. Форумот беше во организација на Туркменистанската трговско-индустриска комора, ТОББ (Унијата на турските комори и берзи) и ДЕИК (Одбор за надворешно-трговска соработка на Турција) – Турско-туркменистанскиот деловен совет. Преземена е и информација за одржување на две поголеми и значајни саемски манифестации кои ќе се одржат во Туркменистан, а се од областа на градежништвото, нафта и гас, кои навремено ќе бидат проследени до заинтересираните македонски компании. Со тоа, всушност, на дело се спроведува договорот на Стопанската комора на Македонија со ТОББ и ДЕИК, што беше постигнат неодамна во Истанбул, за заеднички настап на македонски и турски компании на трети пазари.

**6.3.2013 година**

**Делегација на Стопанската комора на Македонија во посета на Стопанската комора на Србија - СО ЗАЕДНИЧКИ ПРОИЗВОД, БАНКА И ЛОГИСТИКА ДО УРАМНОТЕЖЕНА И ЗГОЛЕМЕНА РАЗМЕНА**

Делегација на Стопанската комора на Македонија, предводена од претседателот Бранко Азески беше во работна посета на Стопанската комора на Србија, каде што реализира средба со нејзиното раководство, предводено од претседателот Милош Бугарин, за моменталната состојба во надворешно-трговската размена меѓу двете земји, со оглед на фактот дека Република Србија е трет најважен трговски партнер на нашата земја. Двете држави треба да работат на продлабочување на економската соработка и во рамките на тоа, на намалување на трговскиот дефицит што го имаме. За тоа извонредна можност е ЦЕФТА-договорот. Ни треба регионален производ, банка, логистика. Но, за да се направи сето тоа, потребна е подобра инфраструктура. Развојот и порастот на БДП во двете земји мора да се одвива покрај Коридорот 10, кој забрзано се приврршува во двете земји, - истакна претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески. - Шансите за пораст во размената треба да се бараат во аграрот, прехраната, хемиската индустрија, сообраќајот и туризмот.

**12.3.2013 година**

**Почнаа подготовките за ИПА 2 за периодот 2014-2020 година - ПОСТАВУВАЊЕ ЦВРСТА ОСНОВА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ**

Во Владата на Република Македонија, на 12.3.2013 година се одржа презентација на „ИПА 2 (Инструмент за претпристапна помош 2) - Упатство за секторско програмирање“, пред претставници на сите државни институции во Македонија. На презентацијата, што се одржа во рамките на посетата на тимот на ЕУ на Република Македонија за подготовка за „ИПА 2“ за перидодот 2014-2020, се обрати вицепремиерот задолжен за европски прашања Фатмир Бесими, кој нагласи дека земјата се соочува со предизвик – да постави цврста основа за имплементација на овој инструмент, со цел да се обезбеди ефективно и ефикасно користење на средствата во следниот седумгодишен период.

**29.3.2013 година**

**Амбасадорот на Тајланд, Н.Е. Ратахит Манатат во посета на Стопанската комора на Македонија - ТАЈЛАНД, ПОКРАЈ ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА, МОЖЕ ДА БИДЕ И ИНТЕРЕСЕН БИЗНИС - ПАРТНЕР**



- Иако Тајланд е далечна земја и недоволно позната како трговски партнер во регионот, сепак е можна соработка, – посочи Н.Е. Ратахит Манатат, амбасадор на Кралството Тајланд во Република Македонија со седиште во Анкара, при неговиот престој и разговорите во Стопанската комора на Македонија (29.3.2013 година). Неговата посета на најстарата и најбројна деловна асоцијација во земјава следеше по предавањето на акредитивите за своето ново наименување. На средбата во Комората, беше изразена подготвеност за натамошно унапредување и интензивирање на билатералните односи меѓу двете земји, кои ги карактеризира пријателство и меѓусебно разбирање, а пред се` беше искажан интерес за интензивирање и зајакнување на соработката со Тајланд на економски план.

**3.4.2013 година**

**„Влијанието на евро-атлантските интеграции врз економијата во Република Македонија” – БЕЗБЕДНОСТА ГО ОСИГУРУВА И ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ**

За Македонија како мал пазар, зачленувањето во НАТО и во ЕУ е многу важно. Нема подобро нешто од отворање на границите за бизнисот. Република Македонија е мал пазар, така што НАТО Алијансата ни отвора многу порти, не само за странски инвестиции и зголемување на капиталот и вредноста на тукашните инвестиции, туку ни овозможува и на нас бизнисмените да ни се отворат вратите да дејствуваме надвор од државата, - истакна д-р Горан Рафајловски, потпретседател на Стопанската комора на Македонија, на Конференцијата „Влијанието на евро-атлантските интеграции врз економијата на Република Македонија“ (3.4.2013 година). Конференцијата беше организирана од страна на Евро-атлантскиот совет на Македонија, Стопанската комора на Македонија и Факултетот за безбедност.

**4.4.2013 година**

**Клуб на фирми за соработка со земјите од Блискиот Исток и од Магреб – „АРАПСКАТА ПРОЛЕТ“ ДОПРВА ТРЕБА ДА ЈА „РАЗЗЕЛЕНУВА“ РАЗМЕНАТА НА МАКЕДОНИЈА СО ОВОЈ РЕГИОН!**




„Арапската пролет“ битно не влијаела на трговската размена на Република Македонија со земјите од Блиски Исток и од Заливот и југоисточен Медитеран. Тоа потврдува дека настаните, освен во однос на увозот од Иран, немале екстремно негативно влијание врз деловните иницијативи во однос на овие земји. Овој став Љубица Нури, виш советник на Управниот одбор на Стопанската Комора на Македонија, го изнесе на состанокот на Клубот на фирми за соработка со земјите од Блискиот Исток и од Магреб на кој, покрај деловни луѓе, присуствуваа и претставници од министерствата за економија, надворешни и внатрешни работи, како и од Царинската управа (4.4.2013 година).

**8.4.2013 година**

**Бизнис-средба меѓу компании од Македонија и Турција – НА МАКЕДОНИЈА И НА РЕГИОНОТ ИМ ТРЕБА ПАРТНЕРСТВО СО СИЛНА ЕКОНОМИЈА**

Размена на информации, меѓусебно запознавање и преземање конкретни чекори за реализирање активности од заеднички интерес беа цел на Втората бизнис-средба во Скопје меѓу претставници на компании од Македонија и од Турција. На Бизнис-средбата, организирана од Стопанската комора на северозападна Македонија и Стопанската комора на Македонија, во соработка со Трговско-деловната асоцијација од Истанбул „Трејдтурк“, бизнисмени од двете земји преку непосредни контакти разменуваа искуства и ги согледуваа можностите за заедничка соработка. На средбата присуствуваа и претставници на компании од јужна Србија, Косово и Албанија.

**11.4.2013 година**

**Форум на Стопанската комора на Македонија и Бордот за надворешни економски односи на Турција (ДЕИК) за унапредување и промовирање на економскатасоработка со Азербејџан, Грузија, Кувајт и Египет - НА ЕВРОАЗИСКИТЕ И АФРИКАНСКИТЕ ПАЗАРИ СО ТУРСКА АСИСТЕНЦИЈА**

Стопанската комора на Македонија и Бордот за надворешни економски односи на Турција (ДЕИК) организираа форум за унапредување и промовирање на економската соработка со Азербејџан, Грузија, Кувајт и Египет (11.4.2013 година). - Не верувам дека за кризата во еврозоната во блиска иднина ќе биде изнајдено решение, - истакна на почетокот Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македнија. - До 2015 година, кризата во еврозоната и натаму ќе се продлабочува и ние мораме да бидеме пред времето и да бараме излезни решенија од таа ситуација. Цениме дека најдобро е тоа да го направиме на нови пазари со поддршка на нашиот најголем коморски пријател, Комората на Република Турција.

**15.4.2013 година**

**Македонско-турски бизнис- форум со Балканската асоцијација на индустријалци и бизнисмени од Румели од Република Турција - ИНВЕСТИЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА, НО И ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ТРЕТИ ПАЗАРИ**



Зголемен е бројот на турски инвестиции во Македонија, но бизнисмените од двете земји договараат уште поинтензивна соработка. Во тој правец беше и Македонско-турски бизнис- форум со Балканската асоцијација на индустријалци и бизнисмени од Румели (Balkansiad) од Република Турција што се одржа во скопскиот хотел „Холидеј Ин“ (15.4.2013 година). Република Македонија и регионот имаат потреба од интернационализација на економијата во партнерство со јака економија, како што е турската, – истакна Софче Јовановска, директор на Дирекцијата за меѓународна соработка, информирање и промовирање во Стопанската комора на Македонија. - Потенцијалите на турското стопанство за нас се неограничени, со проценка дека инвестициите од Турција во Македонија не се само посакуван, туку и реален процес.

**17.4.2013 година**

**Конференција за „сивата“ економија во Будва, во Република Црна Гора – НЕФОРМАЛНАТА ЕКОНОМИЈА ПОТТУРА БАРИЕРИ ПРЕД РАЗМЕНАТА ВО РЕГИОНОТ**

Од Стопанската комора на Црна Гора, која беше домаќин на Конференцијата: „Неформалната економија како дестимулативен фактор врз развојот на ЦЕФТА-регионот - мерки, методи на превенција и добра пракса“, оценија дека неформалната економија битно влијае на бизнис-бариерите во регионот. Велимир Мијушковиќ, претседател на Стопанската комора на Црна Гора, во своето излагање рече дека учеството на „сивата“ економија во бруто производството изнесува 20 отсто или 600 милиони евра. Властите во Подгорица најавија и усвојување на закон за спречување на „сивата“ економија.

**22.4.2013 година**

**Семинар за стратешки избор и имплементација на политики во областа на цврстиот отпад, загадување на почвата и водостопанството по примерот на регионот Валонија - РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА МЕЃУ МАКЕДОНСКИ И БЕЛГИСКИ КОМПАНИИ**

Размена на искуствата во делот на управувањето со отпадот и водите на македонски и белгиски компании беше цел семинарот „Стратешки избор и имплементација на политики во областа на цврстиот отпад, загадување на почвата и водостопанство: примерот на регионот Валонија во Белгија“, што се одржа во Стопанска комора на Македонија. Семинарот беше во организација на Министерството за животна средина и просторно планирање на РМ, Агенцијата за трговија и инвестиции од Валонија (AWEX) при Владата на Белгија и Стопанската комора на Македонија.

**22.4.2013 година**

**Аник Ван Калстер, амбасадор на кралството Белгија во Република Македонија, со седиште во Софија и Филип Суинен, директор на Агенцијата за трговија и инестиции од Валонија во Комората - ПРЕНОС НА ЕКОЛОШКИТЕ ПОЛИТИКИ ВО МАКЕДОНСКАТА СРЕДИНА**



По повод одржувањето на семинарот: „Стратешки избор и имплементација на политики во областа на цврстиот отпад, загадување на почвата и водостопанството: примерот на регионот Валонија во Белгија“, во организација на Министерството за животна средина и просторно планирање на РМ, Агенцијата за трговија и инвестиции од Валонија (AWEX) при Владата на Белгија и Стопанската комора на Македонија, во Комората беа примени Н.Е. Аник Ван Калстер, амбасадор на Кралството Белгија во Република Македонија, со седиште во Софија и Филип Суинен, директор на Агенцијата за трговија и инестиции од Валонија.

**22.4.2013 година**

**Генерално собрание на Асоцијацијата на балкански комори во Будва, Република Црна Гора - ДОБРАТА ТРАНСПОРТНА ИНФРАСТРУКТУРА - ОСНОВА ЗА ЕКОНОМСКО ПОВРЗУВАЊЕ НА РЕГИОНОТ**

Балканските комори, препознавајќи го трендот на стратешкото свртување кон не-европските пазари, треба заеднички да настапуваат во странство, беше оценето на Генералното собрание на Асоцијацијата на балкански комори (АБК), што беше одржано на 17 април 2013 година во Будва, Република Црна Гора. Во работниот дел, на Генералното собрание се дискутираше за значењето на транспортната инфраструктура, што е од исклучителна важност за економскиот развој на регионот, како и можноста за заеднички настап на АБК-коморите на бизнис-форумите и саемите. Беше констатирано дека неадекватната сообраќајна поврзаност е пречка за создавање квалитетна деловна соработка, меѓу другото, преземена од АБК-земјите.

**24.4.2013 година**

**Бизнис-делегација на Стопанската комора на Македонија од 22 до 25 април 2013 година учествува на 8. Светски конгрес на коморите во Доха, Катар - РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПАРТНЕРСТВА**

На Блискиот Исток за прв пат се одржа Конгрес на коморите од целиот свет. Коморските лидери и претставници на компаниите од повеќе од 120 земји дискутираа за најразлични прашања на повеќе пленарни сесии и работилници, за развивање и зајакнување на партнерствата, размена и споделување на најдобрите практики. Настанот се одржа под покровителство на емирот Неговото Височество Шеикот Хамад бин Калифа Ал-Тани.

**25.4.2013 година**

**Бизнис-семинар за „Постапки и процедура за учество на македонските компании по електронски пат во тендерите за јавни набавки на Обединетите нации“ - ЕДУКАЦИЈА ЗА УСЛОВИТЕ И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ И ЗА ПОДГОТОВКА НА ТЕНДЕРСКА ДОКУМАНТАЦИЈА**

Стопанската комора на Македонија, во соработка со Министерството за надворешни работи на Република Македонија, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија (АСИПИ), Сојузот на стопански комори и Стопанската комора на Северозападна Македонија, организираше бизнис-семинар на тема: „Постапки и процедура за учество на македонските компании по електронски пат во тендерите за јавни набавки на Обединетите нации" (25.4.2013 година).

**14.5.2013 година**

**Египетски инвеститори во посета на Стопанската комора на Македонија – ИЗРАЗЕН ИНТЕРЕС ЗА ВЛОЖУВАЊА ВО СТОЧАРСТВОТО И ВО ТУРИЗМОТ**

Ахмед Омар, претседател и извршен директор на Beta Energy for Technical Services company, од Каиро и Шериф Елезави, претседавач на PIKO Engineering Group, во Гиза, во придружба на Миле Манолев, амбасадор на Република Македонија во Египет, ја посетија Стопанската комора на Македонија.

**17.5.2013 година**

**Средба со претставници на Светската банка во Стопанската комора на Македонија - РАЗГЛЕДАНИ МОЖНОСТИТЕ ЗА ПОДДРШКА НА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ**

На средба во Стопанската комора на Македонија претставниците на Светската банка ги презентираа можностите за соработка преку институциите во нашата држава за помош на македонските компании (16.5.2013 година). Притоа, беа посочени неколку сегменти на поддршка: на производствениот процес, на иновациите и на формалното и неформалното (стручното) образование.

**27.5.2013 година**

**Македонско-унгарски бизнис-форум – ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА ОДЛИЧНАТА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ТРЕТИ ПАЗАРИ**




Бизнис-форумот претставува значаен импулс во интензивирањето на успешната економска билатерална соработка, потврдена од серијата посети на високи претставници од двете земји во изминатиот период, со акцент на тоа дека во иднина економската соработка меѓу Република Македонија и Република Унгарија треба да се интензивира уште повеќе, особено во деловниот сектор, - истакна Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија (27.5.2013 година). Република Македонија и Република Унгарија имаат

одлични политички и пријателски односи и сметам дека тоа треба да се рефлектира и на економската соработка.

**27.5.2013 година**

**ЦЕФТА - Регионалната соработка во контекст на влегувањето на Република Хрватска во ЕУ и ефектот врз Република Македонија - НАМАЛУВАЊЕ НА ТРГОВСКАТА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКО-ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ**

Постигнатата либерализација на трговијата со ЕУ во рамките на договорите за стабилизација и асоцијација се основите на идните трговски режими со Хрватска.

**28.5.2013 година**

**Унгарска бизнис-делегација во посета на Битола – ИНВЕСТИТОРИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА**

Бизнис-делегација од повеќе стопанственици и од Стопанската комора на Унгарија, која беше во посета на Република Македонија, оствари средба со градоначалникот на Општина Битола, Владимир Талески и со претставници од бизнис-заедницата на регионот, претставени од Регионалната комора со седиште во Битола (28.5.2013 година). Градоначалникот Талески ги истакна и ги образложи позначајните проекти на Општина Битола во кои спаѓаат Индустриската зона „Жабени", односно фабриките што функционираат или се градат во неа, како и просторот на старата битолска касарна која е, исто така, атрактивен локалитет за инвестирање.

**8.6.2013 година**

**Македонско-украински бизнис-форум – ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО НАЈГОЛЕМАТА УКРАИНСКА КОМОРА**

Претседателот на Трговско-индустриската комора на Украина, Генадиј Чижиков, во придружба на големи и значајни компании од оваа земја, престојуваше во Стопанската комора на Македонија. Домаќин на средбата меѓу украинските и компании од земјава беше Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, а на неа присуствуваше и Н.Е. Јуриј Гончарук, амбасадор на Украина во Р. Македонија.

**11.6.2013 година**

**Трговското аташе на Амбасадата на Австрија во Македонија во посета на Стопанската комора на Македонија – РАЗГОВОРИ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА**

На 11 јуни 2013 година се одржа средба меѓу новоименуваниот економски аташе на Амбасадата на Република Австрија во земјава, Ѓерхард Шлатл и извршниот директор на Стопанската комора на Македонија, м-р Јелисавета Георгиева. На средбата во Стопанската комора на Македонија беше истакната досегашната успешна соработка и беа договорени идни планови за проширување на соработката меѓу македонските и австриските компании.

**17.6.2013 година**

**Македонско-турски бизнис-форум со компании-членки на Турската асоцијација на индустријалци и бизнимени (ТУМСИАД) – ИНТЕНЗИВНИ ДЕЛОВНИ ПОСЕТИ ЗА НОВИ ИНВЕСТИЦИИ И ПОГОЛЕМА ТРГОВСКА РАЗМЕНА**

Зголемен е бројот на турски инвестиции во Македонија, но бизнисмените од двете земји договараат уште поинтензивна соработка. Во тој правец беше и Македонско-турски бизнис-форум со компаниите-членки на Турската асоцијација на индустријалци и бизнимени (ТУМСИАД) кои во Стопанската комора на Македонија ги разгледаа можностите за соработка со македонски компании (17.6.2013 година).

**18.6.2013 година**

**Build Up Skills МК - ПАТОКАЗОТ ЗА РАЗВОЈ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА**

Во рамките на Проектот „Build up skills МК" (Градење капацитети во градежниот сектор во Македонија), дел од Иницијативата на Европската унија за подобрување на енергетската ефикасност во градежниот сектор, во Стопанската комора на Македонија се одржа работен состанок пред експертските групи за градежништво и образование.

**28.6.2013 година**

**Работилница за државна помош за општините, универзитетите, бизнис-заедницата и останати заинтересирани страни - ЗАПОЗНАВАЊЕ СО МОЖНОСТИТЕ ДА СЕ ДОБИЕ ЈАВЕН ГРАНТ ОД МАКЕДОНИЈА ИЛИ ОД ЕВРОПСКИОТ БУЏЕТ**

Во рамките на Проектот „Поддршка на Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК) за контрола на државната помош", во соработка и со поддршка на Регионалната комора со седиште во Битола, на 27.6.2013 година во Битола се одржа работилница на тема: „Државна помош и европско финансирање", за правилните начини на доделување и користење државна помош.

**2.7.2013 година**

**Донесен Акциски план за обука на градежни работници во областа на енергетската ефикасност – ОБУКА НА ТРЕНЕРИ И ГРАДЕЖНИ РАБОТНИЦИ СО ЕВРОПСКИ ПАРИ**

На состанокот на Насочувачкиот комитет на Проектот„Build up skills" беше утврден документот Патоказ за градење на капацитети во градежниот сектор, кој ги дефинира начинот и средствата за обука на кадар во градежниот сектор, односно работници со однапред стекнати дефинирани одредени квалификации кои треба да бидат во можност да градат енергетски ефикасни објекти (2.7.2013 година).

**4.7.2013 година**

**Делегација од Романија на средба со бизнис заедницата во Република Македонија – ПРЕКУ ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА КОНТАКТИТЕ ДО ПОГОЛЕМА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА МЕЃУ ДВЕТЕ ЗЕМЈИ**



Во рамките на посетата на шефот на дипломатијата на Романија, Титус Корлацеан, во Република Македонија, романската делегација предводена од Државниот секретар, Мануел Донеску на 3.7.2013 година во Скопје оствари средба со претставници од бизнис-заедницата на Македонија. Како претставник на Стопанска комора на Македонија, а по покана од почесниот конзул на Романија во Битола беше присутна делегација на Регионалната комора со седиште во Битола предводена од вршителот на должност рретседател на Регионалната комора, Мирко Велковски од „Хемометал" - Битола.

**22.7.2013 година**

**Стопанската комора на Македонија дел од ГЛОБАЛНИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ САМИТ ЗА МАКЕДОНИЈА ШТО ОД 8-10 ОКТОМВРИ 2013 ГОДИНА ЌЕ СЕ ОДРЖИ ВО ОХРИД**

Стопанската комора на Македонија со задоволство го објавува своето учество и континуирана поддршка на Глобалниот инвестициски самит за Македонија. Инвестицискиот самит ќе се одржи од 8-10 октомври 2013 година во Охрид, во хотел „Метропол". Во 2012 година на Самитот учествуваа 350 учесници, бизнисмени од Македонија, од македонската дијаспора и други потенцијални инвеститори, заинтересирани за правење бизнис во/со Македонија. Овогодинешниот фокус на работните сесии ќе биде конкурентноста, иновациите, претприемништвото и трансферот на know-how. Ќе бидат реализирани деловни средби, а ќе има и повеќе настани за дружење и поврзување.

**30.8.2013 година**

**Работен состанок на проектниот тим на „Build up skills MK" - Градење капацитети во градежниот сектор во Македонија - ПОДДРШКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПАТОКАЗОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕНЕРГЕТСКО ЕФИКАСНИ ОБЈЕКТИ**



Во рамките на Проектот „Build up skills MK" (Градење капацитети во градежниот сектор во Македонија), се одржа работен состанок на проектниот тим. Притоа, беа дефинирани потребните работни активности на членовите на тимот (30.8.2013 година).

**10.9.2013 година**

**Македонско-полски бизнис-форум во хотелот „Stone Bridge" во Скопје - ДОГОВОРАЊЕ ЗА ПОЛСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПОВИСОКИ ФОРМИ НА СОРАБОТКА**

Во скопскиот хотел „Stone Bridge" се одржа Македонско-полски бизнис-форум со учество на претседателите на државите Бронислав Коморовски и Ѓорѓе Иванов (10.9.2013 година). Во придружба на полскиот претседател беше бројна реномирана бизнис-делегација од најголемите полски компании од повеќе индустрии: металургија, одбрана, градежништво, прехранбена индустрија и производство на мебел, кои беа дел од форумот. Во земјава ги дочекаа деловни луѓе заинтересирани за натамошно развивање на меѓусебните трговски односи. Форумот го отвори и со него претседаваше Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија.

**12.9.2013 година**

**На Македонско-јорданскиот бизнис-форум беа потпишани три договори: за соработка меѓу бизнис-асоцијациите и за основање на деловен совет - ЗНАЧАЕН ИМПУЛС ВО РАЗВОЈ НА МЕЃУСЕБНИТЕ ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ**



На Македонско-јорданскиот бизнис-форум, што се одржа на 12.9.2013 година, беа потпишани три договори: Договор за соработка меѓу стопанските комори на Македонија и на Јордан, Договор за соработка меѓу Јорданската Европска бизнис-асоцијација и Стопанската комора на Македонија и Договор за основање на Македонско-јордански бизнис-совет меѓу Јорданската Европска бизнис-асоцијација и Стопанската комора на Македонија.

**17.9.2013 година**

**Горан Свилановиќ, генерален секретар на Советот за регионална соработка во посета на Стопанската комора на Македонија - СТРАТЕГИЈАТА 2020 ЗА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА БАРА АЛИЈАНСА МЕЃУ ПРИВАТНИОТ И ЈАВНИОТ СЕКТОР**

На регионот му е потребно координирано регионално управување и преземање одговорност за имплементација на целите од заеднички регионален интерес, за кои постојат меѓународна политичка и финансиска поддршка. Како поддршка на политичката елита за ваквиот пристап, приватниот сектор и деловните асоцијации се безрезервен и незаобиколен фактор, – констатираа на заедничката средба Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија и Горан Свилановиќ, генерален секретар на Советот за регионална соработка (17.9.2013 година).

**20.9.2013 година**

**Македонско-турски бизнис- форум со компании од Бергама - ИНТЕНЗИВНАТА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА МОЖЕ ДА ГО НАМАЛИ МАКЕДОНСКИОТ ТРГОВСКИ ДЕФИЦИТ**

Во Стопанската комора на Македонија се одржа Македонско-турски бизнис-форум со компании од Бергама. Гостите, кои се членки на Стопанската комора на овој град, имаа можност да остварат бизнис-контакти со бројните домаќини и на тој начин заеднички да ја отворат можноста за натамошна деловна соработка. Турските компании од секторите градежништво, фармација, живинарство, угостителство, производство на маслиново масло и трговија на големо на Бизнис-форумот и на билатералните средби со македонски компании, покрај воспоставувањето деловни контакти, имаа можност да ги согледаат потенцијалите во одделни сектори и да ги анализираа можностите за идна соработка и заеднички настап на трети пазари. Зголемен е бројот на турски инвестиции во Македонија, но бизнисмените од двете земји договараат уште поинтензивни бизнис-релации.

**4.10.2013 година**

**Средба на Стопанската комора на Македонија со Регионалната комора на Пела, Република Грција - ПОЛИТИЧКИТЕ СЛУЧУВАЊА НЕ СМЕЕАТ ДА ВЛИЈААТ ВРЗ ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА МЕЃУ МАКЕДОНИЈА И ГРЦИЈА**

На средбата со претседателот на Регионалната комора на Пела, господинот Јорданис Цоцос, двете делегации (4.10.2013 година) ја истакнаа потребата од зајакнување на регионалната институционална и бизнис-соработка на компаниите.

**17.10.2013 година**

**Италијански проект на заедничко вложување и инвестиции на компании од Италија со компании од Македонија, Србија, Босна и Херцеговина и ЦрнаГора - ПРОМОЦИЈА НА БИЗНИС-МОЖНОСТИТЕ ВО ДЕЛОТ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**



Во рамките на Проектот „Еколошки технологии и обновливи извори на енергии на Балканскиот регион", кофинансиран од страна на Министерството за економски развој на Република Италија (L.84/2001), на 14 и 15 октомври 2013 година, во Стопанската комора на Србија во Белград,

се одржаа бизнис-средби меѓу италијански компании и компании од Балканскиот регион. Министерството за економски развој на Република Италија во соработка со стопанските комори на Македонија, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина им овозможија на италијанските и балканските компании директна средба и промоција на бизнис-можностите во делот на животната средина и обновливите извори на енергија со цел да се зголеми побарувачката и понудата за да се подобрат комерцијалните, истражувачките и развојните услуги, размената на знаење и искуства, заедничкото вложување, договори и инвестиции.

**22.10.2013 година**

**Македонски компании во организација на Стопанската комора на Македонија го посетија "Tradexpo Indonesia 2013" во Џакарта – ИНДОНЕЗИЈА ГО ЗГОЛЕМУВА ПРИСУСТВОТО ВО ЕВРОПА, МОЖЕ ПРЕКУ МАКЕДОНИЈА!**

Делегација од 7 македонски компании, во организација на Стопанската комора на Македонија, во периодот од 16 до 20 октомври 2012 година, го посети 28. Меѓународен саем „Tradexpo Indonesia 2013" во Џакарта, Индонезија.

**22.10.2013 година**

**Годишната конференција на Европската мрежа на бизнис можности – ЕЕН се одржа на 15 и 16 октомври 2013 година во Вилнус, Литванија - РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА ЗА ПОГОЛЕМА ЕФЕКТИВНОСТ ВО ПОДРШКАТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ БИЗНИСИ**

Околу 800 претставници од партнерските организации: комори, иновативни центри, универзитети кои ја сочинуваат Европската мрежа на бизнис можности, учествуваа на Годишната конференција на ЕЕН, што се одржа на 15 и 16 октомври 2013 година во Вилнус, Литванија. Преку учество на панел-сесии и работилници на теми поврзани со работењето на ЕЕН-мрежата, се дебатираше и се разменуваа искуства за работењето на мрежата, со цел постигнување на поголема ефективност во сервисирањето на услугите кон МСП. Целта на ЕЕН-мрежата е да им се помогне на малите и средни компании во интернационализација на своите бизниси, трансфер на нови технологии, примена на иновации, изнаоѓање на партнери за аплицирање на европските повици од ЕУ-програмите како, ФП7 и ЦИП-програмите.

**28.10.2013 година**

**Стопанска делегација од градот Дејанг, Народна Република Кина, во посета на Прилеп – „АЛИНЦИ" ГИ ЗАИНТЕРЕСИРА КИНЕСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ**

Стопанска делегација од кинескиот град Дејанг во периодот од 24 до 27 октомври 2013 година престојуваше во општината Прилеп, при што посети и членки на Регионалната комора со седиште во Прилеп. На средбите со градоначалникот на Прилеп, Марјан Ристески и претставниците на Стопанската комора на Македонија, беше разговарано за повеќе прашања од областа на економијата, културата, образованието и други области во кои двете општини можат да промовираат идна искрена и пријателска соработка.

**13.11.2013 година**

**Македонско-италијански бизнис-форум во Стопанската комора на Македонија - ПОВЕЌЕ ИТАЛИЈАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПОВИСОКИ ФОРМИ НА СОРАБОТКА**

Стопанската комора на Македонија, во соработка со Стопанската комора на Милано од Република Италија, во рамките на Проектот РИСЕЕ, Италија - Југоисточна Европа, на 13.11.2013 година организираше Македонско-италијански бизнис-форум и бизнис-средби со италијански компании. На Форумот што се одржа во Стопанската комора на Македонија, учествуваа неколку италијански компании од областа на транспорт и логистика, индустриски машини и алати, електроника, ИТ-индустрија и друго, како и нивни потенцијални деловни партнери од земјава. Всушност, целта на Форумот и билатералните средби по неговото одржување беше токму запознавање на бизнисмените од Италија со можностите за инвестирање во земјава и со потенцијалите за водење бизнис, како и пренесувањето на нивните искуства на македонските колеги.

**20.11.2013 година**

**Коморите од регионот на ЦЕФТА-неделата во Сараево - КОНКРЕТНИ ПРЕДЛОЗИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ЦЕФТА-ДОГОВОРОТ**

Во рамките на манифестацијата „ЦЕФТА-недела", на 18.11.2013 година во Надворешно-трговската комора на Босна и Херцеговина се одржа коморскиот ЦЕФТА-Форум, на којшто претставниците од коморите детално ги разработуваа прашањата за земјоделските и нетарифни бариери, пречките во трговијата, царината, правилата за потекло и трговските услуги.

**21.11.2013 година**

**Претставени приоритетите на Македонија за време на претседавањето со ЦЕФТА - НАТАМОШНА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА, ОТСТРАНУВАЊЕ НА НЕТАРИФНИТЕ БАРИЕРИ И ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ТРГОВСКИТЕ ПРОЦЕДУРИ**

Македонија во 2014 година ќе го преземе претседавањето со ЦЕФТА од актуелниот претседавач Босна и Херцеговина. Како приоритети за Македонското претседателство со ЦЕФТА ќе бидат: натамошната либерализација на трговијата со земјоделски производи и трговијата со услуги, елиминирање на нетарифните бариери и непотребните технички бариери во трговијата, олеснување на трговијата со вклучување на транспарентни алатки и поедноставување на трговските процедури.

**25.11.2013 година**

**Македонско-хрватски бизнис-форум со учество на министрите за економија на двете земји, Иван Врдољак и Ваљон Сараќини - РАЗМЕНАТА ДАЛЕКУ ОД ЗАДОВОЛИТЕЛНА, ХРВАТСКА ТРЕБА ДА СТАНЕ ПЕТТИ ТРГОВСКИ ПАРТНЕР НА МАКЕДОНИЈА**

Во рамките на официјалната посета на хрватската владина и бизнис-делегација на земјава, во Стопанската комора на Македонија се одржа Македонско-хрватски бизнис-форум (25.11.2013 година). На Форумот присуствуваа министрите за економија на двете земји, Иван Врдољак, кој ја предводеше хрватската делегација и Ваљон Сараќини. Во преполнетата сала на присутните деловни луѓе од традиционално блиските деловни партнери им се обратија Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија и Весна Трнокоп-Танта, потпретседател на Стопанската комора на Хрватска.

**26.11.2013 година**

**Дводневна регионална конференција за ЕЕН-мрежата во Белград, Република Србија, на националните конзорциуми од Југоисточна Европа - ПРОДОЛЖУВА КОНТИНУИРАНАТА ПОДДРШКА ЗА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ КОМПАНИИ**

Европската мрежа на претприемништвото (ЕЕН) е една од најуспешните проекти на Европската унија за Југоисточна Европа. Таа се занимава со клучните прашања и проблеми на економијата на регионот, особено на малите и средните компании, особено со: недостаток на конкуренција, технолошката заостанатост, немањето концепт на интернационализација на бизнисот и негово финансирање. Новите ЕЕН-препораки и процедури за „Хоризонт 2020“ се` уште не се јасни и прецизирани од страна на ЕАКИ – Европската агенција за конкурентност и иновативност.

**26.11.2013 година**

**Македонско-египетски бизнис-форум во Стопанската комора на Македонија – СКЕНИРАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА**

Стопанската комора на Македонија, во соработка со Египетската бизнис асоцијација – ЕБЈ организираше Македонско-египетски бизнис-форум и бизнис-средби со компании од Египет (26.11.2013 година). На Форумот што се одржа во Стопанската комора на Македонија, учествуваа десетина египетски компании од областа на транспортот и логистиката, градежништвото, текстилот, туризмот, земјоделието и прехранбената индустрија, како и нивни потенцијални деловни партнери од земјава. Целта на Форумот и билатералните средби по нивното одржување беше токму запознавање на бизнисмените од Египет со можностите за инвестирање во земјава и со потенцијалите за водење бизнис, како дел од нивната експлораторна бизнис-мисија на Балканот.

**5.12.2013 година**

**Сириски бизнисмени во посета на Прилеп - ТЕКСТИЛОТ ОД АЛЕПО СЕ СЕЛИ ВО ИНДУСТРИСКИТЕ ЗОНИ**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп, Министерството за надворешни работи на РМ и Дирекцијата за технолошко-развојни индустриски зони на Македонија, на 3.12.2013 година, Општината ја посети сириска бизнис-делегација од компанијата „Toptex“, претставувана од Хасан Араб и Махер Ал-Маллах. Компанијата „Toptex “, со седиште во Алепо, се занимава со производство на памук, памучни предива и финални памучни ткаенини со над 1000 вработени. Поради новонастанатата ситуација во Сирија и од економски интереси, дел од своето производство го сели во други региони, меѓу кои е одбрана и Република Македонија.

**5.12.2013 година**

**Македонско-унгарски бизнис-форум – ДЕЛОВНИТЕ СРЕДБИ НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦИТЕ – ИМУЛС ЗА ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА ОДЛИЧНАТА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА**



Стопанската комора на Македонија, во соработка со Агенцијата за привлекување странски инвестиции и промоција на извозот на РМ, на 5.12.2013 година организираше Македонско-унгарски бизнис-форум и бизнис-средби со унгарски компании. На форумот што се одржа во хотелот ТЦЦ Гранд Плаза во Скопје, учествуваа унгарски компании од различни стопански дејности, како и нивни потенцијални деловни партнери од земјава. Бизнис-форумот го отворија премиерите на двете земји, Виктор Орбан и Никола Груевски.

**10.12.2013 година**

**Во Стопанската комора на Македонија претставен Солун – град на бизнисот, туризмот, транспортот, образованието и европска престолнина на младите во 2014 година - КРЕИРАЊЕ ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ КОИ ЌЕ ОТВОРАТ РАБОТНИ МЕСТА И ЌЕ ГО ЗАПРАТ ОДЛИВОТ НА МЛАДИТЕ ЛУЃЕ ВО СТРАНСТВО**

Во преполнетата голема сала во Стопанската комора на Македонија беа презентирани можностите што ги нуди градот Солун за унапредување на билатералната соработка со македонските бизнисмени (10.12.2013 година). Делегацијата од претставници на стотина деловни луѓе од македонскиот јужен сосед ја предводеше градоначалникот на Солун, Јанис Бутарис, а заедно со својот домаќин Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, им се обратија и на деловните луѓе од двете земји. На големиот собир, на кој учествуваа и преку седумдесет македонски компании, присуствуваше и шефот на Канцеларијата за врски на Република Грција во Република Македонија, Харис Лалакос, како и градоначалникот на Скопје, Коце Трајановски.

**10.12.2013 година**

**Средба меѓу градоначалникот на Охрид, словенечкиот амбасадор и претставници на Стопанската комора на Македонија - ИНТЕНЗИВИРАЊЕТО НА ТУРИСТИЧКАТА ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД НА СЛОВЕНЕЧКИОТ ПАЗАР**

Во кабинетот на градоначалникот на Општина Охрид, на 10.12.2013 година, се одржа средба меѓу градоначалникот Никола Бакрачески, амбасадорот на Република Словенија во Република Македонија, Бранко Раковец и претставници на Стопанската комора на Македонија. На средбата од страна на Секторот за локален економски развој при Општината беа презентирани можностите за инвестирање во Охридскиот регион. Во фокусот на средбата беше идентификација на можностите за потенцијална соработка со компании од Словенија од различни сектори.

**12.12.2013 година**

**Хато Бренер, германски експерт, одржа предавање во Стопанската комора на Македонија за продажбата и маркетингот на меѓународни пазари, со посебен осврт на Германија - ПРОМОЦИЈА, КОНТАКТИ И СОРАБОТКА СО СТРАНСКИТЕ ПАРТНЕРИ Е ПАТОТ КОН ПОГОЛЕМ ИЗВОЗ**

Во насока на имплементација на стратегијата на Стопанската комора на Македонија за поттикнување на извозот, инвестициите и инфраструктурата, на 12.12.2013 година, пред членките беше одржана презентација „Продажба и маркетинг на меѓународни пазари, со посебен осврт на Германија“. Предавањето согласно усвоената Програма на заедничкиот партнерски проект ЦЕФТА-ДИХК го одржа германскиот експерт Хато Бренер, основач на консултантската компанија AWI International Services GmbH. Целта на семинар-презентација беше да се помогне во подготовка на компаниите како подобро да ги унапредат своите извозни активности на меѓународните пазари.

**13.12.2013 година**

**Новоименуваниот амбасадор на Република Словачка во Македонија, Н.Е. Мартин Безак во посета на Стопанската комора на Македонија - РАЗМЕНАТА ВО НАГОРЕН ТРЕНД, НЕДОСТАСУВА ПРОМОЦИЈА**

Интензивирање и развивање на одличните односи, како на економски, така и на институционален план, динамизирање и конкретизирање на можностите за соработка меѓу Република Македонија и Република Словачка, се заложбите на институциите од двете земји. Во тој контекст е и првата протоколарна посета на Мартин Безак, новоименуваниот амбасадор на Република Словачка во Република Македонија во Стопанската комора на Македонија (13.12.2013 година). Посакувајќи му успешно извршување на неговата нова функција, Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, го информираше за согледувањата на Комората во однос на унапредувањето на билатералната стопанска соработка.

**20.12.2013 година**

**Јаромир Левичек, прв секретар во Делегацијата на ЕУ во РМ во посета на Стопанската комора на Македонија - ПОДДРШКА ВО ПРОМОВИРАЊЕТО НА ПОЛИТИКИТЕ, РЕГУЛАТИВИТЕ И ПРАКТИКАТА НА ЕУ**

Господинот Јаромир Левичек, прв секретар во Делегацијата на ЕУ во РМ и раководител на Секторот за економски прашања, градење институции и претприемен процес, ја посети Стопанката комора на Македонија (20.12.2013 година), со цел институционално запознавање и планираните програмски активности во 2014 година. Во разговорот со Љубица Нури, виш советник на УО на Комората, Левичек начелно изрази подготвеност за институционална поддршка на коморските активности во промовирањето на политиките, регулативите и практиките на Европската унија, особено во однос на ЕУ-фондовите достапни на Република Македонија.

# ИНФОРМАТИВНО-ПУБЛИЦИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

Во својата информативно-публицистичка дејност, Стопанската комора на Македонија во 2013 година го користеше својот портал (www.mchamber.mk), електронското неделно издание „БИЗНИС ИНФО“, редовниот дневен „Електронски информатор“, како и повременото дистрибурирање на соопштенија до средствата за јавно информирање по повод одредени настани, реагирања или пласирање на сопствени ставови, мислења, барања. Во 2013 година беа издадени и 35 електронски изданија на „БИЗНИС ИНФО“ во просек на околу 40 страници. Неделникот објавуваше во просек околу 60 текстови во едно издание - поշироки текстови, коментари и анализи подготвени од експертите на Комората, како дополнение на она што е поставено на веб-порталот. Електронското издание на „Бизнис Инфо“ во просек по број го посетувале по околу 3.000 читатели.




“БИЗНИС ИНФО – СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА“ е страницата којашто од 2011 година беше отворена на Фејсбук .На оваа страници беа поставувани текстови од Комората, македонската економија и од светскиот печат, кои имаат употребна вредност за претприемачите во земјава. Дневно во просек беа постирани во просек по дваесетина текстови со што се направи обид за зголемување на информираноста кај бизнисмените - корисници на овие страници. Покрај своевиден прес-клипинг на социјалните мрежи со предзнакот на Стопанската комора на Македонија, на посетителите им беа издвојувани текстови од весници, телевизиски станици, портали во регионот – српски, бугарски, хрватски...




Втора година по ред беше подготвувано и веќе препознатливото комерцијално издание „БИЗНИС ОГЛАСНИК“. Во него беа обединети комерцијални објави од две бизнис-мрежи кои се лоцирани во Стопанската комора на Македонија: сопствената „Понуда-побарувачка“, ЕЕН-мрежата и делот за меѓународни тендери од разни извори. Минатата година беа издадени 40 броја „БИЗНИС ОГЛАСНИК“ во кој, покрај употребливите информации од споменатите мрежи, со современ дизајн беа пласирани комерцијалните настани што ги организираше Комората.

Во 2013 година беше извршено и редизајнирање, промена на уредувачкиот концепт и зголемување на страниците на веќе постојниот месечник „ИНФОРМАТОР“. Тој почна да се издава на А4 големина, а во него се додадени нови рубрики, па покрај легислативата – домашна и од ЕУ, внесени се и содржини од областа на нови технологии, тендери, понуди... Изданието редовно ги издвојува и ги објавува настаните во Комората кои се однесуваат на промоцијата на македонското стопанство и активностите во тој правец на најстарата и најбројната деловна асоцијација во земјава. Од новиот редијзаниран „ИНФОРМАТОР“ отпечатени се 10 броја, во просек со 52 страници.




Во текот на годината редовнно се објавувува и дневниот електронски „ПРЕС КЛИПИНГ“ наменет за брзо и ефикасно информирање на управувачкиот апарат на Стопанската комора на Македонија и вработените. Во просек се издвојуваат по 12 текстови дневно - извадоци од македонските медиуми.

Во ажурирањето на веб-порталот на најстарата и најбројната деловна асоцијација во земјава посебно се водеше сметка на брзината на пласирањето на вестите, соопштенијата и актуелностите, како и на секојдневното објавување на богати содржини од областа на делувањето на Стопанската комора на Македонија и воопшто од македонската економија. На порталот на Комората се објавени со фотографии буквално сите активности на облиците и телата на делување, вклучувајќи ги и регионалните комори. Посебно се водеше сметка, на сајтот да се најдат информации од покровителите и членките на Комората, како и да им се овозможи на деловните луѓе да имаат комплетно информирање за случувања во економијата. Во просек дневно на сајтот се поставуваа по десетина текста, а со тоа Комората го обезбедуваше дневното информирање на своите членки. Во текот на годината се вршеше и ажурирање на англискиот и албанскиот дел на веб-порталот, во просек по 2 до 3 информации дневно одделно на секој од нив.

# УСЛУГИ ЗА ЧЛЕНКИТЕ

## ЕДУКАЦИЈА И ОБУКА

Центарот за едукација и развој на човечки ресурси и во изминатата година продолжи да ги следи потребите за едукација на компаниите-членки на Стопанската комора на Македонија. Имено, согласно Програмата за 2013 година, Центарот понуди богати содржини наменети за различни сектори. Беа реализирани 72 настана на кои учествуваа 1727 учесници.

Темите кои беа предмет на обуките беа од областа на правото, посебно во делот на актуелните измени во правната регулатива, банкарското и финансиското работење, човечките ресурси, безбедност и здравје при работа и други.

Во изминатата година беа реализирани повеќе обуки наменети за конкретни сектори од стопанството како што се: банкарството, градежниот сектор, земјоделството, комуналниот сектор, хемиската индустрија, транспортниот сектор, промет со недвижности, туризам и угостителство, здравствениот сектор и сл.

Со цел предавањата да бидат реализирани од најсоодветните предавачи воспоставена е соработка со врвни странски и домашни експерти од соодветни области, како и со голем број министерства, други државни институци, како и со асоцијации и здруженија.

Сите семинари и обуки кои ги реализира Центарот за едукација изминатите години, беа креирани како практични алатки со кои се надминуваат определни состојби или се решаваат определени проблеми. Во таа насока, препознавајќи ја ефикасноста на истите, членките на Комората со голем интерес одговорија на поканите за учество на семинари.

И во 2014 година, Центарот подготвува богати содржини наменети за резлични сектори и области, на теми кои во зависност од економските и оптшествените случувања, ќе бидат актуелни за стопанските субјекти.







## ВАША БИЗНИС КАНЦЕЛАРИЈА

Во **Вашата бизнис канцеларија** се издаваат сертификати за потекло на производите (Оригин и Фом А), АТА-карнети, потврди за ексклузивитет, потврди за единствен производител, потврди за производител, потврди за слободна продажба, потврди за виша сила, препораки за добивање визи, мислења за исполнување на економските услови, мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки, како и се врши заверка на фактури, договори и други документи.

Во периодот од 01.01.2013 до 31.12.2013 година во Вашата бизнис канцеларија се издадени:

- 1390 сертификати за потекло на производите (Форм А);
- 10034 сертификати за потекло на производите (Оригин);
- 439 АТА-карнети;
- 20 потврди за ексклузивитет;
- 1 потврда за слободна продажба;
- 1 потврда за единствен производител
- 26 потврди за производител;
- 8 потврди за членство во Комората;
- 167 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
- 22 мислења за исполнување на економските услови.

## ВЕБ-СЕРТИФИКАТ EXCELLENT SME

Стопанската комора на Македонија, во соработка со познатата агенција за кредитен рејтинг COFACE, од април 2013 година почна да го издава и веб-сертификатот Excellent Sme, како нов документ кој претставува сертификат за деловно работење за најуспешните микро, мали и средни компании во Република Македонија.

Сертификатот им овозможува на локалните и на меѓународните бизнис-партнери да го верификуваат постоењето на компанијата, точната веб-адреса и најважното - бонитетот на компанијата.

Главната цел на сертификатот е да се промовираат малите и средни компании, да се обезбеди и да осигура бизнисот, добрите бизнис-пракси и да се зголеми пазарната транспаретност. Исто така, тој ќе им помогне на клиентите и на бизнис-партнерите да ги намалат финансиските и другите ризици кога склучуваат деловни договори.

Стартот на проектот Excellent-SME е 10.4.2013 година, а до крајот на 2013 година 73 компании станаа носители на овој сертификат.



# ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ

Центарот за унапредување на квалитетот во производството и услугите, според своите утврдени работни и програмски задачи ги реализира следниве активности во 2013 година:

***1) консултантски услуги за воведување Системи за управување со квалитет, согласно ISO 9001:2008:***

- процесот на имплементација на Систем за управување со квалитет согласно ISO 9001:2008, е во тек или завршен во пет компании;

***2) консултантски услуги за воведување на Системи за управување со животната средина, согласно ISO 14001:2004:***

- процесот на имплементација на Систем за управување со животната средина согласно ISO 14001:2004, е во тек во три компании;

***3) консултантски услуги за воведување на HALAL стандард:***

- процесот на имплементација на HALAL стандард е во тек во три компании;



***4) ресертификации на Систем за управување со квалитет,*** во фирми кои го имаат имплементирано истиот систем, согласно договорот со BSI (British Standards Institution) и Комората:

- извршена е ресертификација на Систем за управување со квалитет согласно ISO 9001:2008 во име на BSI, во девет компании;

***5) континуирани проверки на системи за управување со квалитетот и безбедна храна,*** во фирми кои го одржуваат Системот за управување со квалитет согласно ISO 9001:2008:

- извршена е континуирана проверка на Систем за управување со квалитет согласно ISO 9001:2008 во име на BSI, во педесет компании;

***6) учествувано е во следните меѓународни проекти:***

- L. 84/2001, annualità 2003 BALCANI, Progetto “RI.QUA. - Adeguamento degli standard qualitativi dell’offerta turistica delle PMI in Albania, Macedonia e Montenegro”- HACCP во ресторани и хотели;

***7) активно учество во работа на технички комитети при Институтот за стандардизација и акредитација на РМ:***

- ТК 18 за оценка на сообразност при ИСРМ;
- ТК 9 за системи за квалитет при ИСРМ;
- ТК 13 за безбедност на храна при ИСРМ и
- ТК за сертификациони тела при ИАРМ;

***8) учество на семинари/обуки од областа на стандардите за менаџмент системи: HACCP, HALAL, OHSAS 18001;***

***10) активно учество во процесот на континуирана проверка на Системот за управување со квалитет во Стопанската комора на Македонија, согласно ISO 9001:2008 од страна на BSI;***

***11) активно учество во континуирано одржување на Системот за управување со квалитет во Стопанската комора на Македонија, согласно ISO 9001:2008, со овластување за надлежност во соодветните релевантни активности.***

## ПОСТОЈАН ИЗБРАН СУД - АРБИТРАЖА

Во текот на 2013 година, Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија (во натамошниот текст: Арбитража), продолжи со активностите за унапредување на нејзината работа и промоција пред компаниите, заради што поголемо користење и согледување на конкретните придобивки од арбитражниот начин на решавање спорови наспроти решавањето на споровите пред редовните судови. Основна дејност на Арбитржата во 2013 година продолжи да биде ангажманот за брзо и ефикасно организирање и спроведување на поведените арбитражни постапки, при што се настојуваше да се подобри нивото на давање поддршка во спроведувањето на арбитражните постапки, а воедно континуирано се преземаа дејствија за подобрување на квалитетот и брзината на спроведување на постапките.

Во текот на 2013 година беа организирани повеќе активности за промоција на арбитражниот метод на решавање на споровите. Во таа насока, беа организирани повеќе состаноци и презентации за промоција на Арбитражата пред формите на организирање и работење во Комората, меѓу кои и членовите на Правната комисија на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија, пред компании од Здружението на енергетиката, црната и обоената металургија, Здружението на градежништвото, како и компании од регионалните комори со седиште во Струмица, Кочани, Берово, Штип и Кавадарци. На состаноците беше нагласено дека Арбитражата, доколку странките ја договорат нејзината надлежност, може да решава спорови за права за кои со закон не е пропишана исклучива надлежност на судовите на Република Македонија. Притоа беа потенцирани предностите на решавање на спорови пред Постојаниот избран суд – Арбитража.

Во 2013 година Постојаниот избран суд – Арбитража го подготви и изданието во кое се сместени нормативните акти на Арбитражата - Правилникот на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија (пречистен текст), Правилата за трошоците во постапката пред Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија (пречистен текст) и Одлуката за утврдување на листите на арбитри на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, на македонски и на англиски јазик, што се даваат бесплатно на сите кои се заинтересирани да дознаат нешто повеќе за Постојаниот избран суд – Арбитража.



## ЗА ПОКРОВИТЕЛИТЕ – Центар за покровители

**ТОЧНА, НАВРЕМЕНА, БРЗА, КВАЛИТЕТНА ИНФОРМАЦИЈА И УСЛУГА – КЛУЧ ЗА МОЌЕН БИЗНИС!**

Стопанската комора на Македонија, во напорите да го прошири асортиманот на услугите за своите членки, слично како и во другите комори со доброволно членство во развиените западноевропски земји, веќе неколку години го практикува проектот: ПОКРОВИТЕЛСТВО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА.

Целта на овој проект е понуда на членките, во пакет, повеќе видови на услуги кои би ги користеле континуирано во подолг временски период, а воедно, да се стави на располагање на заинтересираните членки расположивата кадровска и техничка инфраструктура на Комората за развој и унапредување на нивниот бизнис.

За таа цел, Стопанската комора на Македонија, одејќи во чекор со светските економски промени во текот на 2013 година, изврши проширување во квалитетот и во квантитетот на услугите содржани во покровителството, со цел амортизирање на негативните влијанија врз бизнисот.

Сето тоа резултираше со влез на нови компании во семејството покровители на Стопанската комора на Македонија кои го пронајдоа својот бизнис-интерес во активностите на Комората, насочени кон подобрување на климата во стопанството.

Според Програмата за 2013 година:

- зголемен е бројот на покровители;
- обновени се договорите со веќе постојните покровители;
- активиран е Проектот „Меѓусебна соработка меѓу покровителите преку размена на стоки и услуги по посебни услови“;
- зголемени се бенефициите и попустите во однос на комерцијалните услуги на Стопанската комора на Македонија кон покровителите;
- организирани се презентации, промоции и други настани во Комората во зависност од барањата и потребите на покровителите;
- склучен е договор за СТАНДАРД покровител со 1 нова компанија;
- склучени се договори за СИЛВЕР покровителство со 2 нови компании;
- продолжено е СТАНДАРД покровителство со „ЕВН Македонија“ за наредните 3 години;
- активирана е можноста договорите за покровителство да бидат склучени на повеќе години со попуст;
- организирани се поинтензивни заеднички работни средби на покровителите со раководството на Стопанската комора на Македонија;
- организирани се работни средби покровител со покровител на нивно барање;
- поврзување на компаниите-покровители и закажување работни средни со институции за решавање на одреден проблем од значење за нивниот бизнис;
- дадена е логистичка поддршка во организирање на повеќе промотивни настани (во организација на покровителите), за промоција, на барање на покровителите;
- остварени се поинтензивни контакти и работни средби и активности со покровителите од страна на администраторот за покровители при Стопанската комора на Македонија;
- целосно се исполнети точките од договорите за покровителство кон покровителите;
- редовно поставување на рекламен материјал на сите катови во Комората на сталажи наменети за покровителите;
- поставени се логоата на покровителите на рекламни табли на 1-ви кат, 3-ти кат, 3-ти кат - сала 3, 4-ти кат и на 5-ти кат - сала 4;
- објавени се логоата и доставени им се бесплатни примероци до сите покровители од изданието „Информатор“, со прописи од значење за бизнисот – 9 изданија;
- набавка на производи и услуги за потребите на Комората, со одлука исклучиво од компаниите-покровители;
- објавени се логоа, интервјуа и изјави на покровителите во „Бизнис Инфо“ – во 35 изданија;
- објавени се логоа, огласи на фирми од покровителите во „Бисnис огласник“ на Комората – во 40 изданија;
- редовна емисија на рекламни спотови, настани и логоата на покровителите на тв-екраните поставени на 1-ви и 5-ти кат и во лифтот во Комората;
- реализирана е традицијата за размена на новогодишни корпи со производи од покровителите – за покровителите;
- реализирани се активности и работни задачи за покровителите, кои не се внесени како услуги во договорите за покровителство, но се произлезени од тековното работење, на нивно барање;
- во текот на 2013 година уште 3 реномирани компании се приклучија во овој проект – Покровители на Стопанската комора на Македонија, и на крајот на годината вкупниот број на покровители на Стопанската комора на Македонија изнесува 31.

**Воедно, целосно се реализирани планираните финансиски и технички активности во работната програма за 2013 година на Центарот за покровители.**

# ПОКРОВИТЕЛИ
## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

### БРИЛИЈАНТЕН Покровител

Брилијант

### ПРЕМИУМ Покровители

FENI INDUSTRIES
GRANIT BUILDING & CONSTRUCTION
ALPHA BANK
VERO Супер за цел град
СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ членка на NBG групацијата
комерцијална банка ад скопје
ЕЛЕМ ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

### СТАНДАРД Покровители

vitaminka www.vitaminka.com.mk
АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
HALKBANK
EVN
ТИКВЕШ
EVROPA
РАДЕ КОНЧАР - ТЕП
Duna
EDS ENERGY DELIVERY SOLUTIONS
МАКПРОГРЕС
РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС
eurolink
OKTA

### СИЛВЕР Покровители

Swisslion
Cafe Pascalin
ALLIANCEOne
SOCOTAB Leaf tobacco